СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24.07. 1997 година

Скопје, јули 1997 година

**74-та СЕДИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 24. ЈУЛИ 1997 ГОД**.

Дискутанти :

1. АНДОВ СТОЈАН - 16, 114, 118, 139
2. АБДИ ФАИК - 21, 28
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 79, 80, 97
4. ДОКУЗОВСКИ КИРО - 30
5. ЗИБЕРИ НАСЕР - (мин. за труд) -67, 73 ,76, 77, 79, 81, 83, 84, 85, 88, 90, 91, 93, 95, 96, 98.
6. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 20, 22, 27, 135,
7. КАРОВ ЗВОНК0 - 28, 30, 154 152
8. МИНОВ ПАНЧО - 56, 77, 82, 85, 93.
9. МИТРЕВА ИЛИНКА - 17, 111, 113
10. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 32, 86, 88,90
11. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 61
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 ( води седница )
13. П0ПОВСКА ЗЛАТКА - 2,17,27
14. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 15, 73
15. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 34, 40, 143, 152
16. РУЖИН НАНО - 51, 142, 143
17. РАМАДАНИ ХИСЕН - 19
18. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 21
19. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 133, 135, 156
20. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 49
21. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 91
22. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 105
23. ФИТИ ТАКИ - 4, 8, 31,100, 106, 108, 109
24. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 121, 126 ( мин. за одн. со странст)
25. ЧАПОВ СЛАВЧО - 65, 82

Дневен ред : стр.13 и 14


ТОЧКА 1- стр.-32

ТОЧКА 2- стр.-98

ТОЧКА 3 - стр.102

ТОЧКА 4 - етр.103

ТОЧКА 5 –стр.103

ТОЧКА 6- стр.104

ТОЧКА 7- стр.-105

ТОЧКА 7-стр.-107-акцнзии

ТОЧКА -8 стр.112

ТОЧКА -9 стр. 155


- седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24.07.1997 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Дане Милошевски, Јордан Божиновски, Кирил Спасовски, Марјан Начевски, Игнатие Богдановски, Слободан Богдановски, Јован Србиновски, Милчо Трајков, Јане Ангеловски, Симеон Наумовски, Теодосие Паунов, Зоран Крстевски, Ратка Куљан-Зоографска, Љубисав Иванов и Иван Бојков, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот Судски совет.

Тука имаме претставник на Републичкиот судски совет.

Дозволете ми во Ваше и мое име да му го честитам роден- денот на пратеникот Илија Гоцевски и да му посакам добро здравје и успех во работата.

Владата на РМ ги повлече Предлогот на закон за стечај и Предлогот на закон за осигурување.

Претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот за избор на судии во основните судови да се одложи од оваа седница, поради потребата од дополнителни консултации во пратеничките групи.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Педесет и четири (54) пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Осум (8) пратеници се против?

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

1) Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка, да се донесе Законот за задолжување на РМ кај Европската Унија по Договорот за заем.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор г-ѓа Поповска, потпретседател на Владата.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Дозволете ми да дадам само неколку информации околу итноста на заемот.

Овој заем до 40 милиони еки веќе беше подржан на донаторската конференција. Првиот конкретен чекор се направи со доаѓањето на Европската мисија овде, преговорите со Европската мисија за неколку дена и се договоривме за условите кои треба да ги содржи овој договор

за заем. Меѓу тие услови, за нас е битно дека заемот е со грејс период до 10 години и отплата за наредните 15 години. Тоа е прво.

Второ, дека заемот треба да оди во две транши , првата транша е 25 милиони еки, а втората транша ќе биде до 40 милиони еки

Трето, дека двете транши треба да стигнат до 1997 година и дека нивната функција е пред се во платно -билансната поддршка и сигурно одржувањето на резервите, и

Четврто, значајно е што овој заем има многу поволна варијабилна камата, +0,5, а можеби и пониско, со можност да се измени каматата во фиксна, доколку условите ги оцениме за подобри со фиксна камата.

Мора да напоменам дека имаме ветување првата транша да стигне во септември, а втората транша три месеци после првата транша.

Исто така, морам да потенцирам дека услов за добивање на првата транша е враќањето на нашиот кредит, односно нашите финансиски обврски, измирување на нашите финансиски обврски кон Инвестиционата банка во износ од 27 милиони еки. Итноста е заради овие неколку елементи: Мора да се врати кредитот спрема Инвестиционата банка, што значи дека сакаме да го потврдиме нашиот кредибилитет пред финансиските институции.

Второ, реализацијата , процедурата и динамиката на првата и втората транша бараат работа и активност до крајот на јули од страна на Европската Унија, за што се претпоставува донесување на овој закон и второ, бараат активност и во текот на август и септември.

Затоа ве молам, немаме простор за одлагање, мора да потенцирам дека преговорите со амандманите што ги дадовме беа прифатени на 22 јули, донесена е одлука дека се уважуваат нашите барања, кои се составен дел на меморандумот и дека процедурата тече во Европската Унија. Се надевам дека месец август, кој е месец за одмор за Европската Унија, нема да го наруши редот во договорените чекори за реализација на овој заем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Кој е за предлогот на Владата, овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

Шеесет и еден (61) пратеник гласаше за.

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои^предлогот на Владата.

2) Владата на Република Македонија предлага на оваа седница итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на дел од обврските по одделни кредити на Стопанска банка-А.Д. - Скопје, и Југобанка, Југобанка- А.Д.-Скопје

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основна и неодложна потреба од донесување на овој закон.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа, почитувани пратеници, образложението што ќе го дадам се однесува не само за втората точка, туку за четирите точки, онака како што се наброени, истата суштина и логика е и, Ве молам да не давам исто образложение за секоја наредна точка за што станува збор.

Фактички, донекаде проблемите што треба да се регулираат со овие четири закони, што Владата предлага Собранието на РМ да ги донесе по итна постапка, се донекаде од техничка природа, меѓутоа, има и суштински работи што се врзани со овие закони. Пред малку слушнавте од потпретседателот на Владата г-ѓа Поповска дека дефинитивно со изнајдување на начин за регулирање на односите кон Европската инвестициона банка комплетно успеавме да ги регулираме односите со нашите доверители, и Светската банка, и Меѓународниот монетарен фонд, Европската инвестициона банка, Европската банка за обнова и развој, ЕУРО-ФИМА, Европскиот совет за економско- социјален развој итн. Сега е неопходно, кога веќе оваа постапка и технички е завршена, да обезбедиме евиденција на долгот, надворешниот долг на РМ за јавни кредити на едно место, односно и управувањето со самиот долг да го лоцираме на едно место. Вие знаете дека управувањето со долговите врзани за Париски и Лондонски клуб, се веќе лоцирани, во Агенцијата за санација на банките, меѓутоа, тоа не е направено со другите јавни кредити врз база на соодветни аранжмани со меѓународни финансиски институции. Со овие закони тоа го правиме и ќе ни се овозможи на едно место, во Агенцијата за санација на банки, да ги лоцираме долговите таа да управува со долгот, РМ презема обврска дека тие редовно и нормално ќе ги исплаќа, со тоа што основниот генерален принцип нив да ги исплаќа крајниот корисник, останува и понатаму.

Според тоа, на овој начин дефинитивно обезбедуваме евиденцијата да се лоцира на едно место, бидејќи сега едновремено е лоцирана и во Агенцијата за санација на банки и во Министерството за финансии и во Народната банка на РМ. Таа ќе биде лоцирана на едно место, од едно место ќе се управува со долгот и, повторно потенцирам, основниот принцип крајниот корисник дефинитивно да го враќа кредитот останува.

Заради тоа, ве молам овие закони да ги донесеме денес и дефинитивно да обезбедиме и подобро следење и подобро управување со дел од надворешно финансискиот долг на РМ, за кој има гаранција самата Република, гаранција и се третира на еден друг начин како јавен долг.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Владата, овој закон да се донесе по итна постапка, молам, да крене рака?

Шеесет и два (62) пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

3) Владата на РМ предлага на оваа седница , по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на гаранции по користени кредити од Европската и Инвестициона банка.

Предлогот на законот Ви е поделен, а го слушнавме образложението и за овој закон на министерот за финансии, г-дин Таки ФИТР.

Кој е за предлогот на Владата, овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

Педесет и шест (56) пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

4) Владата на РМ предлага на оваа седница, по итна постапка, да се донесе и законот за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во РМ.

Предлогот на законот, ви е поделен.

Го слушнавте и образложението на претставникот на Владата г-дин Таки Фити.

Кој е за предлогот на Владата, овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

Шеесет и еден (61) пратеник гласаше за.

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата

5) Владата на РМ предлага на оваа седница, по итна постапка, донесе законот за изменување и дополнување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународните финансиски организации.

Предлогот на законот Ви е поделен, а го слушнавте и образложението на министерот за финансии.

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

Шеесет и два пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата

6) Владата на РМ предлага на оваа седница, по итна постапка, да се донесе законот за изменување на Законот за акцизите.

Предлогот на законот, Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор, г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, знаете дека неодамна беше коригиран курсот на денарот во однос на германската марка и се разбира во една таква ситуација доаѓа до поскапување на сите инпути во процесот на производство што имаат потекло од странство односно претставуваат увозна компонента, според тоа, истата логика е и со нафтата и нафтените деривати. Во една таква ситуација, ако не дојде до корекција на цените, тогаш се става во извонредно тешка ситуација производителот, односно Рафинеријата ОКТА.

Од друга страна, почитувајќи го фактот дека евентуалното покачување на нафтата и дериватите на нафтата, ќе претставува особен товар за стопанството и може да предизвика сериозни негативни импликации во смисла на пораст на нивото на цените на производите и услугите во целото стопанство, а тоа значи отворање на инфлационата спирала и брзо потење на ефектите од девалвацијата, Владата на својата последна седница одлучи да не дојде до покачување на финалните цени на нафтата, туку едноставно да се зголеми само рафинериската цена на нафтата, за да се обезбедат позициите на ОКТА, да нема загуби во супстанца, за сметка на акцизите, а тоа значи дефакто намалување на акцизите во Буџетот, но со тоа ги задржуваме малопродажните цени на нафтата и нафтените деривати на иста основа.

Заради тоа, Ве молам овој закон денес да биде на дневен ред, да биде донесен од страна на Собранието, а кога ќе дојде законот можам да дадам пошироки информации за намалувањето на акцизите и за одразот, губењето на тие приходи врз Буџетот на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Владата, овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

Шеесет и шест (66) пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

7) Владата на РМ, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу РМ и Европската заедница, во областа на сообраќајот, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Едновремено сега сме информирани дека Комисијата за надворешна политика предлага Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка меѓу РМ и Европската заедница и во сферата на сообраќајот, овие два закони да се одложат од оваа седница и да бидат на дневниот ред за наредната седница на Собранието.

Мислам дека тоа го добивте, умножено е за сите пратеници.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака?

Четириесет и еден пратеник гласаше за.

Дали има некој против?

Шеснаесет пратеници се против.

I/10.-

Дали некој се воздржува од гласање?

Единаесет пратеници се воздржуваат од гласање.

Ве молам, кој вкупно пратеници се присутни во салата

(по пребројувањето на присутните пратеници)

Седумдесет и еден пратеник е присутен во салата. Констатирам дека предлогот е усвоен.

II/1.- РД/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

8) Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу РМ и Европската заедница со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Го имате мислењето на Комисијата за надворешна политика

Кој е за Предлогот на Владата, молам да крене рака?(54)

Дали има некој против? (16)

Кој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

ЗПК- предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот на автентично толкување на член 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Службен весник на РМ" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, и 32/97 година и барањето за давање автентично толкување на член 36 став 2 и на членовите 29 став 1 точка 7 и 46 став 1 од Законот за локална самоуправа "Службен весник на РМ" број 52/95, и 60/95 и член 6 став 1, точка 5 од Законот за градот Скопје "Службен весник на РМ" број 49/96 година.

Кој е за предлогот на ЗПК, молам да крене рака? (53)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

II/2.-

Владата на РМ достави Информација на Министерството за внатрешни работи за актуелните состојби во Гостивар и Тетово

Кој е за Предлогот Информацијата да биде разгледана на оваа седница, молам да крене рака? (75)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(не)

Констатирам дека Предлогот е усвоен,

Предлагачот на Законот Г-динот Звонко Каров го повлече Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународните финансиски организации, со Предлог на закон. Истовремено и пратеникот Александар Ивановски го повлече предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за затезната камата.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

3.-

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност;
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за уредување на односите во врска со отплата на користени кредити од меѓународни финансиски организации;
3. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската Унија по договорот за заем;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија;
6. Предлог на закон за преземање на дел од обврските по одделни кредити на Стопанска банка - акционерско друштво - Скопје и Југобанка - акционерско друштво - Скопје.
7. Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите,
8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка помеѓу Република Македонија и Европската Заедница со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Република Македонија и Европската Заедница во обласга на сообраќајот со Предлог на закон;
10. Предлог на закон за извршната постапка;
11. Предлог на закон за Јавното правобранителство;
12. Предлог на закон за комунални дејности;
13. Предлог на закон за енергетика;
14. Предлог на закон за шумите;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локална самоуправа, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за ратификација на билатералниот договор за консолидација на обврските за сервисирање на надворешниот долг на Македонската Влада кон холандските доверители со Предлог на закон;

4.-

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на конвенцијата за заштита на фонограмските продуценти од недозволено умножување на нивните фонограми, со Предлог на закон;

19. Предлог на закон за водите;

20. Информација на Министерството за внатрешни работи за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово,

21.0дземање на мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија Арбен Џафери;

22. Предлог за автентично толкување на член 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување "Службен весник на РМ" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96 и 32/97 година;

23. Барање за давање автентично толкување на членот 36, став 2 од Законот за локалната самоуправа, поднесен од градоначалникот на општина Гевгелија,

24. Барање за давање автентично толкување на членот 6 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје поднесен од градоначалникот на Град Скопје,

25. Барање за давање автентично толкување на членовите 29, став 1 точка 7 и 46 став 1 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од Советот на општината Велес;

26. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје II - Скопје;

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје.

II/5.-

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, драги колеги ние сега сме во постапка на утврдување на дневниот ред, на ,кој како 8 и 9 точка од дневниот ред влегоа спогодбите за соработка и за сообраќај со Европската Унија. Едновремено добивам и Допис од Комисијата за надворешна политика, како Комисијата гледа на проблемот за постапката на ратофолацока во овој Парламент.

Имам предвид неколку факти.

Прво, несомнено е дека на оваа седница најважната точка на дневниот ред очиклено е од политички и од државен карактер, точката за ратификација на спогодбата за соработка со ЕУ, и мислам дека е добро во рамките на досегашните утврдени начини на работа на Собрани- ето оваа точка заслужува да биде прва на дневен ред, а не 8-ма заради политичката сериозност и тежина што ја има самата по себе.

Второ, оваа точка на дневен ред, за нас пратениците како предмет дојде денеска, дури и материјалите ги добивме денеска тоа е сепак една сериозна материја која и по обемот на околу 200 страници ние не бевме во можност да ја прочитаме, а камо ли да ја проучиме. Исто така, имам впечаток дека ниедна пратеничка група и ниедна комисија во собранието оваа точка на дневен ред, или овие две точки на дневен ред не ги гледала и затоа сметам дека е добро да се изнајдеа дловничка можност, после утврденото гласање за ставање на дневен ред, расправата по овие две точки да не се одложува, кога веќе е ставена на дневен ред, со оглед на престојниот календар на работа на Собранието, ниту пак е добро да се остави во овој дневен ред, а да се гледа на некој термини во наредните месеци. Затоа предлагам претставник на Владата на РМ минимум во координација со координаторите на пратеничките групи кои

се овде да ја разгледаат можноста, сепак оваа точка да не биде со таков третман, како што претпоставувам дека заради важноста и значењето има потреба и на пратеничките групи координаторите да се изјаснат за оваа точка, за прифаќање, не прифаќање итн. и предлагам дека е можно да најдеме деловничка форма после утврденото гласање како оваа точка не би била така брзоплето ставен на дневен ред, особено имајќи го предвид фактот дека не постои пратеник кој во овој момент може да се изјасне врз основа на проучување на спогодбата која ја добивме денеска на утро.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека деловничка можност, практично не постои, ние гласавме таа точка да биде вклучена во дневниот ред. Сега треба повторно да гласаме да биде иземена од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин претседателе, мислам дека г-динот Никола Поповски покрена едно многу важно прашање. Тоа прашање е расправано на Комисијата и на Комисијата едногласно е заклучено овој став што е предложен од Комисијата овде и овде всушност, јас мислам дека без сакање се направи една грешка. А ова може да биде. Може да се исправи таа грешка на тој начин што после утврдувањето ан дневниот ред бидејќи мина точката сега, да се даде кратка пауза да се состанат координаторите на пратеничките трупи заедно со претставникот на Владата и претседател на Ком9исијата за надворешна политика да се договорат најблага форма е до оваа седница да ги повлече овие две точки, тоа ништо не значи лошо со точките на Владата, туку да се овозможи една сосема редовна нормална постапка на точките кој го

имаат тоа значење за кое овде г-динот Поповски зборуваше да бидат изложени и така да се примени и тоа. Така да, ако веќе барате деловничка можност, која е деловничката можност? Јас не предлагам, не е мое да предлагам, но ова е деловничка интервенција како да излеземе од една ситуација која не верувам некој да ја сака овде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира дека деловнички ние можеме да го дополнуваме дневниот ред, бидејќи за овие две точки ние гласавме при утврдувањето на дневниот ред. Како што исто така е деловнички дозволено Владата да може во секој момент да повлече некој свој предлог. Дури и во текот на расправата. Според тоа, во овој момент можеме да расправаме дали точката по предлогот на г-динот Поповски да биде прва, односно втора овие две точки , или имаат спремност од Владата овие две точки да ги повлече од дневниот ред од денешната седница.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Доколку се оцени дека треба додатни информации и консултации, ние сме спремни една кратка пауза да прифатиме и на соодветните собраниски тела да дадеме Информации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам, јас сакам да ви предложам деловничка интервенција г-да Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги,

Ставот на Комисијата да му предложи на Собранието овие две важни закони од како што наведуваме во нашиот Извештај - Основен карактер и особено значење пред се политичко, да се стават на првата

наредна седница на Собранието е мотивирано од повеќе причини:

Прво, Комисијата која што денес заседаваше во 9,30 часот и ги гледаше другите меѓународни договори, во отсуство се работи за претставник на Министерството за надворешни работи, заклучи дека во нејзината работа овие предлози на меѓународни договори треба да заземат посебно место. Тоа беше барем додека не настапи потпретседателот на Владата договорено со министерот за надворешни работи.

Јас предлагам да се направи пауза и да заседава Комисијата за надворешна политика во присуство на министерот на надворешни работи и да се договори за тоа како ќе биде судбината на дневниот ред мислам дали овие закони ќе останат или како што предлага Комисијата ќе се одложат за првата наредна седница.

Тоа е мојот предлог - благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам за точката да е на дневниот ред ние го гласавме и изгласавме. Јас сакам да ви предложам друго.

Бидејќи гласавме и точката ја вклучив во дневниот ред јас ви предлагам да одиме по овој редослед како што ви го предложив до 7-та точка после да дадеме пауза, Комисијата уште еднаш да заседава да има можност и пратеничките групи во меѓувреме и поопширно да го погледаат. А закон е закон дали за ратификација на Спогодбата, или за склучување на финансиски аранжман има исто така големо значење

Ако се согласувате да одиме,за овој предлог да не гласам! Деловничка интервенција на г-динот Хисен Рамадани:

II/9.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Сакав да предложам доколку Собранието цени дека поради меѓународните обврски и потреби некоја од точките да речеме Спогодбата за Европската заедница треба да дојде како прва или уште на некоја друга и вред, мислам дека тоа треба да се почитува.

Второ, во овој случај мислам дека оној наш редослед вообичаен прво законите, па после Информациите, има една специфичност. Ние имаме специфична на дневен ред информација со една специфична политичка тежина, и мислам дека е неопортуно да се понашаме како да е тоа една од прашањата која што еве процедурално ги расправаме во Собранието. Тоа е посебно прашање и на дикцијата на распра- вата треба на самиот дневен ред да му се даде посебно место. И јас предлагам да биде најдоцна, трета точка на дневен ред, а не 20 или 19 не се сеќавам која. Мислам дека е несериозен однос кон еден таков настан, кој во голем дел целата Република ја оптоварува, да се однесуваме како така нека биде последно прашање. Впрочем некој од нас пратениците има обврска на седницата да почне да учествува откако ќе почне расправа за таа точка на дневен ред.

Предлагам да биде трета точка на дневен ред Информацијата за настаните во Гостивар и Тетово.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас, навистина го почитувам овој предлог на господинот Хисен Рамадани, меѓутоа, како што знаете Информацијата сеуште не е дојдена до вас до пратениците.

Ние синоќа добивме, можеби е дојдена до поединци, пратениците ја немаат добиено. Ако е добиена, добиена е сега, веројатно, но таа има 12 страници. Од практични причини предложив, никој не ја проценува Информацијата, но еве јас предлогот на господин Хисен Рамадани го ставам на гласање. Имено, предлогот беше да биде трета точка, со тоа што господин Хисен Рамадани искажа и мислење, приоритетните закони, сепак, редоследот за приоритетните закони според овие меѓународни финансиски институции да имаат предност. А тие се заклучно со 9-та точка.

Дали прифаќате еден вака коригиран предлог, господине Рамадани? (Да)

Тогаш предлогот на господин Хисен Рамадани, точката Информација на Министерството за внатрешни работи за актуелните состојби во општината Гостивар и Тетово да биде точка 10.

Се јавува господин Коцевски за деловничка интервенција

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, можеби несакајќи мислам дека правите прекршување на деловникот. Најпрво треба да го усвоиме дневниот ред па после тоа можете да ставите на гласање каков ќе биде редоследот по точките. Мислам дека има други луѓе што ќе се јавуваат за измена и дополнување ан дневниот ред. Секогаш овие работи се ставале на крајот откако ќе се утврди дневниот ред тогаш се гласа за редоследот. Најпрвин да го усвоиме дневниот ред па после може да разговараме и да гласаме за редоследот на точките.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас отворив расправа по Предлогот за дополнување, дали има некој за дополнување на дневниот ред и вие се јавуваат по тоа.

Господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, исто така мислам дека од едно искуство што го имаме, а тоа е и деловнички мислам дека точката - Информација за настаните во Гостивар и во Тетово веќе е на дневен ред. Така рече претседателот и мислам дека тоа го знаеме сите. Пред да се утврди дневниот ред мислам дека не треба да се интервенира во делот за дополнување измени на дневниот ред, туку оваа интервенција доаѓа откога ќе завршиме со дополнување и измени во дневниот ред. Откога ќе заврши тоа, веројатно следи прашањето дали се согласуваме со редоследот на точките на дневниот ред. Тогаш накнадно ќе се интервенира за значајот односно редоследот на точките во дневниот ред. Мислам дека оваа сугестија треба да се прифати деловнички.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Таква одредба во деловникот не постои.

За збор се јави господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, и господа министри, разговараме за дневниот ред и тоа мене ми е сосема јасно господине претседателе.

Поранешниот републички фонд за неразвиени подрачја е трансформиран во Агенција за потпомагање на неразвиените општини и подрачја во Република Македонија. Донесовме закон за нова

територијална поделба на Република Македонија со 123 општини. Од Владата на Република Македонија односно од Агенцијата барам при крајот на оваа седница или на наредната седница да предложи врз база на познатите критериуми нов преглед за степенот на развиеноста на овие општини, при што Скопје да не се земе предвид како една општина односно развиена општина, но следните општите според своите критериуми, односно критериумите што ги имаат да се ослободат во својот степен на развиеност, со што сигурно мојата општина и другите општини кои воопшто не се развиени ќе добијат некои средства од овој поранешен фонд односно од Агенцијата за помогнување на развиените општини. Ете, се јавувам со ова за дополнување на дневниот ред на оваа или на есенската седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали претставник на Владата ќе одговори на овие прашања?

За наредната седница господине Абди. Ресорниот министер не е тука.

Господин Коцевски, деловнички, односно дополнување на дневниот ред.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, во името на Пратеничката група на Либерално-демократската партија барам дневниот ред за денешната седница да се дополни со две точки.

Прво, со точка на дневен ред Информација за активностите на Владата во врска со приватизацијата на Градскиот трговски центар-Скопје.

III/4.-

Второ, Информација за изградбата на Железничката пруга од Бељаковце со границата со Република Бугарија.

Се сеќавате пред три, односно две седници беа поставени овие барања за поднесување на информации при усвојување на тогашниот дневен ред на тие седници, претставникот на Владата прифати обврска Владата да изработи вакви информации и најави дека нивната изработка е во тек и побара тоа да биде вклучено во дневниот ред за следната седница. Еве веќе втора седница од тогаш, вакви информации не се доставени и од тие причини Пратеничката група на Либерално-демократската партија ги реактивира овие барање. Во прилог ги нудам следните образложенија.

Посебно во Информацијата за активностите на Владата во врска со приватизацијата на ГТЦ бараме да бидат дадени одговори на следните прашања. Ова од причини затоа што понекогаш се случува ние да побараме едно, а Владата да даде одговор односно Информација за сосема друга содржина. Затоа, се потрудивме точно да ги лоцираме прашањата на кои сметаме дека треба Владата да даде одговор во бараната информација.

Прво, дали причината за наводниот неуспех на приватизацијата на ГТЦ по пат на купување на акции лежи во ониската девидента од општите каматни стапки на орочените депозити.

Второ, дали покрај правната анализа од страна на експертскиот тим од Правниот факултет е направена и економска анализа и врз основа на кои економски показатели е дојдено до заклучокот дека за државата подобро решение е продажбата отколку приватизацијата по пат на акционерски вложувања.

III/5.-

Трето, врз основа на кои критериуми и параметри е извршена проценката за вредноста на ГТЦ од 192 милиони германски марки што е огромна вредност во споредба со проценките за вредноста на некои големи претпријатија во земјата и зошто просторот во делот каде што се гради светскиот бизнис центар е проценет на 1000 ДМ, кога сета вредност односно кога сега вредноста на сличниот или ист простор во истиот трговски центар се проценува до 7500 ДМ за метар квадратен.

Четврто, дали Владата има сознанија зошто пропадна приватизацијата на ГТЦ по пат на купување акции, иако за тоа водеше голема кампања во средствата за јавно информирање и дали со промената на одлуката за продажбата на ГТЦ не го издевалвира и омаловажи акционерството во нашата земја.

Петто, дали е можно да функционираат заедничките делови на објектот, како што се противпожарниот систем, водоснабдувањето, снабдувањето со електрична енергија, функционирањето на агрегатите и лифтовите, одржувањето на хигиената и другите тековни одржувања кога ќе се продадат дуќаните ако се има предвид фактот дека досегашните искуства со мини трговските центри биле негативни.

Шесто, дали Владата има предвид дека се работи за специфичен објект од метална конструкција р;ај .кои се потребни постојани испитувања, постојана негова заштита, затоа што евентуалното негово одржување би довело до хаварија на објектот со тешки и несогледливи последици.

Седмо дали Владата во сето ова го имаше предвид и фактот дека се врши сериозен удар врз и така малите странски вложувања во нашата земја и врз приватната иницијатива, затоа што сите фирми и сопственици во ГТЦ кои имале склучено договори со странски партнери

за испорака на стока сега ќе бидат принудени да ги прекинат. Во согласност со деловникот на Собранието на РМ бараме Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му ја достави горе-наведената информација со цел пратениците да бидат информирани што Владата презела и што имала намера да преземе во врска со продажбата на ГТЦ Скопје.

Второто образложение е во врска со барањето за поднесување информација за изградбата на железничката пруга од Бељаковце до границата со Република Бугарија ви го нудам следното образложение.

Во таа информација бараме да бидат дадени посебни одговори на следните прашања.

Врз основа на која студија е извршен изборот на трасата кон границата со Република Бугарија. Зошто сеуште не се знае точната пресметковна вредност на објектот, бидејќи истиот од почетните 120 милиони американски долари преку 226 во 1995 година според некои проценки сега достигнува вредност од околу 338,5 милиони долари и зошто сеуште не е затворена финансиската конструкција. Зошто не се знаеше и сеуште не се знае рокот за изградба и пушташе во употреба на пругата. Какво е мислењето на стручните лица ангажирани за стратегијата за развој на Македонија во делот за транспортот и комуникациите во РМ за оправданоста на овој проект. Зошто неоправдано се доцнеше при изработката на техничката документација, нејзината рецензија и ревизија поради што се случи три тунели да бидат пробиени без постоење на соодветна техничка документација. Зошто навреме не е изработена студијата за сеизмолошката заштита на објектите на пругата. Зошто не се утврдени причините поради кои изведувачите на работите на железничката пруга се избрани без јавна лицитација со доставување на понуди од заинтересираните фирми што е

во спротивност со законските прописи на конкуренцијата и пазарната економија. Зошто не беше утврден системот на контрола на изведбените работи што би гарантирало квалитет на извршената работа и успешно пуштање на пругата во употреба. Зошто не се утврдени причините за неутврдувањето на цената на чинење на работите долго од почетокот од подготвителните работи, поради што наплатите се вршени по пат на аконтација врз база на времен протокол со фаворизирање на одредени фирми. Зошто пробивањето и изградбата на тунелите е доверена на градежни фирми без соодветни кадровски и технички потенцијали, поради што како подизведувачи се ангажирани други странски фирми, иако имаше понуда од Владата на Сојузна Република Германија со учество на германски изведувачи. Зошто сеуште не може да се реализира одобрениот кредит од Владата на Сојузна Република Германија во вредност од 20 милиони американски долари за изградбата на пругата.

На крајот кои се причините поради кои се прекинати градежните работи и се врши конзервирање на железничката пруга наместо да се динамизираат активностите за нејзината изработка.

Барањето го доставуваме за да се утврди фактичката состојба во врска со преземените активности од страна на Владата и надлежните органи и служби во врска со изградбата на пругата затоа што 'пратениците во Собранието на РМ треба да бидат добро и редовно информирани, бидејќи постојат сите претпоставки овој проект како една од најнадежните инвестиции РМ да се претвори во политичка и промашена инвестиција активирана во еден тежок период од развојот на Македонија и најавувана како голем изборен маркетинг. Бидејќи претпоставуваме дека поради обемноста оваа седница ќе трае подолго време, молам за разбирање овие точки да се уврстат како последни на дневниот ред на денешната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставник на Владата да се произнесе по овие предлози на координаторот на пратеничката група на Либерално-демократ- ската партија.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Секоја обврска што ја прифатила Владата и ќе ја оствари Се работи за две информации кои се ногу сериозни и кои бараат навистина време да бидат обработени. Ветено е дека на една од наредните седници на Владата ќе биде поставена и првата и втората информација и тоа ќе го имате. После тоа може да се отвори дискусија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Коцевски дали го прифаќате образложението на Владата.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас мислам дека е ова по малку несериозно од страна на Владата на РМ. Едниот потпретседател пред две седници не убедуваше дека изработката на тие информации е во тек и дека ќе бидат доставени за следната седница. Сега друг потпретседател на Владата ни нуди сосема друго образложение. Јас мислам дека Владата мора да држи за својот дигнитет, како и да има респект кон овој пратенички состав во Собранието. И тоа едно што ќе биде кажано да се реализира, а не вака да живееме од некои ветувања, кои можеби ќе се реализираат некаде пред нова година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господин Коцевски, овие точки да се уврстат на денешната седница, молам да крене рака. .19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господинот потпретседател не беше внатре и не го чу моето барање ќе го повторам,заради тоа што така го разбра претседателот дека нема кој да одговори. Барав на денешната седница или на една од наредните седници односно на септемвриската седница Владата односно Агенцијата за потпомагање на недоволно развиените подрачја и општини да подготви нов материјал, бидејќи имаме 123 општини за степенот на развојот на општините за да може да се потпомогне развојот на неразвиените. И во Скопје да не бидат земени предвид сите седум општини како развиена општина град Скопје, туку секоја општина посебно со свои интензитет на развој да биде потпомогната.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Владата прифаќа за наредната седница да се подготви таква информација.

Дали уште некој пратеник сака да предложи дополнување на дневниот ред.

Се извинувам драги пратеници јас направив еден превид, господин Каров сака да дополни нешто "во •дневниот ред.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Јас се извинувам, меѓутоа поради актуелноста на прашањето кое што го барам морав да се јавам, обично практикувам да за одделна информација тоа го правам преку пратеничко прашање, меѓутоа најверојатно до почетокот на септември не ќе ја имаме таа можност па ќе го користам деловничкото право да тоа го направам преку едно барање

за информација доколку е можно тоа да биде на оваа седница ако не за првата наредна седница пак би повторил поради актуелноста на прашањето од местото од каде што ги застапувам граѓаните. Имено, општина Кавадарци има вкупно 6017 хектари под лозов насад од тие 1800 хектари во општествениот а 4215 во индивидуалниот сектор така да скоро и нема домаќинство да не располага со лозов насад чиј што приход за нив за еден дел претставува дополнителен приход, меѓутоа за поголем дел и основен приход на егзистенција. Бидејќи има уште два месеца пред официјалното отпочнување н а бербата со грозјето, граѓаните со радост меѓутоа и со загриженост ја очекуваат овогодишната берба околу самиот откуп иако најголемиот дел што се врши преку Агрокомбинатот "Тиквеш" како и во поглед на цената, начинот и времето на плаќањето на овогодишниот род. Затоа би побарал дополнување на денешната седница доколку е тоа можно ако не за наредната седница, кои активности се преземат или ќе се преземат во директната функција на овогодишниот откуп.

IV/1.-СЈ/МЛ

**ЗВОНКО КАРОВ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ние знаеме кои се надлежностите на Владата, меѓутоа, веројатно и денешните закони кои што ги предлагаме со Агенцијата за санација на банките како одоговлечување на делот на обврските на Агрокомбинатот "Тиквеш" кој директно би се јавувал кај откупот на грозјето, би повлијаело и би било содржина на самиот извештај што го бараме од Владата.

Ете тоа би била мојата интервенција, доколку е можно на оваа седница, доколку не е, на првата наредна седница во месец септември Собранието да расправа за откупот на грозјето во 1997 година

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставник на Владата да се произнесе по овој предлог .

Господин Докузовски, министер за земјоделие.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Радува констатацијата дека навистина очекуваме богат род, доколку не не задеси некоја елементарна непогода и доколку има заштита на виновата лоза, навистина ќе имаме богат род. Интересот засега е доста висок, што исто така радува меѓутоа јад прифаќам на наредната седница на Парламентот да дадам една информација за сите состојби во оваа област и слично.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го прифаќате образложението, господине Каров?

Благодарам.

Молам, кој е за предложениот дневен ред, да крене рака.

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Бидејќи имаше предлог на господин Хисен Рамадани, јас да ве потсетам само на деловничката одредба член 116 вели дека по усвојувањето на дневниот ред се преминува на претрес на одделните прашања според редот што е утврден со усвоениот дневен ред. Според тоа, прашањето за редоследот на точките е прашање на договор, односно на договор меѓу нас, а не деловничка обврска.

Јас ви предлагам да го прифатиме предлогот на господин Хисен Рамадани за информацијата за настаните во Гостивар и Тетово да биде десетта по ред. По исцрпувањето на овие точки за кои приоритет даде и господин Хисен Рамадани, како предлагач на ова.

Дали се согласувате?

Јас предлагам да не гласаме, ако има некој против, нека каже, бидејќи е прашање на договор.

Предлагам овој предлог да го прифатиме.

Благодарам.

Има збор господин Таки Фити, во врска со редоследот.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници, имам еден комплекс на прашања врзани за финансиската проблематика, тие се на самиот почеток, а негде 17, 18 точка е она што се однесува на репрограмирање на долгот на РМ кон Кралството Холандија.

IV/3.-

Ве молам да биде поместена пред законот за акцизи или после законот за акцизи, бидејќи тоа е во рамките на париски клуб, ние сме врзани со рокови и би било многу добро ако можеме утре да пратиме известување до холандската Влада дека денес е помината на седница. Ако не ви пречи, оти се плашам да не евентуално се помести за утре расправата и слично.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам да го прифатиме и овој предлог.

Благодарам.

Минуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог на закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор?

Има збор господин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, морам да кажам дека овој закон кој што сега, по однос на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност го разгледуваме, неколку работи се доста битни и кои што мора да се, би рекол, некако повторат.

Јас сепак очекував министерот прво да земе збор бидејќи кога расправавме по Предлогот за донесување на законот, тој рече дека би било подобро на почетокот тој да даде воведни напомени за да некои работи ни ги разјасни и затоа очекував прво тој да се јави.

IV/4.-

Сепак би кажал неколку свои размислувања по однос на овој закон кој што сметам дека навистина нуди едни квалитетни решенија по однос на прашања кои што досега не беа адекватно регулирани на промените кои што настанаа во амбиентот во нашата држава. Не би се задржувал конкретно на тие квалитетни решенија само би сакал да кажам две работи.

Прво, кога го разгледувавме Предлогот за донесување на овој закон од неколку мои колеги пратеници и од министерот бев така, препознатливо нападнат дека предлагам некои решенија кои што не се регулираат со овој закон. Имено, тогаш имав предложено три размислувања, три начина како да се предложи овој закон за разрешување на проблемот, на невработеноста во Република Македонија кои што се однесуваа на одредени даночни и други ослободувања во Република Македонија кои што исто така и мојата пратеничка група уште пред две години ги предлагаше по одредени институции и тогаш навистина бев нападнат дека не ја познавам доволно оваа проблематика и дека тие решенија не треба да се бараат во овој закон.

Јас морам да кажам сепак на мое задоволство мене ми е драго иако бев тогаш нападнат што во овој закон сега ги вградивте сите тие три предлози и решенија, што се виде дека решението е сепак во овој закон иако сепак до крај не е целосно разработено, така како што јас го предлагав, но сепак сметам дека е направен еден квалитетен чекор напред со тоа што се предлага за сите нови вработувања да бидат ослободени новите работодавци од плаќање на персонален данок. Иако тогаш предлагав посебно за делот кој се однесува за отворање на нови фирми, трговски друштва или физичко лице доколку отвори да биде ослободено од данок на добивка.

Се надевам дека Владата на Република Македонија и тоа ќе го прифати во еден нареден период, но сепак не би било лошо тоа што поскоро да се направи затоа што доколку ова ако го прифатевте пред две години ќе имавме веќе ефекти во овој период, а не сега како што се предлага. Тоа е по однос на првиот дел. Би рекол во целост го поддржувам по однос на овие решенија.

Второ што би сакал да кажам е следното. Имам и еден амандман поднесено кој потоа би го образложил, се однесува на член 71 по однос на времето за исплата на паричниот надоместок кој што лицата корисници на паричен надоместок би го користеле. Сепак сметам дека е добро уште од сега да се разгледа можноста да границата место 25 години до повторно вработување или пензионирање го имаат правото на користење на надоместок работниците кои што не по своја вина го изгубиле работното место таа да се помери на 20 години, но сепак за тоа ќе дискутирам кога ќе дојде амандманот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Никола Г. Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, почитувани министри денеска ја гледаме втората и согласно заклучокот на Парламентов последна фаза од Предлогот на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Овој закон заслужува особено внимание затоа што по мое длабоко уверување третира две многу специфични и важни проблематики. Тоа се работи битни за секоја држава, едно е што ја третира технологијата и техниката на вработување, меѓутоа пред тоа во

исто време го третира и пазарот на работната сила особено од аспект од неговата институционална поставеност, од аспект на неговото функционирање и од аспект на обезбедување на сретнување на понудата и побарувачката на самиот пазар, односно во овој случај преку институциите. Без разлика дали се тоа државни институции или се тоа понудувачите на работната сила, невработените или се тоа претпријатијата и други институции кои вработуваат. Од друга страна, исто така го третира и социјалниот аспект кој може и не мора во овој случај мислам дека не е спорно да биде и во еден закон процесот на осигурување, пред се социјално осигурување, материјално, финансиско и пензиско како сакаме да го кажеме на оние лица кои не по своја вина не по своја лична вина го губат статусот на вработени и стануваат невработени и на тој начин државата се обидува да ги штити.

По мое длабоко уверување сметам дека првиот дел од законот во делот кој го регулира вработувањето има соодветни недоследости кои треба да се отстранат во период на време, во овој предлог на закон, а додека вториот дел од законот во оваа поделба која јас ја правам и која мислам дека природно произлегува од самиот закон дури и од насловот, осигурувањето во случај на невработеност се дел од законот кои со соодветни амандмански, во зависност од определбата на пратениците, интервенции, заслужува внимание за да биде изгласан во вториот дел.

Поаѓајќи од определбите на Владата да понуди после неколку годишни измени и дополнувања на овој закон на нов закон и поаѓајќи од спремноста на Владата да инкорпорира во него стандарди кои важат надвор од нашата држава, меѓутоа и во нашата држава и кои пред се се систематизирани во конвенции, договори и практика меѓународната

организација на трудот, сепак сум должен да кажам свое мислење со неколку механизми и институти или институции содржани во законот.

Прво сметам дека законот во еден дел применува, без разлика дали можеме за него да најдеме оправдување или соодветна примена во некои од земјите кои членуваат во ИЛО, не до крај јасна и можеби поблаго кажано несоодветна терминологија на законски институции или институти во неколку членови и мислам дека еден од тие примери е Главата II која е насловена Размена на трудот и која филозофија на размена на трудот се провлекува во петнаесетина членови од законот. Би сакал да укажам дека ваквата терминологија е несоодветна и дека треба да се напушти особено од самиот закон не произлегува дека трудот се разменува во институциите содржани во законот, односно тој се нуди, се побарува, меѓутоа делот од законот кој третира услуги од размена на трудот за работодавците, на пример, за мене е многу спорен институт затоа што размената на трудот од страна на работодавците законот го третира како институт на купување на трудот или на работната сила и ако денес во нашиот систем работната сила како и сите други стоки се купува, сметам дека не може да стане збор за размена на трудот помеѓу оние кои го купуваат и оние кои го нудат на пазарот на трудот утврден со овој' закон.

Затоа сметам дека таа глава институтите ги наведува дури и терминолошки треба да се напушти, дури мислам дека некои од членовите на законот се нудат и законски иако ставени во заграда, тоа се сепак законски обврски и законски институти кои се вметнуваат во овој закон, на пример во член 17 се говори дека ќе се организираат по законот саеми на работната сила. Мислам дека ова е можеби еден типичен пример на едно по мене како можеби има пракса во светот што

не ја негираме, меѓутоа да се стави законски институт саем на работната сила, мислам дека до таа мера го обезвреднува трудот или работната сила да почнуваме да го поистоветуваме во законот заедно со саеми каде што се нудат стоки, услуги, технологија и тн. и мислам дека работната сила не заслужува да биде законски третирана на таков начин за да може исто така да се организираат саеми, затоа што мислам дека е вулгаризирање на односите во овој домен кој едноставно нема потреба да се воведува и во законот.

По мое лично убедување, исто така мислам дека и структурата на самиот закон и формално и суштински оди во насока да прави еден несоодветен однос, односно несклад помеѓу институциите понуда и институтите побарувачка на работна сила, со тоа што институтот побарувачка, односно во овој закон работодавците кои на пазарот настапуваат како побарувачи на работна сила имаат далеку поголеми не да речам привилегии, туку имаат далеку поголемо внимание посветено на законот, тие се преферирани и нивното право се издига над правото на оние кои ја нудат работната сила, односно невработените и мислам дека не само формално каде што сите институти се претходно институтите на работодавците, формално и суштински прави несоодветен однос помеѓу настапот на пазарот од двете страни, особено и поради фактот што произлегува  и Од образложението во кое е за мене спорна реченицата во која вика усогласување на законот на законска- та регулатива на овој закон со мерките на макроекономската политика, мислам дека можеби е подобро Собранието и Владата да размислуваат во обратни насоки. Прво да устоличат систем, особено систем на пазарна работна сила каде што овој закон го институционализираме на некој начин и после да се води макроекономската политика отколку системот, институтот пазарна работна сила да се инструментализира како мерка на макроекономската политика

IV/9.-

Мислам дека во конкретната статија со Македонија каде што понудата и побарувачката на работната сила се во еден долгорочен стабилен несклад, едноставно ваквиот закон и од аспект на макро-економската политика не го поддржува како можност за решение затоа што само ја продлабочува, ја преферира побарувачката на работната сила во законот низ институциите што ќе створи по мое длабоко уверување уште поголем несклад помеѓу побарувачката и понудата на работната сила на страна на побарувачката ќе биде преферирана иако таа во овој момент, од податоците, дека имаме некаде 2 00 два триесет илјади невработени и околу 420 илјади вработени, односно статистички една непопуларна бројка од над 32-3% на невработеност. Тоа јасно до каде е стигнат дебалансот на пазарот на работната сила во Македонија кој го уредуваме и со овој закон.

Исто така мислам дека во тој дел законот пати и од институти кои во праксата се апсолутно неспроведливи и кои ќе ги оптоварат институциите кои се задолжени за нивно остварување, а се надевам, само еден пример, ги има повеќе, на пример членот 2 4 зборува дека Заводот, се мисли Заводот за вработување кој е основач на овој закон го третира, иако е тој и со претходните закони основан за сите ученици со завршено основно и средно образование кои по мои сознанија се движат некаде околу 25 илјади на пример еден член, вели, ќе цитирам: "Заводот по извршеното индивидуално советување, значи со 25 илјади ученици со секого врши индивидуално советување и тестирање за избор на занимање врз основа на посебните квалитети, знаења, интереси и наклоности на ученикот му препорачува избор на најсоодветен вид на занимање. Мислам дека е тоа еден палијативен институт кој ние никогаш не можеме да го спроведеме и мислам дека е непотребен во законот.

IV/10.-

Исто така по мое убедување иако претпоставувам дека тука ќе има разлики, сметам дека законот избрзува со воведувањето на институцијата. Агенција за посредување за вработување, ко]а по законот може да основа физичко и право лице, значи со оглед дека државата основа свој завод, ова е претпоставка дека ќе бидат приватни институции, мислам дека е избрзано од следниве причини.

Прво, во наши услови понудата и побарувачката на работната сила, веќе кажав, има таков сериозен дебаланс да интервенција со пазарни механизми за конкуренција на пазарот помеѓу институциите кои посредуваат во вработувањето, покрај државниот завод нема да придонесе за надминување на ситуацијата, од една страна.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ :** (Продолжение)

Втора страна тие институции со оглед на досегашната пракса не само по овој, туку и по други закони, не само од оваа област, општо за сите закони мислам дека ќе можат да внесат можности за шпекулација со понудата и побарувачката на работната сила во процесот на посредувањето. И она што мислам дека е најважното, а тоа е дека од законот не произлегува барем за мене уверување дека институтот Агенција за посредување за вработувањето во земјата со наплата, цитирам член од законот кој ја воведува кој ќе придонесе пазарот на работната сила поефикасно да се регулира во нашето општество, затоа што регулацијата е невозможна со такви конкурентски мерки на институциите особено кога имаме страшен дебаланс. Едноставно регулацијата мора да се одвива на друг начин. Исто така, сметам дека законот во десетина свои членови од 33 до 42 промовира по мое убедување недоволно искристализирани дејствија за регулација на пазарот на работна сила, особено со воведувањето на термините пребарување по досиејата на невработените и селекција.

Прво мислам дека таквата регулација на таквата регулатива и доколку ова Собрание ја прифати да постои најскладно би било да биде сопствен дел на технологијата на работа на Заводот. Тоа да се уреди со подазконски акти со Статут, или со акти на Заводот, а не со законот. Второ, сметам дека таквиот начин на регулација, ќе објаснам и подоцна нешто за таа работа е во спротивност со уставната определба за слобода за избор на вработувањето и занимањето. Во рамки на тоа исто така сметам сериозно и мислам дека тука Собранието би направило сериозна грешка доколку го усвои концептот на законот кој е спроведен во повеќе од 20, 30 членови во овој прв дел кај што е законот за вработување со прифаќањето на концепцијата кое по мое длабоко уверување преставува ограничување на слободата за избор на работата

и работното место во нашата држава која е спротивна со уставната определба за слобода на избор на работата. Со оглед дека оваа квалификација ја кажав како суштинска, јас ќе дозволите да цитирам само делови каде што мислам дека ова се спроведува од страна на законот. Исто така, поаѓам од претпоставката дека законите ги носиме покрај тоа да ги уредиме односите и да ги ограничиме државните органи од апсолутна власт. Под државни органи сметам Влада и други извршни органи и ова Собрание. На пример член 53 вели: Невработено лице и кажува кој е се е и она кој и активно барал работа во последните два месеци. И потоа под активно барање на работа наведува дека треба да достави доказ дека се пријавувало на огласи кај работодавец, или во Завод. Дозволете дека ние со ова секое невработено лице го присилуваме спротивно на неговата желба за избор на работното место еднаш во два месеци задолжително да се пријави на конкурс па макар и по негова оценка дека таков конкурс е несоодветен. Јас би дал пример. Еве ќе земам од мојата струка. Ако е некој економист кој сака да работи во банка и тоа е негово уставно право да има слобода да избере да работи во банка, или ако не најде работа да биде невработен, се разбира во тој период. Меѓутоа, ако го присилиме во рок од два месеци задолжително да бара работа, а нема такви конкурси тој само за да го задржи статусот на невработено лице дефинирано во овој закон ќе мора да се пријавува и на конкурси што не се во склад со неговата слобода за избор на работното место. Верувам дека ова не е вулгаризирање, туку е навлегување во институти кои делуваат и како уставно ограничување и како суштинска слобода на изборот на работното место.

Исто така по овој член невработениот покрај тоа што не може да избира слободно работно место, исто така не може да избира ни

слободно работодавец. Под услов и да има можности за негово конкурирање во соодветни работни места, тој едноставно по Уставот и по сите норми и конвенции тој е во состојба да има слобода да избере работодавец и да оцени сам дали кај некој работодавец сака да се пријави или не. Иако во образложението стои: меѓународни стандарди на ИЛО за оваа позиција, јас сметам дека таа не е во духот на слободите и економски и политички и социјални кои ги гради РМ и мислам исто така дека има сериозни проблем! со уставните ограничувања за ова Собрание. Тоа исто дискретно е опишано како што го кажав сега во член 53, се случува и во член 54 каде што вели дека невработеното лице нема да се смета, односно ќе го изгуби статусот на невработен, лице кое не прифаќа обука, преквалификација или доквалификација на која ќе го упати Заводот. Значи спротивно на својата волја ќе може да биде некој преквалификуван, доквалификуван за да го задржи' статусот на невработено лице. И понатаму законот оди уште , или одбие да се јави, или одбие да заснова работен однос кај работодавец кај кој го упатил Заводот. Што значи дека по сила на овој закон ќе престане статусот на невработено лице кај кое Заводот ќе определи работа и работодавец, две права кои по Уставот му ги гарантираме дека може сам да ги избере, или да избере да остане невработен. Меѓутоа таа одлука не можеме да ја носиме ние со закон и тоа право да го дадеме на Заводот. Таа одлука по мое длабоко уверување треба да остане во доменот на личното право на понудувачот на работната сила.

Член 57, да не одиме понатаму исто така на директен начин го регулира овој проблем. Исто така јас мислам дека овој закон и поаѓајќи од стандардите на ИЛО прилагодени, или не прилагодени доволно на нашата на нашето законодавство од други сфери не прави добро дефинирање на институцијата невработен. Нашиот закон дефинира што

значи невработено лице во член 54 на пример. И во член 53 зборував дека невработено лице го смета само она кое активно барало работа во последниве два месеци и кои се можните последици од тоа. А член 54 утврдува дека основач на трговско друштво, претпријатие и друго правно лице. Само да потсетам дека точна по законот за трговските друштва во наши услови сопственик може да биде и сосопствени, или може да биде делумно сопственик на трговско друштво и да биде сооснивач, или кооснивач, како се вика институцијата. Што значи дека ако некој е сопственик на трговско друштво и по тој основ не може да биде невработен дава право на оној кој ќе го спроведува законот да го толкува дека е сопственик на удел да речеме од иљада денари во едно претпријатие на акција од иљада денари го прави сопственик , или сосопственик на тоа претпријатие, односно трговско друштво или друго правно лице и врз основа на тоа го губи статусот на невработено лице со сите економски и социјални проблеми кои произлегуваат од ваквото дефинирање. Исто така не го дефинира основач на трговско друштво, претпријатие и друго правно лице, а основач по законот за трговски друштва може да биде и еден од сто, исто така со мал удел. Што значи дека прифаќајќи го институтот дека невработенине може да биде сопственик, или оснивач, сметам дкеа законот треба да направи многу сериозен напор да го додефинира што е тоа оснивач, што е тоа сооснивач, што е сопственик и што е сосопственик, затоа што не утврдува квантификации, утврдува само квалификатив. Во нашиот закон сопственик е и оној кој поседува стопроцентна сопственост на правно лице и оној кој поседува еден промил сопственост на правно лице, сопственик, сосопственик и т.н.

Сметам дека овој институт треба да доживее дообјаснување во законот во насока на ова што сега го разговарав.

V/5.-

Исто така, во член 59 вели: евиденцијата на невработено лице престанува да се води ако лицето основа трговско друштво, претпријатие Значи истиот проблем дека евиденцијата не може да престане ако се јави како сооснивач со удели кои се занемарливи илјада денари, еден денар и т.н., зависно од актите на претпријатието.

Исто така, сметам дека институтот активно бара работа кој на пример во член 56 се дава како дискреционо право врз основа на овој закон да го уредува Заводот треба да биде предмет на уредување на закон односно да не биде во ситуација Заводот да е тој кој ќе оцени по став 2 дека невработено лице кое нема да ја исполни обврската од став 1 на овој член во рок од 30 дена покрај губење на социјалните права до невработеноста за кои се сложувам дека треба да ги изгуби. Значи не може некој ако е упатен на работа да ја одбие и понатаму да добива издршка за невработеност. Меѓутоа, не можеме по тој основ да го бришеме од евиденцијата за невработеност заради тоа што тој има правна слобода на избор на своето работно место каде тој сака да конкурира. Што значи дека тие два институти мора да ги раздвои законот, дека правото на губење , односно можноста на губење на социјалната издршка, или овде се вели во законот тоа осигурување во случај на невработеност не го третираме и не треба да го третираме еднакво со правото на евиденција од невработеност. Сметам дека тоа исто така во неколку членови на законот треба да се разработи и да се дефинира активно бара работа како институт во неколку наврати за неколку категории на лица, лица кои се невработени, лица кои се невработени, а добиваат паричен надоместок и така натака.

Исто така сметам дека во овој закон член 53 и 53 во оваа насока во која што сега зборував треба да се ускладат и да се редефенираат

V/6.-

особено на пример член 58  упатува на еден за мене интересен исто институт: невработено лице е должно да се јавува во Заводот на секој 6 месеци што мислам дека не е спорно и да го извести Заводот аз активностите што ги превзема во барање работа. Не ми е јасно што подразбира институтот: извести. Веројатно ќе треба да извести некој службеник во Заводот усмено, или писмено со приложување на докази , или по пат на вербална комуникација дека јас барав во изминативе 6 месеци работа, немојте да ме бришете од евиденцијата. А како оцени службеникот врз основа на вербално изјаснување, или врз основ ана документација дека тоа не е така, може да го избрише од евиденцијата. Таквите бришења од евиденцијата за мене се општо во законот спорни. И ако веќе постојат како институти склон сум законодавниот дом многу прецизно да ги дефинира и да пати законот од пренормираност отколку да дозволиме да биде подномиран, односно со подзаконски акти Владата, Статусот, или актите на Фондот, управниот одбора и директорот кои ги носат да бидат предмет на регулација врз основа на кое ќе се јавуваат овие институти во примена. Дури ќе имам слобода макар и на шега да кажам дека по мое длабоко уверување неколку институти кои се тука воведени како активно бара работа, не како што ИЛО меѓународната организација на трудот го поистоветува и го применува институтот активно бара работа, туку како што овој закон по мое уверување го толкува тоа право. И според тоа како овој закон го толкува институтот упатување на јавни работи, или како се вели по законот. Мислам дека тие два можат во праксата тие два институти да се применат врз основа на овој закон јас не зборувам за политиката на оваа Влада, зборувам за закон кој треба да се спроведува од институции, оваа, идна, трета, четврта , Парламент, Влада и Завод дека можат да доведат до една орвеловска ситуација во која избраните органи ќе имаат точна контрола врз основа на своето убедување како ќе ги толкуваат институтите упатување на јавни работи, или активно барање работа и

врз основа на тоа да ја креираат структурата на невработеноста во државата. Односно јас од законот на пример, можеби грешам јас би сакал многу да грешам , размислував и за една конкретна ситуации. Што значи овој закон во овој момент ако органите за спроведување на законот решат заради пожарите во гевгелиско да упатат едно 50 иљади луѓе од оние кои се на евиденцијата на гасење на пожари и да ги вработат преку некое јавно претпријатие , да речеме со фонд од државата за борба против пожари. Секој кој ќе одбие биде избришан од евиденцијата по мое убедување. Како што е законот напишан , би сакал да го читам погрешно и тоа значи дека државата нема ограничување врз основа на овој закон да посегне кон масовно бришење од списокот на евиденцијата на невработените и каде што треба и каде што не треба. Се разбира дека повторувам заради опасноста е погрешно разбирање дека не го поистоветувам со губењето на правото на осигурување во случај на невработеност, значи да се губат социјалните права врз основа на неприфаќање на јавна работа е едно, меѓутоа бришење од евиденцијата за две години е сосема друг институт кој навлегува во слободат ана изборот. И мислам дека и за тоа исто така треба да разговараме.

За разлика од ова што досега го говорев во вториот дел од законот мислам дека е дел два каде што се третира осигурувањето мислам дека законот со соодветни амандмани треба да се корегира и да се при- фати, односно решението да се прифатат.

И ќе наведам конкретно со оглед дека се јавив што мислам во оваа насока дека треба да трпи промена. На пример член 69 каде што третира институт пресметување на , се работи за осигурувањето, врз основа на плата која работникот би ја добивал ако би бил на работа,во случај кога не добива плата. Мислам дека е еден спорен институт.

Формалните~пресметки пода се основа за исплаќање на осигурувањето во случај на невработеност од страна на државните фондови во овој случај Заводот аз вработување. Мислам дека тука по нашите закони има целосно право да ги утврдува висините и пропорциите на распределба. Да не говориме за специјални случаи на ограничување како сега што се замрзнување. Законот е за пошироки временски и конкретни ситуации.

Исто така сметам дека во член 71 ставот 3 е за разлика од се досега што зборував, што мислев дека е многу рестриктивно кон однос на оние кои се на страната на понудата на работната сила, а е во корист на работодавците. Овој пат сметам дека член 71 став 3 иако тука имаше и спротивни мислења ,прави преголем компромис на другата страна,односно можноста да се стекне право до пензионирање на осигурување со сите права од осигурувањата, пензиско, здравствено и т.н. само врз основа на 25 години работен стаж до 40-тата колку што е по нашиот закон максимумот на работен стаж, мислам дека е преголемо право. Ова е единственото место каде што мислам дека законот има поинаков вид на компромис, можеби и политички. Меѓутоа сметам дека е институција за која треба постапно да размислуваме, да се ограничува со динамика надолна во наредниве неколку години.

Во член 77: одбие работно ангажирање за вршење на јавни работи и целата глава во врска 6 со јавни работи член 83 и 85 за мене се спорни.

И на крајот во врска со законот за мене член 98 е недоволно јасен. И мислам дека е потребно образложение од министерот што подразбира членот 98, затоа што јас читајќи го во неколку наврати дојдов до

сознание дека може да се толкува на начин и еден и друг и трет. Што значи дека ако кај мене предизвикува такво чувство или е потребно додефинирање или е потребно да се најде механизам како ние ќе го толкуваме тој закон евентуално со интервенции за толкување. Тука ќе завршам со она што го мислам по законот и соодветно на искажаното констатирам дека Предлогот на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност содржи два големи дела. Едниот е делот за вработувањето со кој имам сериозни разлики за тоа што е напишано од причините кои ги говорев и сметам дека не би требало законодавниот дом да го усвои таквиот закон. А делот за осигурување во случај на невработеност амандмански би можел да се исправи и да се усвои. Меѓутоа со оглед дека ова е еден закон за кој сметам дека има уште да се разговара и дефинира една многу сериозна област од нашиот систем, предлагам Собранието на денешната седница Предлогот на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност да го разгледа како нацрт закон и да г усвои и да дојдеме уште во една фаза во расправа пред парламентот, или исто така предлагам претставникот на Владата г-динот министер Насер Зибери во својство на претставник на Владата да не извести да работиме по нацрт на законот како не би се случило да усвоиме закон. Јас се извинувам дека не интервенирав и немам предложено ниеден амандман само заради проблемот се мислам дека од концептот за кој сега зборував би произлегле едно 70-тина амандмани и мислам дека подоброто решение е кое јас го предлагам до г-дата пратеници е да овој закон не го усвоиме и да го разгледаме како Предлог на закон, а да го усвоиме како Нацрт на закон и уште еднаш да се вратиме во расправа тогаш кога Владата ќе го достави.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ги уредува правата на работниците, работодавците, и нивните обврски спрема вработените потоа се регулираат правата и обврските на државата пред работниците и се што е во врска со вработувањето. Посебно внимание се посветува на осигурувањето на работникот во случај на невработеност не по своја вина. Моето укажување е токму во овој дел.

И досегашната пракса покажа на неедослесноста, или така да речам на достате шпекулации што со овој закон сега се тежи да се исправи односно да се донесат поправични решенија, како на пример каде што се зема просекот преку цела година т.е. просек од 12 месеци. Значи се спречува последните месеци да не се, така да речам дуваат платите односно зголемуваат и тоа да влегува во просекот понатаму.

Единствена моја забелешка , претходно се консултирав со претпријатијата со слична дејност т.е. рударска дејност е на поглавјето три - висина на паричен надомест и тоа во членот 68 каде се регулира паричниот надоместок за лица кои имаат право на надоместок подолго од 12 месеци. Знаете дека порано беше 50% а сега се предлага 40 %. Забелешката е во следното.

Вработените кои имаат бенифициран стаж т.е лица чии работни места на кои стажот на осигурување се смета на зголемено траење не треба да имаат ист третман како и истите работници заради тоа што условите за работа се потешки односно државата определила овие работни места да имаат посебен третман. Претпријатијата во овој стаж дебело и редовно го плаќаат. Јас знам за САСА, сигурно и другите рудници, прво го подмируваат овој фонд а за другото ако престане.

VI/2

Работниот век на пример за рударите кои имаат стаж шест месеци за една година или одомаќена 12 со 18 месеци изнесува 26 го- дини и осум месеци наспротив останатите 40 години кај другите. За овој период за истиот редовно му се уплатува придонесот на пензиско и инвалидско осигурување и тоа зголемено зависно од коефициентот. Логично при искористувањето на овие средства да имаат поинаков третман.

Анализите покажуваат дека корисниците на овој фонд со бенефициран стаж особено кај рударите 10% се редовни пензионери додека 90% се инвалидски пензионери. Систематските прегледи кои се со закон за рударството обавезни еднаш во годината укажуваат на состојбата со здравјето на вработените и најчесто констатациите се дека се со на- рушено здравје. Што значи се работи за различна категорија на работници.

Ако го имаме предвид напредокот на техниката, на технологијата во претпријатијата каде бројот на вработените е повеќе неквалификувана работна рака, а во рудниците е така тогаш токму овие работници остануваат технолошки вишок се разбира не по своја вина, туку заради тоа што процесот тоа го бара и каква ќе биде понатаму нивната судбина односно иднина.

Прво, тие работници се со нарушено здравје.

Второ, неквалификувани работници кои не можат да се носат со современите процеси на техниката и технологијата а досега и тоа како биле потребни.

Трето, нема шанса да се бават со приватен бизнис.

Четврто, немаат никаква можност за повторно вработување.

За трудовите инвалиди исто така тие не се третирани со овој закон, но информиран сум дека е во изготвување и апелирам да се донесе што поскоро.

третманот за оваа категорија на работници во овој дом досега не беа прифаќани. Се надевам дека овие укажувања се доволно образложение амандманот што го поднесов ка членот 68 во Предлогот на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност вие пратениците ќе го прифатите. Многу е разбирлив, по мене исправен и зафаќа многу мал број работници кои работат односно работеле по изразито тешки услови и затоа се и бенифицирани со убедување дека некој има потреба за повторно образложение во амандманската расправа, однапред благодарам.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа,, министри,

За разлика од една хуманистичка визија која што ја видовме во излагањето на мојот колега Никола Поповски јас имам еден реалистички пристап, немам намера да го фалам законот, бидејќи се оперира со некои термини кои и мене не ми се јасни на пример, "услуги од размената на трудот на работодавците од страна на Заводот се состојат особено во ..." Но сепак поаѓаме од тоа дека ниту еден закон не е совршен и веројатно оние што се позајмиле со некоја идеја или погрешно го превеле или направиле некој превид со оваа реченица, но сепак во суштина се работи за еден мошне квалитетен закон.

Овој закон нуди концепција за улогата на државата во битката против невработеноста. Тоа е закон типично од доменот на социјалната политика. Тој всушност настојува да го стимулира вработувањето. Пред се го стимулира работодавецот, настојува да воспостави еден минимум социјална сигурност меѓу невработените и конечно врши промоција на државата во доменот на вработувањето. Она што го викаме социјална држава која што исто така ја среќаваме и во нашиот Устав, без да се пореметат економските законитости односно државата да вработува

административно. Вие сите знаете дека од минатиот систем ние имавме едно многу болно искуство, кое што можеби во услови на самоуправувањето и комунизмот носеше одредени моментални ефекти кога по десет петнаесет, дваесет луѓе се вработуваа во разни фабрики. На пример заболекари во институција каде воопшто нема заболекари или друг вид на социјалисти во разни институции кои што немаат врска со понудата и побарувачката на пазарот на трудот, меѓутоа така функционираше за да се избегне некоја социјална пензија односно невработување. Токму поради овој негативен фитбег од минатото веројатно и Владата и Министерството долго време не се обидуваа да навлезат во овој домен. Практично Министерството за труд и социјална политика само евидентираше без да преземе некоја посериозна акција во доменот на вработувањето, сметајќи можеби погрешно, оправдано во почетокот дека тоа е еден домен каде што во новосоздадените услови државата нема што да бара. Меѓутоа гледате со текот на времето проблемот на невработеноста стана еден мошне значаен социјален проблем и на тој начин сите ние сме принудени, а пред се Министерството за труд и социјална политика и Владата на РМ да размислува околу давањето на еднакви шанси за сите невработени, рамноправно да се соочат со предизвиците на пазарното стопанство. Јас со согласувам во г-динот Поповски кога вели дека има доста неправилности и дека Законот понекогаш оди против интересите на невработените и дека премногу се истакнува улогата на работодавецот, меѓутоа познато е дека во сите држави со пазарно стопанство тоа е реалноста. Тоа не е една малтусова опција на која што одеше до едно крајна себичност и нечувствителност на државата во овој домен која целосно го запоставуваше проблемот на невработеноста, туку напротив настојува државата да добие едно поголемо значење во овој домен потпирајќи се како врз оној кој што ризикува, оној кој што има пари, кој

што е спремен да финансира и кој што отвара нови работни места, а тој е работодавецот. Изгледа сеуште свеста кај нас за новиот економски систем слабо продира и затоа денеска не случајно се соочуваме со бројни штрајкови токму во простори каде што работодавците настојуваат да создадат нешто ново.

Се зборува за преквалификација по пат на образование.

Зошто преквалификација?

Затоа што кога ќе дојдете на пазарот на трудот работодавецот бара соодветен стручен кадар, кадар кој што е во можност да одговори на потребите на новите барања на пазарот. Секако дека еден работодавец приватник секогаш ќе бара на пример ако се работи за еден млад невработен, тој невработен да биде оспособен да работи со компјутери да знае јазици и друг вид способност. Значи да биде преквалификуван или доквалификуван од страна на некоја институција, а таа институција е токму државата. Тоа во западноевропската социјална школа се вика концепција на еднаквост на шанси односно не се оди кон пореметување на економските законитости на пазарот, значи економските законитости на пазарот не се искривуваат да некој од оние што доаѓаат на пазарот да успеат во него, да бидат оштетени, туку напротив се оди на наоружување на невработените подобро да се соочат со предизвиците на пазарното стопанство.

Конечно, има повеќе аспекти овој закон, реков не е идеален со дел од некои настапи, а посебно г-динот Поповски се согласува, потребни се повеќе амандмани, меѓутоа имаме еден актуелен проблем во државава што бројот на корисниците на социјалната помош е извонредно голем. Се прашуваме дали тој е најреален бидејќи од некои истражувања во некои држави кои што се многу побогати од нас социјалната помош ги класифицира луѓето. Истражувањата во САД во социјално победните краишта особено во урбаните средини покажуваат дека оној кој што

добива перманентна социјална помош тој човек се навикнува на таа социјална помош, живее со нејзе , па дури постои и посебна култура на однесување на тој човек. Тој си ја чека социјалната помош, не е заинтересиран за работа, се пасивизира, може во таа депресија да се одаде на пијанство, дрога и т.н., меѓутоа знае дека социјалната помош му доаѓа, не е заинтересиран дури ни за ново работно место. Ние можеби во такви изострени услови немаме такви случаи, Меѓутоа ќе се согласите со фактот дека во голем дел на населението особено можеби дел од нееманципираните семејства, руралните средини итн. имаме луѓе на кои што ако им понудите работа тие ќе ве одбијат, меѓутоа се водат како корисници на социјална помош. Значи голем дел од социјалните фондови од алокациите одат во насока која што можеби би требало да се легализира, да се оправда таа локација дали ја заслужува или не. Ќе ја заслужам. доколку се водам како невработен и доколку навистина мојот социјален статус е таков и државата ништо не чини за мене, меѓутоа доколку државата му понуди на еден таков човек, не да гасне пожар, затоа што пожарот и јас ќе го гаснам ако треба и некој друг од вас, тоа е елементарна непогода, меѓутоа ако на некој му понудите работно место по пат на квалификација, доквалификација да ја заработува својата плата тогаш ние не можеме да зборуваме дека на тие луѓе и натаму е потребно, а тој го одбива тоа, дека општеството е должно да плаќа. Всушност кој плаќа? Па,ние, народот на РМ . Социјалната помош е всушност е резултат од таа социјална солидарност на сите жители во оваа држава.- Сега оние кои што работат мора да плаќаат за оние кои што не работат ,меѓутоа во еден момент вие на тој му нудите работа а тој одбива да работи. Нормално државата реагира, не заради тоа што државата не е хумана, туку заради тоа што законите на вредноста, пазарните закони тоа го бараат. Кога веќе решивме да одиме во таква насока мислам дека треба да се продолжи. Во таа насока

јас го поздравувам законот, меѓутоа со напоменам дека потребно е можеби некое подобрување низ амандманската расправа.

Конечно околу членот каде што се вели дека со 25 години работен стаж вие можете да заминете со пензија. Мислам дека и тоа е мошне значајно и позитивна стапка . Зошто ? Затоа што овозможува поголем број работни места за младите. Денеска во западна Европа се оди дури и на смалување на работната недела со цел да се ослободат повеќе работни места, полувременско работење итн. На пример Владата ма Ж^Стен видовте оди кон се поголемо смалување на работните места. Од друга страна членот 98 има стимулативна страна за работодавецот, бидејќи го стимулира работодавецот да врака на работа доколку отпуштил некого. Мислам дека во таа насока дури е законот рестриктивен. Тој уште поголеми стимуланси треба да му пружи на работодавецот за да тој може да биде стимулиран што поголем број да вработува. Да биде стимулиран по пат на кредитирање и други олеснителни аспекти кои што ќе му овозможат да оди похрабро да биде поддржуван од државата Мислам дека напротив на овој план заостануваме. Во таа насока уште повеќе треба да се прошират можностите за стимулација на работодавецот кој ќе се сложите кај нас сеуште е срамежлив, сеуште не е доволно можеби охрабрен од државата да инвестира, Всушност и самите гледате каква е состојбата во државата. Мал е бројот на инвестициите, пред се на странските, на странски инвеститори. Овој закон се однесува и на некои што еден ден ќе дојдат од надвор да инвестираат овде. Според тоа мислам дека треба да имаме еден многу попозитивен, поширок пристап кон загонот и одржувајќи сметам дека сепак низ една квалитетна амандманска расправа, или можеби ако се оцени и во една друга фаза да го надополниме, да го прошириме и да го подобриме.

VII/1 ЛП/СЛ

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, најнапред да се произнесам во однос на значењето и големата важност од донесувањето на овој закон, бидејќи нема поголем економски и социјален проблем во РМ од проблемот на невработеноста и прашањата врзани за вработувањето.

Мене лично не ми соодветствува насловот на овој закон, бидејќи ако се толкува по суштината на терминот Закон за вработување, се претпоставува дека тоа е закон кој што решава вработување. Поадекватен е изразот дека во овој закон се работи за создавање на услови за вработување, бидејќи ако ја коментираме и суштината на самиот закон, фактички се работи за тоа да им помогне на работодавците подобро да ги осознаат, подобро да се информираат и практично да ги спроведуваат прописите од областа на вработувањето. Од друга страна, исто така, да им помогне на невработените лица преку информирање, преку конкретна помош од обука, квалификација, доквалификација и насочување кај работодавците да го остварат правото на работа. Тоа го објаснува и напред кажаното од моја страна, дека фактички овде се работи за закон кој ги уредува односите за условите за вработување, закон за вработуваше.

Морам да кажам, за разлика од првата фаза на овој закон, во оваа фаза , во првиот дел, така да го наречам условно, се работи за прашања за вработување, во вториот дел се работи за осигурувања во случај на невработеност , има еден голем напредок од страна на предлагачот, а меѓу другото за тоа јас се залагав во општата расправа за причините за донесување на овој закон во фазата на Предлог за донесување на закон. Тоа е областа на посредувањето при вработување, и тоа онаа форма на

размена на трудот кој а значи посредување преку заводите за вработуваше со поднесување на пријава на невработени лица кај работодавците. Сигурно е забележливо, затоа што има големо значење, затоа напредокот овде се состои во тоа што се уредува во заводите за вработување во таквите случаи, кога имаме пријава од работодавците за потреба од работници, како што се користат термини во законот "вршат предбарување и споредување" на податоците од евиденцијата на невработени лица во однос на нивната стручност, квалификација, работно искуство, претходни движења во работниот стаж, ако во меѓувреме останале без работа итн., и од таквото предбарување и споредувања по досиета на невработените лица, по бараше на работодавецот, овластеното лице од заводите за вработуваше да составува листа на најсоодветни лица невработени лица кои на таквата потреба од вработување одговараат најмногу по своите квалитети. Ако работодавецот не изврши избор од таквата листа од најмалку 5 лица, тогаш се активира онаа исто така многу значајна новина во овој закон, за разлика од досегашната практика, кога заводите за вработување од една страна беа некако пасивизирани, а од друга страна , во случај кога по законот ги користеа овластувањата, беа монопол, сега да развиваат добри деловни односи со работодавците и суштината што е во духот на овој закон да се афирмира статусот и положбата на работодавецот, со тоа што фактички тие вршат вработување. Во таков случај, повторно дополнително се поднесува листа и се информира за причините зошто не се извршил изборот на невработените лица од листата предложена од заводот на оние на кои најмногу им следува да се вработат и ако повторно не се изврши изборот, се активира исто така една новина како добар квалитет во овој закон, тоа е правото на невработеното лице, а овластувањето и надлежноста на заводот за вработување, да ја активираат и обуката, доквалификацијата и преквалификацијата, за

да им погодат на работодавците да оспособат најадекватни невработени лица што ќе ги задоволат потребите за вработување.

Поздравувајќи го ова како еден предлог за разлика од претходната фаза од донесувањето на законот за што и јас се залагав како пратеник, е во контекстот на овој придонес, така да кажам, кон подобрувањето на изнаоѓањето на најсоодветни невработени лица, кои по пријава на потреба за работници би го оствариле своето право за вработување, повторно иницирам едно мое залагање, што ќе ја проследам после и со амандман во расправата по текстот на законот, а тоа е критериумот на времечекањето во заводот за вработување. Во сите тие пребирања, во сите тие споредувања на податоци од досиета на невработените лица, сигурно забележавте дека е исклучен критериумот во таа листа, која иако не е задолжителна, ни во незадолжителната листа не се зема предвид критериумот на времечекање на невработените лица. Ќе се согласите, тоа е најбитниот момент на сега присутната неправилност при вработувањето, визави пазарното уредување и со укинувањето на правото на работа од Уставот и со новото уредување на ова прашање во Законот за работни односи. Уверен сум и сметам дека нема оправдување, заради тоа што и најпазарното поставување на прашањата од областа на вработувањето, не го ослободуваат ни овој дом како Парламент во уредувањето на односите во вработувањето, а посебно не ме охрабруваат визави практичната состојба во животот што владее при големата злоупотреба и неправилност при вработувањето, да го исклучиме барем во евиденцијата на утврдување на листа на невработените лица кои одговараат по потреба од работодавците за нови вработувања, да се вметне и податокот за времечекањето за вработување на невработените лица. Тоа посебно држи кога

работодавец се Јавува како државен орган, тоа е во органите на управата , или пак се јавува организација што врши општествени дејности од 1авен карактср. Тоа се најповиканите државни и јавни органи за директно и непосредно спроведување на законите. Таму под исти услови на стручна подготовка, при исти услови на квалификација, со исто работно искуство и се друго исто, нема логика да не се земе предвид барем во насочувањето на органите надлежни за избор на лица за вработување, моментот на времечекањето. Се работи за лица со високо образование или со висока стручна квалификација и тоа во органите каде што имаме вршење на дејности од јавен карактер. Во таа насока, имам предложено амандман и еве го истакнувам како објаснување и во општата расправа по законот.

Делот на втората проблематика, осигурување во случај на невработеност мислам дека неодминливо е прво проширувањето на правата за разлика од досегашниот закон и добро е тоа да се истакне дека тука имаме право на обука, преквалификација и доквалификација што мислам дека е за поздравување.

Понатаму, во делот на висината на паричниот надомест, сметам дека е нерамноправно уредувањето што се предлага со соодветниот член од овој аспект. Таму се предвидува оние лица корисници на паричниот надоместок, кои земаат паричен надоместок во временски период до 12 месеци, висината на паричниот надоместок да изнесува 50% од висината на просечните плати остварени последните 12 месеци пред престанокот на работниот однос. А за другите што земаат паричен надоместок над 12 месеци, процентот наместо 50% изнесува 40%. Не ми е јасно, не гледам оправдување, зошто со самиот закон се создава нерамноправна положба меѓу корисници на исто право, а тоа е право на паричен надоместок во случај на невработеност. Па дали земал тој 12

месеци или му следува според работниот стаж, а работниот стаж пак претпоставувам дека подолго време уплатувал придонес за вработување, зошто за разлика од тоа што подолго време уплатувал придонес за вработување, за разлика од тоа што подолго време има право да остварува паричен надоместок за процентот на висината на паричниот надоместок за тие корисници да биде помал, наместо 50%, 40%

Исто така, усогласувањето на паричните надоместоци со порастот на платите е предвиден пак за категоријата, кој што не е за сите корисници подеднакво како паричен надоместок, туку тоа усогласување на паричните надоместоци со порастот на платите да важи само кај оние кои остваруваат паричен надоместок над 18 месеци, тоа се оние над 25 години работен стаж. Зошто? Пак една нерамноправност, пак едно делење, без да има по мое мислење, цврсти аргументи и докази за потребата и причината за една таква определба. Паричниот надоместок е паричен надоместок тие што го оствариле тоа право го имаат правото и ако има усогласување како право, исто така дополнително право, тоа треба да важи за сите, а не повторно истите да се делат.

Една работа што беше изнесена од моја страна и од пратеници на Либерално -демократската партија во повеќе наврати во првата фаза од донесувањето на законот, тоа е веќе еднаш во донесувањето на закони, конкретно од основниот закон за вработување, практично да дадеме придонес како Влада и Парламент да го растовариме работодавецот, претпријатијата од давачките кои сега се превисоки во случај ако се изврши ново вработување. За секакво поздравување е предложеното решение тоа ослободување да важи за период од 3 години, за секое ново вработување во делот на ослободувањето од персоналниот данок на плата. Јас имам уверување, а тоа ќе го конкретизирам во амандманската

расправа дека ова ослободување треба да биде целосно или во најмала рака во оваа фаза на состојба која гоословила предлагачот да воведе такво ослободување, во најмала фаза дека тоа треба да биде ослободување и од придонесот за вработување. Затоа што тој го остварил она за што се плаќа придонесот за вработување, така што има аргументи кои упатуваат на тоа дека сосема логично има основа и голема причина, покрај ослободувањето од персонален данок на доход, да се изврши и ослободување од придонесот за вработување. И една многу важна, би рекол дилемична состојба на уредување , ова ослободување од персоналниот данок од доход се врзува за онаа категорија невработени лица од евиденцијата, која е со една година период на евиденција во заводите за вработување. Претходно зборував колку е важно и значајно како Парламент да придонесеме за оние кои подолго време чекаат работа да бидат привилегирани во евентуалните состојби на нови вработувања, кога работодавците се ослободуваат од давачки за секое ново вработување. Тука е издржано во интерес на правичноста при вработувањето, таа една година од евиденцијата да биде ослободување за работодавците кои ќе извршат ново вработување кои најмалку 3 години на невработени лица кои се водат во евиденцијата ќе примат на работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ване Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, неколку реченици во врска со овој законски проект кој е пред нас.

VII/7.-

Прво, во однос на насловот , не се согласувам со претходниот дискутант и мислам дека насловот апсолутно соодејствува со содржината и целта што треба да ја постигне овој закон. Ако целта е создавање на услови , тогаш заводот за вработување не создава услови, туку стопанството и државата со други инструменти. Овој закон ги евидентира невработените и на некој начин им дава паричен надоместок и ги осигурува во моментот на вработувањето. Со тој дел апсолутно не се согласувам. Дали законот ќе биде добар или лош, за мене ќе биде добар доколку ги даде оние резултати или ги разбие дилемите што овие неколку години кај нас , и бројките што се протежираа во јавноста од 130.000, до 250.000, 260.000, па и 270.000 според последните изјави на невработени лица , што очигледно беа паушални и фактички беа користени од бројките кои се случуваа во државата. Очекувам на тоа поле да добиеме вистински податоци на невработените лица, односно оние кои чекаат работа и вистински што бараат за разлика од оние што бараат а да не најдат, имаме и такви и едноставно добиваме една нереална бројка. Бројка која во градењето на параметрите на развојот на една држава, на севкупната економска политика е многу сериозна и влијае.

Во однос на лицата што се невработени, сметам дека во досегашната пракса се покажа дека во овој домен имаме лица кои се надвор од земјата подолг временски период, дел од фамилии, членови на семејства, а се евидентираат, се водат . Во тој дел залагањата што ги протежира овој закон за нивно евидентирање, односно едномесечно бележење и пријавување во заводот, ќе даде позитивни резултати и едноставно оној кој не се пријавува ќе биде бришан.

За мене се посебно карактеристични две одредби и сметам дека тие се основни кои на овој закон ќе му дадат значење и тежина. Тоа е во членот 71, став 3 каде оние лица кои се над 25 години стаж земаат надоместок до крајот. Имаме различни мислења во однос на овој став. Мое мислење е дека е потполно добар, бидејќи кореспондира со оној закон за осигурување кој се донесе во овој Парламент пред една недела или две.

Членот 98, три години персонален данок, исто така е новина за оние приватници, бизнисмени, фирми, како сакате речете, стимулативно делува. Три години не се малку да не се плати данок, 23% е персоналниот данок, а 1,5% е за вработување. Така што ова прагматично беше изнесено овде, смешна е бројката 1,5% да те ослободи спрема оние 23%. 23% е сериозна давачка.

Јас се плашам од друго. При ваква одредба спремноста односно, нашиот менталитет, мораме да признаеме реално, склоноста одредени фирми, газди, три години да го користат тоа право, после тоа да ги отпуштат вработените и пак да земе три години - сметам дека овде треба да се пријде селективно, три години да биде ослободен, наредните три години 50% наредните три години 25%, така што на некој начин со тоа да го обврземе и оној субјект кој го користи тоа 9 години, да користат вакви бенефиции.

Не сретнав таква одредба, можеби тоа ќе се коси со Уставот во однос на лицата што сега се водат во Заводот, а тоа се лица над 60 годишна возраст, кои се евидентирани знаеме од кои причини заради регистрација на фирми, основачи, сооснователи и ред други работи. Тука би требало посериозно да се размисли , да проработи таа дилема.

VII/9.-

Би сакал да кажам уште една реченица за пазарот на работна сила, за што колегата Николче зборуваше. Во овие услови на развој и степен на развој на РМ далеку сме од тоа да профункционира она за што се залагаше, инаку во основа сум да имаме пазар на работна сила, но реков при ваков степен на развој ми се чини дека сеуште не може тоа да профункционира, во онаа вистинска смисла на целта и зборот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Чапов.

**СЈТАВЧО ЧАПОВ:**

Сакам да укажам на некој работи околу Законот, можеме да бидеме незадоволни поради тоа што доцна го донесуваме овој закон. бидејќи во една ситуација во РМ каде економските и технолошките вишоци се зголемија, вработувањето се намалува, а ние дискутираме дали има потреба да се донесе закон за посредување за вработување. Јас завидувам на некои колеги пратеници што не го разбираат овој закон. Овој закон претставува посредување за вработување. и второ, осигурување на луѓе кои бие вработени, а останале без работа. Тоа е тоа што зборувам за технолошките, економските вишоци, стечајните работници итн. Мислам дека Законот е добар, со извесни корекции по него, секако тоа ќе претрпат со амандманската расправа, меѓутоа јас би имал два-три збора да кажам каде е испуштено. Ние треба по овој закон да одиме напред према Западот и да се бориме за берза на трудот, што тоа го изведува Заводот за вработување, тоа е веќе старо за нас, ние треба да бараме агенции ново, и да се постави берза на трудот. Одиме во приватизација, го трансформираме капиталот, а ние бараме уште размена на трудот, или заводот за одлучува кој ќе биде примен работник од работодавецот. Имам амандман према член 27 да не се посредува со IV степен на образование, туку да биде од повисок степен на образование, па се предвидува со наплата па дури да влезе во еден став кој ќе ја врши таа наплата, која ќе биде таа цена на наплата дали министерот, дали со посебни акти ќе се земе, кој ќе биде тој закон со кој закон ќе се утврдува наплата за посредување преку берза на трудот. Би се задржал на член 54 мислам дека г-динот министер од него сакам објаснување како невработени лица ќе се сметаат и не се сметат освен оние кои што се наведени, односно кои се во работен однос корисник на

пензија, вршител на занаетчиска дејност од став 5, вршител на земјоделска, сточарска или друга дејност од која остварува приход во семејство која не е пониска од просечна месечна плата итн. Тоа е немерлив инструмент и секој кој се занимава со земјоделие, за да стекне извесни средства финансиски за да може да се издржава не би требало да се стави во списокот на невработени лица во однос на член 59 каде истиот став не е опфатен и може да се смета како невработено лице. И на ставот 68 во целост го поддржувам излагањето на г-дин Панчо Минов, бидејќи шареноликоста на овој член се однесува само на член 71 точка 1. Тоа 50 и 40% се однесува само за член 71 став 1. Затоа имам поднесено амандмани, предлагам точно после работниот однос зборовите да се прекине односно 50% да биде за сите, бидејќи е тоа изедначено бидејќи во следниот став веќе надоместокот, односно висината односна максималниот износ на надоместокот се максимира. Не би требало да постои таа шареноликост. И во член 71 министерот треба да ми образ- ложи каде ќе се најдат стечајните работници. Дали по стечајната постапка ќе влезат во член 71, према висината на стажот ќе добијат и осигурување во висина на финансиски средства или дали оваа скала ќе важи за време на стечајната постапка. Имам забелешка, мислам дека нереално е на член 6 над 15 до 25 години, биејќи тие кадри, односно невработени лица најтешко можат да најдат вработување, а не се воопшто бенефицирано по износ на наплата по број на месеци. Најтешко е да се најде работа после 15 или 20 години оној кој е отпуштен од работа. Не е проблем кој има година -две или три. Бидејќи тие луѓе се веќе стари тие се квалификувани на едно место сега сите преквалификации било кој се тешки и вработувањето кај нив е потешко отколку кај младите.

VIII/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Има збор Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседаеле, почитувани пратеници,

Самиот карактер на материјата со овој закон ја регулира разбирливо е што предизвика ваква расправа. Најдобронамерно ги сваќа сите настојувања кој одат кон подобрување на содржината на текстот и веројатно низ амнднамнста расправа тоа и ќе се покаже.

Начелно сакам да истакнам една работа што беше покрената од пратеникот Никола Поповски, чии забелешки повеќе се однесуваат по однос на концепцијата на законот и неговата сугестија до пратениците, законот да се прифати како нацрт и истиот да се врати. Мислам дека Собранието прифаќајќи го текстот на предлогот за донесувања на закон при самата расправа по однос на истиот со сите забелешки што беа дадени му даде виза на концептот на законот и затоа го задолжив со заклучок Министерството за труд, и социјална политика, односно Владата на Собранието да изготви предлог на закон и на Собранието истиот да му го достави на усвојување. Мислам дека по однос ма тие дилеми точката е ставена со самиот факт што е прифатен предлогот за донесување на закон и концептот кој што беше понуден тогаш.

Второ, факт е дека предлози, сугестии и забелешки беа дадени во текот на расправата, кога истиот беше како предлог за донесување и Министерството за труд и социјална политика, односно Владата, истите ги разгледа и се обиде сите тие сугестии, кои одеа во прилог на подобрување на текстот, а притоа недоведувајки го во прашање

концептот на законот истите да ги прифати,што се покажа и од расправата од страна на пратениците по одделни прашања, како што се мерките за стимулирање на вработување, како што се мерките по однос на обезбедување во случај на невработеност и другите прашања ги вгради и истите денес да бидат составен дел на Законот.

Морам да ви кажам дека овој текст на законот помина низ неколку фази на проверка и една од најдобрите оценки се дадени од Светската банка и ММФ. Ќе бидам нескромен и ќе кажам дека оценки на луѓето од Светската банка беа многу високи по однос и на концептот и на прецизноста на решенијата кои се дадени во законот. и конечно текстот на законот, откако го утврди Собранието како предлог за донесување, беше на расправа на економско социјалниот совет, каде исто така беа дадени доста добри оценки по однос на истиот, со одредени забелешки по однос на бенефициите од страна на претставниците на Синдикатот и по однос на некој прашања кои Министерството, односно Владата ги вгради во делот на структурата на членовите на Управниот одбор на Заводот за вработување итн.

Оттука, мислам дека дискусијата на пратеникот Поповски на овој начин мислам дека е нецелисходна од причина што сега сме во фаза на амандманска расправа и кога текстот е како конечен пред пратениците и да ве потсетам овој закон претставува еден од условите кон светска банка за реализација на втората транша на ЕСАФ аранжманот. И тоа условот е во овој период биде усвоен од страна на Собранието. Затоа ќе беше многу подобро доколку концепциските дилеми по однос на законот да беа изнесени кога се расправаше по I фаза на законот. Инаку, за конкретните прашања кои повеќето од пратениците ги покренаа, повеќето од нив беа од страна на пратеникот Поповски, мислам дека се во законот дадени, како такви тие решени]а нудат навистина закон кој

е справедлив, кој воведува, она што беше потенцирано од страна на пратениците, можност на создавање на пазар на трудот, берза на трудот, што е еден од основните услови за функционирање на пазарната економија. И напуштање на еден концепт на посредување кој досега беше во целина играше улога на една евиденција на невработените и исплата на паричен надоместок за невработените, односно за тие кој меѓувреме востануваат без работа. И делот на дистрибуција на плавите картони за здравствено осигурување и сето тоа на тоа се сведуваше. Терминот размена на трудот беше прашање кое се разодуваше и во Владата и во економско социјалниот совет. Консултирајќи повеќе лингвисти и познавачи на оваа материја дојдовме до заклучок дека во природата на македонскиот јазик е поадекватен или поблиску до намерата со која сака да се изразува преку ова решение. Што не значи доколку имаше конкретен предлог за поадекватен израз на прашањето веројатно лесно би го прифатиле. Но за жал таков предлог не беше даден.

Прашањето на советувањето по однос на избор на професија итн., тоа е дадено како должност на Заводот, што не значи и обврска на клиентите по однос на истото. Веројатно Заводот нема да се бави со 30 илјади или 50 илјади ученици туку со тие кој ќе изразуваат интерес. Согласно на нивните определби и афинитети преку консултација, односно советување со стручни лица со Заводот да дојдат до адекватно и конечна определба при избор на професија. Агенцијата е една од варијантите на кој начин преку кој може законодавецот да ја реализира потребата од работна сила, односно од вработување. Ова е една од препораките токму на Светската банка во услови на пазарна економија да воведеме и алтернативна институција која ќе се бави со прашањето на размената на трудот.

VIII/6.-

Таква институција функционира во повеќето земни со пазарна економија и тоа многу поразвиени од нашата.

Прашањето на ограничување на избор, прашањето на бенефиции со однос на статус на невработен, мислам дека многу добро ги образложи пратеникот Нано Ружин и не би сакал да се повторувам со него. Точна е констатацијата дека се зајакнува позицијата на работодавецот, но тоа е интенција на законот, зошто тој е тој што создава услови за поголемо вработување. Таквата позиција ние треба да ја гарантираме по пат на законот. додека од друга страна не се загрозува позицијата на невработен. Се разбира, утврдувајќи по ригорозни критериуми по однос на пријавување, по однос на остварување на бенефиции итн., што сметам дека беше заложба и од расправата на ова Собрание, од причини што имаме таква ситуација кога понудата е неколку пати поголема и многу поизразна од побарувањето, кога имаме ситуација на голем број на социјални случаи по однос на евиденција во заводите за вработување, преку тој статус да ги уживаат принадлежностите, а во исто време имајќи предвид дека одделни судации се навистина, нерегулирани до крај со законот и даваат можности за злоупотреба на принадлежностите што досегашниот закон ги даваше и оттука тие ситуации попрецизно се регулирани. Но во секој случај неограничувајки го правото на определување на клиентот да прифати работа која одговара на неговите определби и сличните квалитети. Но секој оној кој ќе одбива работа која согласно неговата стручна спрема и квалитети секако во Заодот да се санкционира со соодветни мерки со бришење од евиденција односно од неможноста не само на користење на паричен надоместок туку и прашањето на здравственото осигурување која и те како ја чини државата, а која му припаѓа на секој евидентиран доколку по друг основ не е осигурен. Се

бараше објаснување "околу"" член 98, тоа е мерка која Владата е предлага, токму во функција како што беше овдека речено, да се создаваат подобри услови за побрзо вработување на дел од невработените преку даночни олеснувања на работодавците и точно е кажано под кој услови тоа може да се користи. До три години за лица кои најмалку се евидентирани во Заводот и мислам дека одредбата е докрај јасна. Веројатно низ една ваква расправа не може да се даде одговор на сите прашања но ќе се обидам за прашањата кои се евидентирани овдека да дадам одговор.

Прашањето на инвалидите и нивниот статус, мислам дека Владата направи добри чекори со самите измени пред неколку дена усвоени од Парламентот ба Законот за пензиско и инвалидско осигурување каде што беше опфатена целата категорија на инвалиди на трудот на кој им беше истечен рокот на користење на паричниот надоместок, тие да се префрлат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и до нивно повторно вработување, односно пензионирање да бидат обезбедени.

Втората мерка што Владата ќе ја предложи до Парламентот како што рече и самиот пратеник Здравко се основа на предлогот на донесување на закон за вработување на инвалидите, каде што и статусот на тие организации и статусот на инвалидите преку дополнителни бенефиции што Владата ќе ги предлага преку даночната политика преку царинската политика и преку другите мерки овозможи побрзо вработување на инвалидите на трудот.

Прашањето на статус на невработен, односно губење на статус на невработен поврзано со член 54, односно ставот 4 на член 54 за категоријата сточари земјоделци итн. Можеби на прв поглед читајќи ја

VIII/8.-

Одредбата остава впечаток дека Владата односно Законот не нуди критериуми, мерка преку која ќе се утврди таа просечна плата на копа со повикуваме меѓутоа преку Заводот, Заводот ќе бара документација врз основа на која ќе се констатира точниот приход на секое лице кое потекнува од оваа социјална категорија на граѓани и врз основа на констатациите на документите кој Заводот и приходот кој ќе се констатира ќе утврди дали лицето остварува таков приход. Се разбира, постои право на жалба кое низ инстанците кој Законот ги утврдува можат да се надминат доколку законот ги утврдува можат да се надминат доколку има злоупотреби што веројатно може и да има:

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (Продолжение)

И со ова конечно да завршам. Молам, Собранието да го прифати Предлогот на закон со тоа што ќе се отвори и амандманска расправа и истата да се допрецизираат работи кои за нас и за Владата се прифатени и Законот да биде усвоен од причина што реков и пред малку истиот е услов за добивање на втората транша на ЕСАФ аранжманот од страна на Светската банка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ги уважувам аргументите на господинот министер затоа што се тоа аргументи во рамките на понудениот закон. Тоа се аргументи на линија на овој закон. Ги уважувам и аргументите на двајца моќни членови на нашата Влада, ценејќи ја нивната стручност, искуство и компетентност за нивната согласност со овој закон, меѓутоа, апсолутно не мислам дека денеска расправаме за услови под кои добиваме кредити. Само да кажам еден сегмент, на пример, за делот на демонополизација на посредувањето во вработувањето. Еден од многуте аргументи зошто мислам дека ваквата конструкција на Законот треба да се поддржи денес- ка. Инаку, јас и во претходната фаза барав да оди во три, не помина и јас го уважувам тоа на Собранието. Ние имаме монополизирана струк- тура на страната на побарувачката на работна сила. Имаме апсолутна перфектна конкуренција на страната на понудата. Во такви услови понудата се движи кон побарувачката, која е монополизирана. Демонополизација ан посредничката улога во услови на монополизирана побарувачка е апсолутно неефикасна, некорисна и потребна. Ние можеме да создадеме во Законот институција за посредник помеѓу вера која е монополизирана на страната на

побарувачката и конкурентната на страната на понудата. Таа нема да го решава проблемот затоа што понудата се движи кон монополизирана побарувачка. Зборувам за работната сила. Во тој случај демонополизирана регулатива између е сосема непотребна. Тонот ќе го дава монополизираната побарувачка. Затоа, сметав, на пример, дека не треба тој посредник во вакви услови да се монополизира, пошто нема од него никаква корист. Знаете како вика ни носи ни не носи вода, ама нека биде. Инаку, ако се аргументите тоа, јас длабоко ги уважувам двата ценети членови на нашата Влада, меѓутоа сепак ќе барам од претседателот моето барање за да гласаме како нацрт и деловнички да го стави на изјаснување

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам општиот претрес.

Бидејќи ние прифативме во дневниот ред да расправаме за предлог на закон, мислам дека сега е беспредметно да ја враќаме дискусијата, дали да расправаме за нацрт на закон. Тоа можевме да го направиме кога го утврдувавме предлогот за донесување на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на Глава II страна 8 на број 4 пред насловот на делот и за пренумерација на броевите пред деловите 5,6 и 7, член 58 став 1, член 60 за бришење на став 1, и ан член 98 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандман на член 68 став 1 по кој Владата не се произнела.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 4 и на член 12 за менување на алинејата 7 и на член 90, алинеја 4 по кои Владата не се произнела.

IX/3.-

Пратеникот Владимир Соколовски, поднесе амандман на член 91 став 2 и 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славко чапов, поднесе амандмани на членот 6, член 27, став 1 и 2, член 68 став 1 и на член 71 точка 6 и 7 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Најдовски, поднесе амандман на член 71 став 2 за бришење на точката 7 и на став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ферид Мусовски, поднесе амандман на член 91 став 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов, поднесе амандмани за додавање нов член 35-а, член 68, став 1, член 70, на член 98 став 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на глава II страна 8 број 4 пред насловот на делот и за пренумерација на броевите пред деловите 5,6 и 7 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И овој амандман се прифаќа.

IX/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници гласаа за)

Констатирам дека амандманот не е прифатен. Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на алинеја 7 поднесен од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам, отворам претрес по амандманот на член 27 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 35-а поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Овој амандман не се прифаќа и сметаме дека не е предмет на уредување на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Господин Панчо Минов има збор.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Претставникот на Владата објасни дека како причина за неприфаќање е тоа што овој амандман што се предлага уредување на односи со него не му е место во овој закон. Јас ќе повторам дека во главата за посредување при вработување законот и предлагачот се впуштаат во при посредувањето во изготвувањето на листата на најсоодветни, најадекватни најмалку 5 невработени лица со пријава од работодавецот за потреба за работа се впушта со давање на податоци со критериуми,стручност, образование, квалификација, работно искуство итн. Овде се работи за кога како работодавец се јавува или орган на управа, значи државен орган или јавно претпријатие, овие организации кои што вршат општествени дејности. Тоа се здравство, образование, култура, социјална сфера итн. Мислам дека е многу погоден простор во овие организации при вработувањето, тука се работи за високообразовни кадри каде што и најголеми се случаите на неправичност односно злоупотреби при вработувањето. Во однос на критериумот времечекање под еднакви услови, повторувам под еднакви услови на високо образовни кадри, посебно во образованието, каде што и господинот Нано Ружин, кој реагира од место сега, во вакви случаи покрај сите овие напред кажани критериуми за податоци на таквата листа, која за сето тоа пак не е задолжителна при изборот на работодавецот, но како едно насочување како показател да го има

предвид при одлучувањето да се земе податокот од критериумот времечекање на невработеното лице на евиденција за изработување. Тоа се во општествените дејности каде што органот кој одлучува за изборот е или државен или јавен орган.

Предлагам овој амандман да биде усвоен од пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да го ставам на гласање, молам за информација колку пратеници се присутни во салата.

(Има недоволен број на пратеници за гласање.)

Пауза до 17,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,40 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господа пратеници застанавме кај гласањето по амандманот за додавање нов член 35-а, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Бидејќи претресот го заклучив по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници). Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 58 став 1, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа, ние вакво решение имавме порано од причина што се создава гужва, имаме и решенија на корисниците на паричниот надоместок, секој втори месец да се пријавуваат, сметаме дека треба да остане решението со шест месеци.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, и јас го коригирам мојот амандман бидејќи навистина самиот амандман е поврзан со член 56, така да има место да го повлечам амандманот. Го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот го повлекувате.

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 60 за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Има збор господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И овој амандман не можеме да го прифатиме. Решението се предлага од причини да нема прекин во стажот од времето кога му престанува на работникот работниот однос до времето за пријавување во Заводот за вработување.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ова поднесување на амандманот беше заради тоа што имаме повторување. Кога имаме веќе една норма во член 51, не е добро да имаме и во член 60 уште една таква норма по содржина. Само да го прочитам член 51.

"Работодавецот е должен да ги пријавува во Заводот.

1. Секое засновање на работен однос или секој престанок на работен однос".

Член 60 малку го доработува, меѓутоа иста е суштината.

"Работодавецот е должен да го одјави работникот во Заводот веднаш по престанокот на работниот однос".

Значи, со став 1 од член 51 го задоволуваме овој дел.

Вториот став во случај кога работодавецот од оправдани причини не го одјави работникот, одјавувањето се врши со денот на поднесувањето на решение за престанок на работниот однос.

Лично мое беше дека е тоа оптоварување на самиот закон со две норми со слична содржина и во таа смисла мислам дека е поквалитетно

она решение што е во член 51 и јас предлагам да се брише. Во таа смисла вие пратеници гласајте како ќе се одлучите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 68 став 1, поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Како што реков и по начелната расправа по законот прашањето на инвалидите делумно се решава во законот за ПИОМ, делумно во текстот на законот за вработување на инвалиди и од тие причини сметаме дека амандманот не треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 68 став 1, поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господин Зибери.

X/4.-

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Не знам зошто министерот не го прифаќа овој амандман, бидејќи во дискусијата реков висината на месечен паричен надомест за време на невработеност изнесува 50%. Тоа се однесува само за член 71, само за точка 1. За оние кои имаат помалку од 12 месеци, а за сите останати се однесува по ставот 2 од членот 68. Од кога знаеме по член 68 став 2 лимитирана е, максимирана е висината на надоместок Нез нам зошто не се прифаќа.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Овој амандман од колегата Чапов е идентичен со мојот амандман на истиот член и истиот став и затоа се придружувам како подносител на идентичен амандман. Ако забележавте претставникот на Владата, за разлика од другите амандмани овој амандман не го образложи зошто не го прифаќа и за мене тоа е една уште поголема сатисфакција за издржаноста на овој амандман, а се работи за следното: во член 6 8 став 1 е регулирано да корисниците на правото на паричен надоместок го примаат ова право во висина од 50% од просечната плата која е земена во последните 12 месеци пред престанокот на работниот однос. За оние кои паричен надоместок примаат до 12 месеци. А за оние кои паричен надоместок примаат повеќе од 12 месеци, во тој случај нивната процентност на висина на паричен надоместок го регулира предлогот од Владата, не е 50% од просечната плата од последните 12 месеци, туку е 40%. Нема никакво објаснување и причина зошто се прави една

нерамноправност, една неуедначеност на корисниците кои ги стекнале условите за задоволување на правото на паричен надомест.

Јас ќе ве потсетам дека во претходниот закон беше 60% од просечната плата во последните три месеци во стопанството на Република Македонија. Овој предлог на закон го менува во надолна линија за 10 односно 20% процентуалниот однос и се менува наместо последните три месеци, се менува и основицата за пресметување сега е последните 12 месеци пред престанување на работниот однос. Значи, наместо задржување, да речеме зголемување на правата на оние што во случај на невработеност користат право на паричен надомест, имаме не задржување туку намалување на правата во номинален износ.

Исто така, практично ќе ни претставува дека тоа изнесува 3 иљади денари за оној што ќе зема 50% од просечните плати во последните 12 месеци, а 40% изнесува, господа колеги, 2.400 денари. И, сега тоа се оправдува со објаснувањето на претставникот на Владата од општата расправа дека така рекле од Светската банка, така рекол ММФ итн. Ние треба да гласаме да го задржиме нивото на правото на тие што земаат паричен надоместок 3 иљади денари и да не биде дел од тие кои паричниот надоместок го земаат во временски период на 12 месеци да не биде место 3 иљади денари 2.400 денари. И во таа насока, за тие што земаат минимални 3 иљади денари апстрахирајте ја, отстранете ја и Светската банка и ММФ и во интерес на тие гласајте да го усвоиме овој амандман.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 71 точка 6 и 7, поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Господин Чапов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 8 став 1, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Панчо Минов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 70, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Овој амандман исто така е поднесен од идентични причини да не се со донесувањето на овој закон уредува нерамноправност во корисниците на паричниот надомест. Членот на кој е наменет амандманот регулира дека усогласувањето на паричните надоместоци ќе се врши со порастот на платите во Република Македонија и тоа тука е сега нерамноправноста, за оние што паричен надоместок примаат над 18 месеци, односно оние што имаат работен стаж 25 години. За сите други, значи усогласувањето со порастот на платите како приматели на паричниот надомест нема да важи. Тоа е еден типичен пример на нерамноправност. Единственост во стекнувањето на правото на паричен надомест, а во користење на дополнителното право за усогласување на висината на паричниот надоместок со порастот на платите важи не за сите, туку само важи за оние што паричен надоместок при маат над 18 месеци што направиле стаж над 25 години. Тоа е објаснувањето, тоа се аргументите за овој амандман. Предлагам да биде усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 2 за бришење на точката 7 и на став 3, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас очекував министерот да образложи тоа што не се прифаќа, па можеби и ќе размислував за некое повлекување или нешто друго, но сепак, еве министерот после мене ќе образложи.

Прво, сакам да кажам дека овој амандман се однесува на тоа на границата на години на стаж која што овде се предлага лице невработено кое што има 25 години стаж на осигурување, паричниот надоместок да му се исплатува до неговото вработување, односно до настанување на еден од условите за престанок на правото на паричен надоместок или до пензионирање. Јас предлагам од 25 да се скрати на 20 години.

Имено, тоа го предлагам од следниве причини:

Прво, малку да гледаме реално и практично на состојбата во која што ние сега се наоѓаме и ќе забележиме дека најголемиот број на случаи кои што се во нашата Република и најголемиот број на работници прогласени за технолошки вишок обично се во текстилната индустрија,

гротo се од таму, од градежните фирми и дел од земјоделието. Нормално, се поставува прашањето, еден работник ако работел во текстилна фабрика, една жена работела дваесет и две-три години во текстилна фабрика и со оглед на тоа што кај нас до денот на вработувањето ќе чекате сигурно дваесет и две-три години, со 45 години старост, таа не очекува ниту пак некој градежен работник или некоја градежна фирма дека тие луѓе ќе ги земе повторно на работа. Што значи дека тие немаат ни минимални шанси да очекуваат дека некогаш повторно би се вработиле за да стигнат некако до пензија.

Од тие причини јас сметам дека тоа е една од причините поради кои што треба овој амандман да се прифати.

Втората причина поради која што треба да се прифати е следнава: Во макроекономската политика на Владата на Република Македонија, една од главните задачи и цели кои што ги има поставено пред себе е дека годинава ќе го зголеми бројот на вработени, односно ќе се намали бројот на невработени. И, второ, дека со пакетот економски мерки кои што ги презема ќе оневозможи да пропаѓа стопанството, односно да има стечај. Што значи, ако ги оствари Владата овие две цели кои што ги има поставено пред себе, нема потреба воопшто да се плашите дека ќе дојде до зголемување на масата на пари по требни за оваа цел, односно за надоместоци на оние кои што се технолошки вишок и стечајни работници, бидејќи вие со оваа макроекономска политика ќе го намалите бројот на оние кои што ќе имаат потреба за користење на такви средства и тоа е уште еден факт и вие доколку опстојувате на таква политика, би требало овој амандман да го прифатите. Што значи дека нема да има дополнителни оптоварувања на Буџетот според она кое што вие го предлагате и сметаме дека немате ама ниедна причина ова да не го прифатите.

X/10.-

Напротив ќе прифатите една работа која што е факт во нашата држава и со која се соочуваат многу работници.

Благодарам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Напротив, мислам дека би било големо оптоварување за Буџетот од причини со стапка на■придонес во висина од 1,5% колку што се плаќа за вработување да се обезбеди права па макар и по најниската основица од номинална вредност на три илјади е тешко оптоварување на Буџетот. Прво.

Второ, мислам дека ние со крајни напори задржавме право кое е во постојано законско решение со 25 години работен стаж и истото и покрај укажувањата од сите страни дека е тоа преголема бенифиција за работниците ние го задржавме постојното решение и само како информација за пратениците ретко која земја има над 12 месеци, напротив од 12 месеци па надолу е должината на паричниот надоместок, додека до повторно вработување, односно до пензионирање скоро нема земја која има таква одредба.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Би го прифатил ова образложение доколку министерот наведеше неколку земји каде што го нема ова право. Ние битолчани сме од такаречено печалбарски крај и јас имам еве, ако не повеќе барем петнаесетина први братучеди што се во Австралија. Јас ви гарантирам дека таму имаат месечен додаток се до конечно вработување, барем од она што тие ми го кажуваат. Тоа е прва работа.

Втора работа, јас ќе го прифатев образложението ако беше поткрепено со неколку податоци. На пример, Владата доколку излезе со

податок овде колку плус ќе имаме, вие сигурно тие податоци од Заводот за вработување ги имате, колку плус ќе имаме лица кои што ќе го користат ова право. На пример, ако вие излезете сега со податок што како Влада треба да го имате и да кажете дека доколку е постојното решение ќе имаме, на пример да речеме, во Македонија 20 илјади лица, доколку биде другото решение ќе имаме 30 илјади лица. Тогаш ја самиот ќе речам навистина енормно ќе се зголеми. Со таков пода- ток не располагаме и навистина можам да кажам дека може само едно така да биде оправдување пред јавноста дека ќе имаме дополнително оптоварување. Јас ви кажав и уште еднаш ќе повторам, вие самите со макроекономската политика која што ја носевте и целите што ги поставивте, рековте дека ќе нема нови невработувања, односно бројот на невработените ќе се намали.

Сега со мерките од економската политика што ги донесовте и што рековте дека ќе заживее стопанството, што значи нема да имаме нови стечајци според вашето како што е, така да нема додатни оптоварувања на Буџетот во Република Македонија.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ :** (Продолжение)

Со постојните пари ова право ќе го задоволите. И уште нешто значи Вие , моја претпоставка е , очекувате дека овој број ќе се зголеми и парите нема да Ви бидат доволно во овој период, па од тие при- чини изгледа не го прифаќате.

**НАСЕР ЗИБЕТИ:**

Прво, околу податокот амандманот е поднесен денес во 14,40 часот.

Второ околу земјите, Полска има 18 месеци најмногу, а нема до пензионирање без оглед на работниот стаж , Чешка, Австрија имаат најмногу 12 месеци, Хрватска има 16 месеци и т.н.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас ја прифаќам забелешката од министерот Зибери дека навистина денес во 14,40 часот го поднесов амандманот и амандманот е од една реченица и две бројки. И прифаќам дека Владата не можела да го разгледа и да заземе став по тоа прашање. Се согласувам. Тогаш нешто друго, Владата треба да си има во предвид значи признава дека парламентот и пратениците се ако не помалку ама сто пати по способни од нив. Ќе Ви кажам зошто. Овде дојдовме на седница, еве Ви еден материјал од 90 страници доставен во 12,00 часот. Имаме таму уште 200 страници материјал доставен во 12,0С часот и закони по итна постапка кои што денеска ги разгледуваме. Ние како пратеници можеме да примаме материјали во 12,00 часот од 200 и 300 страници, Ви не можете како Влада во 14,40 да примите предлог на амандман од една реченица и од две бројки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 90 алинеја 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 91 став 2 и 4 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Првиот дел на амандманот се прифаќа, заради стенографските белешки да го прочитам. Во членот 91 став 2 по зборот "именува" се додаваат зборовите "и разрешува" се прифаќа. Вториот дел на амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Соколовски дали прифаќате ваква мотификација на амандманот?

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги. Јас морам да кажам дека добро е што господинот

XI/3.-

Министер првиот дел на амандманот го прифати. Меѓутоа морам заради објаснување и на јавноста да и објаснам што практично се бараше во вториот став. Имено вториот став односно во ставот 4 од членот 91 каде што се работи за избор на директор на Заводот барав една иста личност да не може да биде избрана повеќе од два пати, односно да има право само на еден реизбор, или вкупно таа личност што ќе биде избрана за директор да биде на таа функција 8 години. Сметам дека овој период е сосема доволен да личноста која ќе биде назначена за директор да ги покаже своите квалитети и да може во рок од 8 години да допринесе за поуспешна работа на заводот. Сметам дека сите функции , па и оваа тоа се однесува посебно на јавните функции мора да бидат дадени по мое мислење во еден смисол на една демократија, шанса повеќе личности да конкурираат. што значи дека ефектот на работата не може да биде неограничен на една личност, туку напротив треба да се знае во кој период таа личност може да даде максимум. И во Уставот не случајно е назначено и за претседателот на државата дека повеќе од двапати не може да биде биран. Тоа не е случајно дадено затоа што се смета дека ефектот од двата мандата е најдобар и максимално искористен. Во овој случај јас можам да дадам посебен амандман само за ставот 2 кој дополнително ќе се прифати. А јас би Ве замолил да гласаме за ставот 4, за измена на ставот 4 по членот 91 од аспект што треба да си дојдат квалитетни и способни луѓе да можат после мандат од 8 години да конкурираат на оваа јавна функција и те како битна во работата на Заводот

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа треба да се произнесеме по амандманот на член 91 став 4 поднесен од г-динот Соколовски.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 91 став 4 поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот по истиот став се прифаќа и се регулира правото на реизбор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

отворам претрес по амандманот на член 98 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа амандманот. И сметаме дека рокот што е даден во членот 98 е доволен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас би бил и како подносител на овој амандман неблагодарен ако вкупно земено со регулирањето на одредбата од членот 98 не бидам задоволен и да не бидам нескромен овој член е фактички и мој предлог во мојата дискусија во првата фаза од донесувањето на законот. Парламентот во донесувањето на законот за вработуваше практично да придонесе за секое ново вработување така да ги уреди односите при

вработувањето да работодавците кои што вршат вработување 6идат ослободени од давачките кои се сега превисоки за секое вработено лице. Предлагачот се опре дели за ослободување само во делот на персоналниот данок од плати. Мој предлог е да тоа ослободување што има логичност и основаност во тоа бидејќи се работи за остварено ново вработување да се прошири ослободувањето покрај на персоналниот данок од плати и на придонесот за вработување. Затоа што тоа е само 1,5% и за разлика од 27% се на персоналниот данок на доход. Ова е еден ефект кој што ќе значи само издржаноста на тоа бидејќи работодавецот извршил ново вработување, за тој ефект од ново вработување покрај ослободувањето од персонален данок да биде ослободен и од придонес за вработување кој ќе повторам е со минимална стапка од 1,5%. Тоа е првиот дел на амандманот.

Вториот дел на амандманот е во функција на издејствување преку усвојување на овој амандман на правичност при вработување во интерес на оние што подолго време, подолг период чекаат на заводите за вработување. Видете ја Ве молам состојбата со тоа , лицата кои што неоствариле ниеднаш досега право на вработување, а тоа се пред се во најголем дел , во најголема процентуалност изразено со квалификации со средна стручна спрема и квалификувани работници, а за жал ги има се повеќе и со високо образование и нивниот период на време чекање не е една година, туку во најголем процент веќе ги надминува не три, туку пет, десет и повеќе години на време чекање на вработување. Во интерес за издејствување на правичноста во вработувањето да работодавецот кој што врши вработување биде заинтересиран да земе од оние што повеќе период на време чекаат за вработување, тоа да биде како услов за тој да биде ослободен од персоналниот данок од плати се предлага амандманот. Наместо најмалку една година на евиденцијата, да биде најмалку три години евиденција.

Мислам дека овој амандман тргнувајќи од состојбата на време чекањето на невработените лица треба да биде прифатен.

И на крајот ќе дадам само еден коментар бидејќи претставникот на Владата кажа дека овој закон односно неговото донесување е услов за нова кредитна линија од Светска банка и т.н. Ако тие меѓуанродни асоцијации разберат во каква парламентарна недемократија се донесува овој закон, верував дека ќе се разубедат да таа втора линија ја дадат, бидејќи како што забележавте освен од техничка номенклатура, правна амандмани на ЗПК ни еден амандман не се усвои. Јас лично никогаш не би бил пратеник ако само го гласам она што Владата го предлага, а не ги застапувам оние што фактички ме бирале.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За волја на вистината 5 амандмани прифати Владата.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Тоа се амандмани каде што се укажува дали треба запирка , дали треба сврзник и таква работа.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

На против Владата прифати два амандмани од опозицијата, еден од Славчо Чапов и еден делумно од пратеникот Владимир Соколовски.

Што се однесува до амандманот на Панчо Минов, прво, околу барањето да се ослободи работодавецот од плаќање придонес за вработување. Точно е тоа дека тој е незначително помал само 1,5%. И од таа гледна точка помалку атрактивен ќе биде за да се стимулира прашањето на ново вработување. И оттука неслучајно Владата отиде и ги ослободи од персоналецот кој е од 23 до 35%. Тоа е едно.

Второ, што се однесува до време чекањето во Заводот ние како Влада предлагаме тоа да биде една година минимум. Но, тоа воопшто не ги лишува од право и од можноста работодавецот да прими токму луѓе со поголем стаж на чекање. Значи границата е минимум една година. Што значи дека сите кои се над една година се во положба да бидат ослободени од персоналецот и работодавецот аз таа категорија да се определи.

Додека пак имаме спротивен амандман од пратеникот Бранко Арсовски и таа година да се брише. Затоа сметаме дека една година би 6ИЈ старт од кој би можело да се прифатат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 2 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во меѓувреме пратениците Бранко Арсовски, Никола Р. Поповски и Газменд Ајдарага поднесоа амандман на член 58 став 1 по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 2 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски, бидејќи министерот кажа дека не се прифаќа тој амандман.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

И ценетиот министер кажа дека со Панчо Минов имаме сосема различни решенија. Јас дури се залагам заради уставните решенија да немаме ограничување во времето, да имаме еднаков старт, еднакви шанси кај сите лица кои имаат волја да бидат вработени во било која организација, дали приватна, државна и т.н. од аспект што лично сметам дека имаме судрување меѓу член 9 и член 32 од Уставот. Конкретно во Уставот извонредно е кажано во член 9 дека сите лица имаат еднакви права и слободи и т.н. Додека во член 32 исто така од Уставот е кажано дека сите лица имаат еднакво право на вработување и т.н., наредени се таму 5 ставови. И во тој дел лично сметам дека треба да се исфрли и оваа година. Да им дадеме еднакви права на сите граѓани. А она другото право што јас го ценам посебно Панчо за што се залага , тоа е објективно потребно во рамките на нашата држава бидејќи имаме голем број на невработени лица од сите структури. Тоа да се регулира со еден посебен правилник во кој би можело да влезат одредени критериуми во однос на,да не кажам и критериум чекање. Туше Гошев можеби ќе ме исправи од правен аспект. Меѓутоа лично вака од практичен аспект се залагав во тој дел. Меѓутоа не тоа да го ставиме на име на закон . Лично сметам се она што се регулира со закон му се одзема некое уставно право на било

кој граѓанин. И во таа предложив ваков амандман кој лично сметам дека држи, меѓутоа еве министерот има свое размислување.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата која го предложи решението со една година пријавување во Заводот имаше намера да се стимулира вработување на луѓе кои чекаат во Заводот, а не на луѓе кои во моментот би се пријавиле и согласно законското решение би се ослободиле од плаќање на данок на промет. И од тие причини сметаме дека решението е добро и ќе придонесува за намалување на бројот на невработените пријавени во Заводот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој) "

Г-динот Бранко Арсовски го повлекува амандманот.

Амандманот на г-динот Бранко Арсовски, Никола Р. Поповски и Газменд Ајдарага ги прифати претставникот на Владата .

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за рати фикација на билатералниот договор за консолидација на обврските за сервисирање надворешниот долг на Македонската Влада кон Холандските доверители, со Предлог на закон.

XI/10.-

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот аз донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

XII/1 НН/ЛБ

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Сосема накусо сакам да потсетам дека станува збор за сосема стандарден тип на договор за репрограмирање што РМ во изминатиот период ги склучи тактично, или горе доле со сите наши доверители, членки на Парискиот клуб.

Во оваа ситуација одиме со Холандија . Висината на вкупниот долг на РМ кон Кралството Холандија изнесува околу 15,5 милиони холандски гулдени , што фактички претставува околу 13,7 милиони германски марки. Долгот кој што е предмет на репрограмирање изнесува околу 13,5 милиони холандски гулдени и репрограмирањето е извршено по стандардните услови, како што е договорот со Парискиот Клуб, а тоа значи дека основицата се репрограмира на 15 години со 3,5 години грејс период, додека задоцнетата камата се репрограмира по правило со б години и 3 години грејс период.

Инаку, бидејќи често пати пратениците тоа го барале јас само ќе ви ги прочитам, мал е списокот на крајните корисници на овој вид кредити што потекнуваат од Кралството Холандија.

Тоа се : Лозар - Титов Велес, Вардар - Градско, Винојуг- оранжерии - Гевтелија, Анска Река - Валандово, ЗИК - Струмица, ЗИК - Овче поле - Свети Николе, Фротирка - Делчево, ЗИК- Куманово- Куманово, ЗИК - Кочанско Поле - Кочани, Шампињони- Кочани, ЈУГ-Турист - Куманово, Моша Пијаде - Кочани, а додека корисници кај Македонска банка АД - Скопје, претходниве се кај Стопанска банка, биле: Алумина - Скопје, Лозар - Т. Велес, Винојуг- Гевгелија, ЗИК - Брегалница- Виница.

Според тоа станува збор за договор за репрограмирање на долгот и регулирање на нашите односи со овој доверител член на Парискиот Клуб по сосема стандардни услови, како што во основа се склучени и сите досегашни договори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор, молам? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на билатералниот договор за консолидација на обврските за сервисирање на надворешниот долг на Македонската Влада кон Холандските доверители.

Кој е за молам да крене рака? (54 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Колку пратеници има во салата ве молам.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници.)

Се разбира гласањето не може да биде валидно.

Не поминаа ни 45 минути а се уморија некои пратеници.

Молам да се извести Комисијата за меѓународна политика да дојдат во салата и рековме дека ќе дадеме пауза после, кога ќе завршиме со седма точка.

Молам, предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон,.

Кој е за молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(62 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на билатералниот договор за консолидација на обврските за сервисирање на надворешниот долг на Македонската Влада кон Холандските доверители.

Минуваме на точката три - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити во меѓународни финансиски организации по Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на -закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународни финансиски организации.

Минуваме на точката четири- Предлог на закон за задолжување на РМ кај Европската Унија по договорот за заем.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(61 пратеник)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Европската Унија по договорот за заем.

Минуваме на точката пет - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за преземаше на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка.

Минуваме на точката шест - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во РМ.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија.

Преминуваме на точката седум - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на дел од обврските по одделни кредити на Стопанската банка АД Скопје и Југобанка - Југобанка АД - Скопје.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор?

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што на овој Закон имам амандман сакам малку да продискутирам по него.

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на дел од обврските по одделни кредити на Стопанска банка АД Скопје и Југобанка-АД-Скопје се однесува на два корисници на странски кредити , на ФЕНИ - Кавадарци и на Стрежево од Битола.

Со овој закон по неговото донесување овие стопански објекти ќе бидат задолжени да ги враќаат кредитите со кои се градени од сопствени извори односно сега со сопствени средства. Колку и едниот и другиот објект ќе можат да го сторат тоа е прашање со голем прашалник.

Системот Стрежево, како што е познато и по две децении од почетокот на неговите градежни работи сеуште се наоѓа во изградба Значи, сеуште не е доградeн. За Стрежево покрај придонесите од земјоделците за граѓаните од Битола и сите стопански претпријатија од овој регион се користени и. странски кредити. Колку тие кредити дојдоа во Стрежево не се знае. Сега се знае само тоа дека дел од тие кредити со овој закон ќе мора да ги враќа самото Стрежево.- Не знам дали во изминатиот период некој друг ваков хидро систем враќал вакви кредити. Сигурно не. Стрежево ќе биде прв водостопански објект што ќе враќа вакви кредити.

Според предложениот закон Стрежево својот кредит треба да го врати во рок од 20 години со грејс период од шест години и годишна камата од 25%. Овој рок за Фени од Кавадарци е 30 години. Зошто посоти ваква голема разлика во роковите за отплата на овие кредити, незнам. Мотивите за тоа би требало да ги каже министерот за финансии. Мислам дека законот не треба да прави разлика и роковите треба да бидат исти и за Фени и за Стрежево.

Инаку, во образложението на овој закон недостасуваат податоци. за тоа колку тежат кредитите на овие два објекти, на Фени и на Стрежево. Посебно сакам да знам за Стрежево. Би требало овие податоци да ги знаеме како пратеници.

**ИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор?

**ТАКИ ФИТИ:**

Различната должина на рокот на отплата е многу логично поставена од проста едностњвна причина што во случајот за Фени станува збор за заостанат долг од околу 303 милиони американски долари. Во случајот на Стрежево станува збор за отплата на долг од неполни 30 милиони американски долари. Значи, десет пати поголеми се обврските кај Фени и затоа и рокот е подолг.

Исто така треба да се има во предвид и фактот дека со корисниците на кредитот веќе се усогласени во Министерството за финансии и самите рокови на репрограмирање. Тие се согласија со тоа и немаме никакви посебни проблеми. Од тој аспект не можеме ни амандманот да го прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 3 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам. Претрес по амандманот на член 3 став 7 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа од причини што претходно ги објаснив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на дел од обврските по одделни кредити на Стопанска банка АД-Скопје и Југобанка- Југобанка- АД-Скопје

Минуваме на точката седум - Предлог на закон за изменуван на Законот за акцизите.

XII/9

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине претседате, почитувани пратеници,

Кога ја објаснував потребата овој закон да оди по итна постапка кажав некои основни работи но уште еднаш нешто ќе повторам и ќе ви прочитам да видите како ќе изгледа намалувањето на акцизните стапки.

Јас реков дека Владата беше пред таа објективна дилема дали после коригирањето на денарот да се оди на зголемување на малопродажната цена на нафтата или малопродажните цени на нафтата и нафтените деривати да останат исти, а сепак да се корегира рафинериската цена во рамките на структурата на цената на нафтата за да не се стави во неповолна ситуација Окта, рафинеријата Окта, кој што е значаен производствен капацитет во земјата и да не се дојде но ситуација евентуално тие да работат со загуба во супстанца со што се отвараат нови проблеми кои што создаваат нови дефицити и кои што дефинитивно после тоа ќе мораат да се покријат односно да се платат.

Ние појдовме од фактот дека во РМ која до пред 4-5 години имаше дефакто хипер инфлација очекувањата инфлаторни и пресијата што ја прават врз вкупните економски движења се секогаш присутни, би рекол нагласено присутни и постои опасност тој психолошки ефект да ги поремети нормалните текови во стопанството. Со други зборови, ако дозволиме покачување на цената во овој момент тоа може да ја покроне инфлационата спирала, тоа може да има негативен однос на покачуван-о на цените на производите и услугите во земјата, тоа може да резултира дефинитивно повисока стапка на инфлација и на тој начин да предизвика брзо топење на ефектите од девалвацијата.

**ТАКИ ФИТИ:(**продолжение)

Како Влада мислиме, а и анализите што ги правевме тоа ни го потврдуваат, дека ваков ризик не можеме и не смееме да прифатиме. Како што знаете , оваа година, во рамките на ЕСАФ аранжманот сакаме да ја завршиме со стапка на инфлација меѓу 6 и 7%.

Поаѓајќи од таква логика , ние прифативме зголемување на рафинериската цена во рамките на структурата на цената на нафтата на штета на акцизите и јас сега ќе ви ги прочитам стапките на намалување на акцизите:

- Кај моторен бензин "86" од 67,5123 се намалува акцизната стапка на 62,2136, што претставува намалување од 7,85%.
- Кај моторниот бензин "98" намалувањето е 8,01%
- Кај бензинот "95" намалувањето на акцизната стапка е 6,43
- Кај дизел-1 е 14,74
- Дизел-2 ,14,73, и
- Мазутот 7 3,37.

Очигледно, можете да забележите дека дури е поголемо намалувањето на акцизните стапки кај нафтата, дизелот и кај мазутот, кои претставуваа посебно значајни импултни, што пак не е случајно, бидејќи Владата знае ако тие импути поскапат, тогаш ефектот врз вкупната инфлација не би бил поволен и затоа повеќе зафативме тука во акцизната стапка, за да им овозможиме на производителите да работат рентабилно, а од друга страна финалните цени на овие производи да не одат нагоре.

Се разбира, ние во квантифициравме и ефектот на загуба на приходи на Буџетот врз оваа основа до крајот на годината. Тој е профилиран на околу 600 милиони денари што очигледно не е малку,

ако гледате како маса, иако неговото процентуално учество во вкупните акцизи е релативно мало. Акцизите од нафта се планирани некаде на 9 милијарди денари, значи во оваа ситуација 600 милиони денари ние би изгубиле. Меѓутоа, глобалните макро-економски ефекти, во секој случај, го оправдуваат ваквиот потег на Владата и во основа тоа е добро за стопанството. Затоа се определивме за овој потег, а се разбира, во рамките на Буџетот ние ќе направиме напори и нашите согледувања покажуваат дека тие се остварливи, да се зголемат приходите не со нови даночни оптоварувања, туку со поголема ефикасност во наплатата и нашите први согледувања покажуваат дека ефектите од Законот за финансиското работење ќе бидат прилично големи, па тие ќе можат еден добар дел од овие изгубени приходи да ги компензираат. Според тоа, ќе биде потешко за Буџетот, но во секој случај подобро за претпријатијата и за стопанството во целина. Ете , тоа е суштината на овој предлог и јас апелирам да се усвои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Шеесет и седум пратеници гласаа за.

Дали некој има против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за акцизите.

XIII/3.-

Осма точка - Ве молам, дали Комисијата и Владата се усогласија околу Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската заедница, со Предлог на закон.

Госпоѓа Митрева има збор.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас изразувам жалење што пишаниот извештај од седницата на Комисијата, на која расправавме околу овие предлози за донесување на закони за ратификација сеуште не е стасан до вас. Меѓутоа, дозволете ми накусо да ве информирам за ставот на Комисијата.

На својата утринска седница, Комисијата донесе заклучок да не ги разгледува, ниту Спогодбата за соработка, ниту Спогодбата за сообраќај со Европската Унија, односно како што стои во текстот Европската заедница, со оглед на фактот што постоеше таков договор со министерот за надворешни работи и со оглед на фактот што сметавме дека важноста на овие документи бараат посебна седница и на Комисијата и на Собранието.

На таа утринска седница ние немавме информации за некои нови моменти кои се од процедурален карактер и кои , еве, денес на 38-та седница на Комисијата беа изнесени од страна на министерот за надворешни работи, кои практично не врзуваат со извесни рокови некаде на почетокот на август.

Имајќи го предвид тоа, како и важноста на овие закони, Комисијата донесе заклучок да му препорача на Собранието да ги донесе овие предлози на закони за соработка со Европската Унија и за сообраќај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Според тоа преминуваме на Осмата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската Заедница , со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на закон, со Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската заедница.

Кој е за, молам да крене рака?

Шеесет и четири пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот, на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

Шеесет и пет пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Комисијата предложи амандман на членот 3, кој што е усогласен со министерот, односно Законот да влезе во сила на самиот ден на објавување, наместо онака како што стои во членот 3.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, амандманот да се умножи и да се подели на пратениците. Не можеме да расправаме без него. Мала пауза.

(реакција во салата за да продолжат со работа без пауза).

Дајте барем да го прочитам текстот на амандманот.

Дали и на следниот закон Комисијата има ваков амандман или не Дали и по точката 9 Комисијата има ваков сличен амандман? Ако има, јас мислев да ви предложам да поминеме на точката 9, ако нема ништо спорно, но ако не, ќе причекаме амандманот да дојде.

Го прифаќам предлогот да одиме на 9-та точка

(реакција во салата во смисла на негодување)

(господинот Стојан Андов бара збор во општиот претрес).

Јас прашав дали уште некој бара збор во општиот претрес.

Јас го отворив општиот претрес и госпоѓата Митрева учествуваше во општиот претрес. Јас ќе ви дадам збор, не е спорно.

Има збор господинот Андов.

XIII/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сфатив дека госпоѓа Митрева во името на Комисијата, овде известува, дека во општ претрес ќе дадат амандман и сега амандманот, кога ќе го дочекаме , ќе расправаме по текстот, а сега ние треба да расправаме по општиот претрес. Ако сме кај општиот претрес, јас барам збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас отворив општ претрес и госпоѓа Митрева учествуваше во општиот претрес и прашав дали уште некој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но по она што таа го кажуваше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете, господине Андов, повелете, имате збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, имаше недоразбирање.

Мислам и сите вас ве повикувам во општиот претрес, не по тоа дали да се донесе закон за ратификација на Спогодба со Европската Унија, во тоа сигурно овде нема дилема и правилно што сите гласавме за.

Меѓутоа, сега треба малку да позборуваме во општиот претрес, воопшто да ги изнесеме нашите гледања на оваа Спогодба, каква е оваа Спогодба, што е оваа Спогодба, што значи таа за нашата земја, во кој контекст е направена оваа Спогодба.

Морам да ви кажам, ако на тоа не се осврнеме сега, не ќе имаме кога и ќе излеземе крајно несериозни. Сакам само да ве потсетам дека временски кој знае заради кои околности се совпадна овој материјал и овој Предлог дојде кај нас на седница кога во Европа се случуваат крупни настани. Сите вие како одговорни луѓе ги следевте настаните во

XIII/7.-

Мадрид, мадридските одлуки на НАТО, видовте таму дека одредени , во основа две групи, едната група која ќе биде прва за влегување во Атланскиот пакт, и втората група која ќе биде втора група Видовте дека и во едната и во другата група ние не сме, исто така, видовте дека само неколку дена после тоа, Европскиот Парламент го разгледа документот АГЕНДА 2000. Таму е дизајнирана иднината на Европа. Единаесет земји во транзиција се одвоени во две групи, кои во догледно време, додека се однесува тој документ АГЕНДА 2000, ќе им се даде можност да се приклучат кон Европската Унија и својата иднина , својата судбина тие ќе ја врзуваат за таа економска групација. Ќе го минат периодот на приспособување за тоа, а потоа ќе бидат и вклучени внатре.

Во Европа сега во сите земји се одвива жива политичка активност, бурна политичка активност. Во сите тие земји, тие кои се во првата група, покрај тоа што ги посетуваат врвните државници на земјите кои имаат одлучувачка улога во уредувањето на Северно-Атланскиот пакт и Европската Унија и идниот простор на Европа овде, тие и самите отвораат многу сериозни дебати во кои учествуваат врвни раководители, шефови на држави во Парламентите поднесуваат сметка каде се и зошто земјата им е третирана така или вака, а тоа го прават и претседателите на владите, министрите за надворешни работи. Оние кои се в о првата група расправаат околу тоа што се ќе им треба да бидат во првата група и да ја остварат таа задача и тој свој интерес, а оние кои се во втората група нивните раководства се изложени на жестоки критики и тие даваат одговори и кажуваат што ќе направат за да ја забрзаат постапката и да го забрзаат својот пат на влегување во овие асоцијации.

XIII/8.-

Како што знаете, ние не сме во ниту една од тие две групи. Ние сме надвор со една друга група земји, а тоа се: Хрватска, Босна и Херцеговина, СР Југославија, Албанија и нашата земја. Тоа е , да ми простите, грубо речено, оној буџак на Европа, кој од прилика се искристализира после сите овие силни политички активности во Европа и таму сме ние сега, во таа група сме, без извесност во иднина како ќе се приклучуваме внатре.

Оваа Спогодба која сега ја имаме, бидејќи таа не ја содржи клаузулата за асоцијација, тоа значи дека за времето на нејзиното траење 4 години нам не ни е овозможено да го покренеме прашањето на наше придружување, без оглед какви силни изјави ние за тоа даваме. Според тоа, ваков договор како нас има Албанија, а овие немаат договори, без асоцијативна клаузула, овие другите немаат никакви договор

Сакав, сакал или не сакал, должност ми е овде да потсетам дека кон средината на март минатата година се обидов да направам, да кренам аларм во земјата и имајќи го предвид навестувањето каков договор, каква спогодба предлага Европската заедница тогаш на Македонија, реков дека се одвива процес на нагло влошување на меѓународната позиција на Македонија. Тогаш тоа го сторив, длабоко загрижен, ако тоа продолжи, каде ќе се најде нашата земја и како ќе не гледаат нас и кое место ќе ни биде наменето. Истовремено, сакав да иницирам разговори и размена на идеи во државата. Зарем не може да се соберат, ако се од различни политички партии, ако се од опозицијата, да се информираат луѓето што е тоа што се случува со Македонија и дали има некоја идеа, да видиме како да се излезе од таа ситуација, да се направи напор да не ни се случи тоа што беше видливо тогаш што ќе ни се случи.

XIII/9.-

Тој мој апел, тоа мое укажување, не беше сфатено како добронамерен потези не вроди со плод, никој не побара да се видиме пошироко, да разгледаме. Во ниедна земја го нема тоа. По клучните прашања се собираат и многу тешки политички противници меѓу себе, по овие работи да се разговара и договара, бидејќи се работи за иднината на генерации и генерации.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Се разбира, не се покрена иницијатива за такви разговори, јас и тогаш и мојата партија, пратеничка група бевме изложени на силни напади на комисиите овде. Ако се сеќавате на Комисијата за надворешна политика секое прашање што ќе го поставеа нашите функционери, беше сфатено како некое големо зло да мислиме и да сакаме да направиме и на ништо да не се одговори. Ако се сеќавате кога велев дека концептот на спогодбата е најлош од оние што ги заклучиле другите земји и не е отворен за натаму. Место да се замислат околу тоа луѓето, се нафрлија се пишуваа коментари во ПУЛС, во Нова Македонија итн. дека тоа не е точно, дека никој тоа не го потврдува. Верувајте сакам да кажам дека и сега може да се случи идтото. И сега н а ова што ни се случува може некој да фрли пепел во очите на луѓето да не сфатат што е ова што се случува. за да се избегне веровaтно одговорноста, за да може да го задржи вниманието на луѓето дека навистина ние се чукаме на рамото и многу сме блиску што туку не не примиле овде-онде итн. Не е точно прво што е најважно, ако сакаме успешно да си ја тераме нашата држава да оди во развој секогаш кога ќе доживееме пораз, треба да го признаеме и да знаеме да извлечеме поука од тоа. Тоа нас ќе не научи како способно се води држава. Само тоа нас може да ни помогне. Прекровањето на поразите забошотувањето на работите во кои се покажавме многу вешти води кон тоа да нам поразите ни се повторуваат, води кон тоа да ни отупи чувството кон поразот. Да не можеме да го разликуваме поразот. Да можеме поразот да си го разубавуваме и да си го претставуваме како победа. Но тоа нас ќе не врзи за дното и ние од дното не ќе можеме да мрднеме. Овој пат сега, оваа точка сега што дојде очекував, морам да ви кажам да имаме редовно постапка по неа. Јас воопшто не сум уверен дека токму денес и вчера е комплетирано досието за да може да дојде и

денес треба да дојде. Мислев дека ќе доиме во две фази, мислев дека тоа ќе се искористи од нашите врвни раководители да дојдат овде, да објаснат што ни се случи, зошто во оваа група ЗСНЈИ, зошто така сурово и према нашата зема како према тие неколку 4 земји Европската Унија решила да го применува методот на стап и морков. Зошто кога цело време сме се бореле за таа наша Европска ориентација, кога секогаш сме настојувале, овде сме викале дека ги правиме тие и тие работи во согласност со тоа и тоа во Европа. Тоа не се случи. Имаме воде од сите силни функционери кои сегде во Светот се спремни да одат, а овде е само министерот г-динот Ханџиски. Очекував и тој да земе збор, и да дадеа објаснување, да има уводно излагање за оваа страшна важна работа. Нема, молк. Затоа бев вџашен кога ми рековте дека затворен е претресот, дека интервенцијата на претседателката на Комисијата дека усвоиле амандман да предложат овде дека тоа е се. Ако е така дами и господа, ние сами парламентарците овде, политички се дисквалификуваме. Не можеме да претендираме од овде натаму дека ги знаеме клучните интереси на државата. Дека имаме однос према нив. Дека знаеме да се поставиме. Непосредно за Спогодбата. Спогодбата е по ранг последна, што Европа ја има, со некоја земја од транзиција, не е надлежна, не е отворена, без оглед што ќе се даваат изјави спротивни, тоа се знае и така стои во неа и таков ни е третманот, не одредија каде сме. Јас тој недостаток за Спогодбата предлагам да го надокнадиме со тоа што во текот на оваа сеница по повод на усвојувањето на Спгоодбата да усвоиме како Парламент едногласно една изјава во која би изнеле дека Парламентот на РМ цврсто останува на својата Евроатланска ориентација. Усвојувајќи ја оваа спогодба сега, Парламентот инсистира дека до телата на ЕУ да се отвори можност РМ во придружувањето до Е, натамошниот третман да не биде одвоена од оние земји кои во II фаза ќе го минат периодот на приспособување и приклучување на Европската

XIV/3.-

Унија. Мислам дека  ако ништо друго ќе го искажеме нашето стојалиште. Мислам таква изјава треба да се подготви од Стручната служба овде и се мораме набрзина да работаме, ние не очекувавме овој проблем сега да дојде ќе ја подготвевме сами, мислам како предлагачи да се јават пратеници од сите пратенички групи и Комисијата таа изјава да ја предложи, а ние да ја усвоиме. Инаку, ние не смееме да се колебаме да ја усвоиме оваа Спогодба и овој Закон. Таа е лоша спогодба. Меѓутоа, уште е полошо да немаме никаква спогодба. Ќе беше добро ако беше редовна постапка, ќе беше добро цело време да беше отворена Владата и заедно да се обидевме да направиме подобра спогодба. Ја немаме. Оваа Спогодба е во парламентите на сите европски земји - членови на ЕУ и не може да се поправи. Таа е таква и не може да се поправи. Туку да можевме да порасправавме да стане јасна состојбата во која состојба се наоѓаме сега и идниот период. Затоа предлагам тој амандман да се усвои, за други амандмани нема место овде, да ја изгласаме оваа Спогодба и следната за со нивните инструменти да се користиме во меѓувреме, анексите да се ефектуираат, бидејќи секакви дезинформации се ширеа Комисијата бараше да се даваат анексите, рекоа за пет-шест дена, а уште не се преведени, година дена од тоа мина, се покажа дека некој анекси не се ни преговарани. Тој степен на прекривање на работите, работење зад грб на Парламентот, тој степен на прекривање од граѓаните, од политичарите од политичките противници. Не се тоа непријатели, за Македонија се борат сите. Верувајте. Затоа ние ќе гласаме за овие два закона без оглед за сите изнасилености во постапките, а предлагаме да се искористи времето и ако треба мала пауза да направиме една таква изјава, се е тоа ад хог, се е тоа лошо затоа што е тоа по итна постапка, сега во 12 часот ние го видовме овој

материјал, меѓутоа на некој начин сепак ќе се искажеме како една политичка средина, едно одговорно тело кое размислува за иднината и не тукутака се мири со тоа што може да му се случи поради разни околности.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г-дине претседателе, почтувани пратеници,

Очигледно дек дојде до недозрабирање околу тоа дали е отворена општата расправа или затворена и дали претседателот на Комисијата за надворешна политика со тоа што го искаже нејзиниот став во општиот претрес и укажа на тоа дека ке биде даден и амандманот во претресот по содржината на самите закони, се мислеше дека со тоа е затворена општата расправа. Сакам да укажам на тоа дека сите слушнавме дека не дојде до затворање на општиот претрес и дека е вообичаено дека треба да се очекува и поголемо учество на пратениците во општиот претрес, а се разбира и учество на претставниците на Владата.

Јас мислев како предлагач, со оглед на тоа што не учествував во претпладневниот дел од седницата да се заблагодарам на сите пратеници кои што учествуваа во расправата околу ставањето на точките на дневен ред, за нивниот сериозен и конструктивен пристап и за давањето на таква соодветна тежина на овие два акта кои ја имаат.

Меѓутоа , после учеството во расправата на г-динот Стојан -Андов, се разбира, во своето обраќање до вас, морам да потсетам на некои работи, кои што се битни и кои што во суштина се разликуваат од неговите искажани ставови, за кои што имаме разбирање и респект, имајќи ја во предвид позицијата во која што се наоѓа г-динот Андов во Парламентот.

XIV/4.-

На РМ од почетокот на нејзиното осамостојување, па до денес, последно во последните години се случуваат ногу убави работи, многу позитивни работи, а пред се на надворешно политички план. и од политичка гледна точка и од економска гледна точка. РМ за разлика од сите други земји во транзиција се^ ова што го направи во последните години, го направи од многу потешки услови и тргна со сите промени и со сите реформи, со едно огромно задоцнување од скоро 4 години. Сите други земји во транзиција своите реформи на политичко, а пред се, на економскиот систем ги почнаа 1989 година. Република Македонија тоа Г-динот Андов посебно го знае, со оглед на тоа што беше претседател на овој Парламент во тие најкритични периоди од нашата понова историја, не можеше да отпочне со реформите пред се на економскиот систем се додека не беше меѓународно призната. Тоа не можеше да се случи пред 1993 година април месец кога бевме приемни во ОН, заради тоа што тој прием подразбираше подоцна и прием во Светската банка прием во ММТ без кое што не можеше да се почне со реформите. Према тоа, почнавме со задоцнување од скоро 3-4 години и тие реформи бевме принудени да ги реализираме во исклучително тешки услови, за разлика од сите други земји, заради тоа што се случија санкциите према Сојузна Република Југославија, беше целосно блокирана северната граница, дојде до таканаречената прва и втора блокада на нашата јужна граница заради тоа што претрпевме огромни загуби на економски план, заради која што ги изгубивме патиштата према Западна Европа, према поранешните ЈУ републики, ги изгубивме пазарите, изгубивме конкурентност заради покачување на транспортните трошоци од цената на чинењето на производите, барајќи нови заобиколни патишта преку Бугарија, Романија, Унгарија итн.

XIV/6.-

Република Македонија, заради познатите проблеми исто така последна остана полноправна членка на Партнерството за мир. со задоцнување од цели 2 години во однос на сите земји кои што се вклучија во Партнерството за мир уште на почетокот на 1994 година. И покрај тоа РМ недвосмислено, не по наша оценка, по оценка на сите релевантни меѓународни фактори, политички и воени фактори од колективните системи за безбедност и одбрана, пред се од алијансата и партнерството за мир се оценува дека една од најаитивните членки на партнерството за мир и РМ доби на тој план посебни признанија. Со оглед на тоа што и беше дадено право да биде воведничар на последната седница на Комитетот НАКСИ кој што го одбележа периодот од 1991 до 1997 година на полето на изградбата на новата Евроатланска безбедност на архитектура, на полето на изградбата на Партнерството за мир, со тоа што беше одадено признание да биде воведничар н а првата седница на новиот Евроатлански совет на Партнерството.

Република Македонија е индиректно многу децидно спомената во Мадридската Декларација. Заради своите успешни активности во Партнерството за мир, заради своите активности во зајакнатото партнерство, после состанокот во Синтра, во Евроатланскиот совет на Партнерството. РМ доби посебно признание, со тоа што влезе во Пасус во кој што се укажува дека неколку земји од југоисточна Европа точно мислејќи на земјите, или на регионот во кој што се наоѓаа РМ има извонреден напредок во демократизацијата на земјата , во владеењето на правото, во пазарната економија и дека се работи за неколку земји кои што даваат свој сопствен придонес во изградбата на Новата Евроатланската безбедност на архитектура и во зачувување на мирот и стабилноста. Во трансформацијата на овој регион, во регион на мир стабилност , безбедност и соработка, со Мадридската декларација, јасно

се покажа дека во II фаза на проширување на Алијансата, приоритет се дава токму на оваа линија на која што е суоституирана РМ.

Према тоа, РМ не се наоѓа во земји коишто се надвор од интегративните процеси во колективните системи за безбедност и одбрана, туку токму се наоѓа како средишна земја, на таа линија со која што ќе уследи проширувањето на алијансата во II фаза во 1999 година.

Сакам да потсетам на некој други моменти. Заради тоа што не бевме меѓународно признаени во 1993 година РМ задоцни објективен со своите преговори заурдувањето на нашите битни политички и економски односи со ЕУ. Мислам дека нема дилема дека во оваа држава меѓу сите политички партии во претходниот состав на Парламентот, во овој состав на Парламентот и политичките партии надвор од Парламентот дека има целосен консензус околу двата темелни принципа на нашата надворешна политика, што се однесува на односите на европските структури и колективните системи за безбедност и одбрана. Ние се определивме на целосна интеграција во Европските структури, се определивме за полноправно членство во колективните системи за безбедност и одбрана.

Во 1993 година, за да се даде импулс на реформите кои што беа почнати во земјите во транзиција уште 1989 година без доследно почитување на економските критериуми, кои што се пресудни за да се одреди статусот на една држава во нејасните односи со ЕУ, практично им беше придоделен статусот на придружна членка и асоцијативниот статус. И тоа се случи со неколкуте земји кои што припаѓаат и во овој регион. Да ги спомнам, Албанија, Романија, Бугарија итн.

Во изминатиот период од 3 години, откога го добија тој придружен статус се покажа во 199 6 година дека импулсот и позитивните резултати што се очекуваат со импулс не се од таков карактер, како што се

очекуваа тогаш во ЕУ почна да се размислува за воведување на еволутивни клаузули и за воведување на таканаречениот принцип на регионализам. Во тој период од кога РМ дојде во позиција да ги отвори преговорите за своите односи со ЕУ, ни е ги почнавме преговорите кога заради причините што ги спомнав, заради недоволните резултати од реформите во тие земји на кои што им беше даден таквиот асоцијативен статус, почна да се размислува за еволутивни клаузули, за регионалени пристапи.

XV/1 ПЈ/НД

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (Продолжение)

Тоа беа причините што толку се одложија преговорите на Република Македонија со Европската Унија и ние денеска не можеме да кажеме дека сме претрпеле било каков пораз и не сме успеале на тој план да го постигнеме максимумот кој што е содржан во оваа Спогодба. Имено, може да се види недвосмислено дека е целосно избегната еволутивната клаузула, дека е избегнат регионалниот принцип и дека оваа спогодба е отворена. Тоа што значи отвореност е содржано во членот 45 и сакам само да цитирам дел од него. "Во догледно време и кога условите ќе бидат исполнети, договорните страни ќе ја испитаат можноста за зајакнување на нивните договорни односи, имајќи ја предвиди аспирацијата на Поранешната Југословенска Република Македонија за повисоко ниво на односи кое води кон асоцијација во Европската Заедница."

Сакам да укажам на следното, формално правно Република Македонија и денеска нема никакви пречки да ја поднесе својата апликација за придружно членство односно апликација за придружно членство односно асоцијативен статус. Меѓутоа, треба да ни биде јасно на сите дека постојат три нивоа на односи на секоја земја со Европската Унија. Нивото што го постигнува Република Македонија со ратификација-та од страна на Европскиот Парламент на оваа спогодба за соработка. Нивото второ повисоко кое што значи придружно членство. И се разбира, највисокото ниво полноправно членство. Овдека се постави прашањето за на одлуките на агендата 2000, кои што се однесуваат на повикување на одреден број на земји за полноправно членство во Алијансата. Точно е тоа дека 6 од 11 земји се повикани да ги почнат преговорите за полноправно членство во Алијансата. Меѓутоа, треба потполно да ја разликуваме позицијата на земјите кои што се повикани за полноправно членство и позицијата и статусот од кои што некоја земја може да биде

повикана за полноправно членство. Имено, една земја може да биде повикана да почне преговори за полноправно членство само ако го има асоцијативниот статус, ако е земја придружна членка на Европската унија.

Република Македонија со потпишувањето на оваа спогодба го постигнува првото ниво на односи. И реков нема формално правно никакви пречки сега да влеземе со апликацијата за придружно членство. Во таа смисла сакам да укажам на следново. Во разговорите кои што течат перманентно кои што се производ и на оваа спогодба, иако не е ратификувана, каде што е укажано на потребата од постојан политички дијалог, при што под политички дијалог се подразбира дијалог и за економските односи и се квалификуваат како политички. Во рамките на тој дијалог во повеќе наврати документ и рано е укажано дека и денеска Република Македонија во споредба со некои земји од соседството, кои што го имаат придружниот статус, асоцијативниот статус, може целосно да ја издржи компарацијата и дека Република Македонија во договор со неколку земји членки на Европската Унија заедно ќе го одреди тајмингот кој што односно во кој што ќе ја поднесе својата апликација за придружно членство, само од следните причини.

Во Европската унија се одвиваат бурни активности. Имаат многу набиени програми. На сите закажани средби кои што се програмираат. Укажано ни е дека треба да направиме договор кога ќе одиме со апликацијата само заради тоа што поради преоптовареност на тие дневни редови може да се случи да се чека со одлуката по нашата апликација подолго време, отколку што е тоа потребно. Според тоа, Република Македонија ги има условите да излезе со апликацијата за придружно членство и во таа смисла сакам да укажам на следното.

XV/3.-

Владата на Република Македонија подготвува посебна седница за севкупните односи на РМ со Европската Унија. Во таа функција Министерството за надворешни работи подготви комплетна анализа која што е веќе предадена во владина процедура и се очекува или на наредната, ИЛЈ на седницата после неа, Владата да посвети еднодневна седница на која што ќе присуствува и претседателот на државата Киро Глигоров и ќе бидат разгледани севкупните односи на Република Македонија со Европската Унија и ќе биде разговарано за тајмингот кога ќе одиме со апликацијата за придружно членство. Се разбира дека таа анализа што ќе ја усвои Владата ќе дојде во Парламентот и дека заради тоа и предвидувавме и со тоа денеска ги запознавме сите членови на Комисијата за надворешна политика, за тоа и предвидувавме на првата наредна седница на Парламентот што треба да се одржи меѓу 20 и 25 август оваа година да се посвети една посебна седница на севкупните односи на РМ со Европската Унија на која што ќе се дискутира и по досега потпишаните спогодби парафирани, што се надевам денеска ќе бидат ратификувани, и по таа севкупна анализа која што ја прави Владата. Во договор и по сугестија со неколку земји од Европската Унија беше препорачано на таа седница на седум до осум дена пред седницата на Европскиот Парламент која што е закажана за 2 и 3 септември кога ќе биде ратификувана оваа спогодба да се под-готви една силна декларација со која што Република Македонија ќе укаже повторно на своите цврсти определби за целосна интеграција во сите европски структури за изградба на што повисоко ниво на односи со Европската Унија, а тоа значи за стекнување на статусот на придружна земја членка, и за подготовки во рамките на нашите можности со една поголема динамика се разбира, еден ден да постанеме и рамноправни членки на Европската Унија.

XV/4.-

Сакам да укажам само на уште еден момент. Критериумите кои што ние самите треба да ги исполниме за полноправното членство за Европската Унија се од таков карактер, или денеска да ни биде е сосема невозможно, денеска да ни биде понудено да ги почнеме преговорите за зачленување во Европската Унија, или денеска да ни биде понудено полноправно членство во Европската Унија, оваа држава таа понуда треба веднаш да ја одбие заради тоа што не може државата која што економски не е подготвена да ја издржи конкуренцијата која што владее меѓу европските држави да дозволи да стане едноставно дополнителен пазар на европските земји.

Според тоа, оваа држава сериозно се подготвува и сериозно работи на исполнување на своите стратешки цели за целосна интеграција во европските структури, интегрирани сме секаде, преостана уште постигнувањето на што повисок статус нашите односи со Европската Унија да донесе одлука, во договор со членките на Европската Унија за тајмингот кога ќе излеземе со апликацијата на придружно членство и откога тоа придружно членство ќе биде фатено Република Македонија ќе се најде на истото ниво на односи со сите оние земји во транзиција кои што после Агендата 2000 за разлика од шесте земји, кои што беа поканети да ги почнат преговорите останаа за втората транша.

Јас би сакал да ве замолам денеска, со оглед на тоа што настанаа одредени промени во однос на некои обврски врзани за процедурата на ратификација на оваа спогодба од Европската Унија кои што станаа многу почисти утринава, да ги ратификуваме двете спогодби и да може да ги исполниме роковите кои што се редефинира утринава и за кои што не можевме навреме да ве информираме. Имено, сакам да укажам на тоа дека е многу сложена самата процедура за ратификацијата во Европската Унија. Дека има потреба овој обемен материјал да се

преведе на сите јазици на земјите членки да оди во нивните парламенти, да оди на сите 30-тина комитети во ЕУ и од сите 30-тина комитети во ЕУ да се добијат позитивни извештаи, кои што се констатираат на седницата на Европскиот парламент и се препраќа извештај во Европската комисија дека сите комитети дале позитивен извештај за спогодбата, со што процедурата на ратификација завршува.

Ние имавме одредени проблеми во текот на самата процедура кои што се слични како и проблемите низ кои што поминаа сите земји кои што одеа на ваква ратификација. Но, морам да укажам дека дојде до одредени оддолжувања на роковите за давање на позитивни изјави или извештаи од одредени комитети. Тоа посебно се однесува на Комитетот за транспорт каде што објективно зборувајќи некои земји од соседството кои што се членки на Европската Унија,кои што се застапени таму со свои членови имаат поинакви економски интереси кога станува збор за спогодбата за транспорт и за таканаречените транспортни коридори. Сосема е јасно дека со повеќето земји од регионот имаме идентични интереси околу коридорот 10 кој што оди во правецот Север -Југ и заради таквите идентични интереси дојде и до промената на последната средба на министрите за транспорт во Хелсинки каде што покрај коридорот 10,кој што го имаше приоритетот и на кој што се дада еден многу битен крак кој што ќе поминува низ Република Македонија, преку Велес, Прилеп да излезе на Игуменица, доби приоритет и коридорот Исток-Запад, коридорот број 8 кој што е од исклучителна важност за оваа држава. Но, се разбира, за кој што не само што нема таков економски интерес, како што имаат земјите кои што се наоѓаат на таа линија, Италија, Албанија, Македонија, Бугарија и Турција, туку се разбира имаат и поинаков економски интерес тој коридор или да не добие приоритет или да се гради подоцна, заради тоа што заобиколува некои коридори од тие соседни земји.

XV/6.-

Според тоа, за нашата спогодба за соработка и за самата спогодба за соработка на полето на транспортот дојде до нешто поголемо одложување на процедурата во Комитетот за транспорт, односно до неизготвување на извештајот кој што требаше да се препрати до Европскиот Парламент. Промените што настанаа утринава се однесуваат на тоа, се сметаше дека до крајот на месецот сите службеници и сите членови на комитетите ќе заминат на одмор и беше најавено дека заради некои нивни незавршени работи комитетите ќе продолжат со работа и на 1 и 2 август и дека би било многу добро нашиот Парламент да ги ратификува двете спогодби и да ги достави до 1 и 2 август во Европската Комисија, односно во Комитетот за транспорт и затоа е и предлогот за измена на членот во кој што се тврди дека ќе стапи на сила спогодбата осмиот ден од донесувањето за. да може да стапи на сила веднаш со донесувањето да го фатиме тој рок.

Затоа, почитувани пратеници и дојде до тоа во собраниска процедура да влезат двете спогодби, напочинувајќи ја целосно процедурата која што е вообичаено да се почитува за било кој друг предлог кој што доаѓа од Владата а камоли за вака исклучително битни и сложени акти како што се двете спогодби за кои што бараме ратификација. Во таа смисла повторно на сите ви се извинувам што мораше на ваков начин повторно да држиме седница со Комисијата за надворешна политика и што мораше на ваков начин двете спогодби да влезат во процедура.

Да повторам Владата на наредната седница, или на седницата веднаш после неа, ќе ја разгледа Анализата за севкупните односи на РМ со Европската Унија. После таа анализа ќе биде пропратена до Собранието на Република Македонија и по општа потреба и по ваше барање и по оваа акција на која што работи Владата ќе одржиме посебна седница за тие односи со ЕУ, на кој што и ќе поразговараме за

спогодбата, и ќе поразговараме за таа анализа и на која што со поддршка се разбира и со потреба имајќи го предвид националниот интерес, ќе излеземе со една силна декларација со која што уште еднаш ќе ги реафирмираме нашите цврсти определби за целосна интеграција во сите европски структури.

И уште една информација, веднаш по Мадридскиот состанок каде што е јасно укажано дека наредната фаза на проширување ќе оди по линијата на која што се наоѓа Република Македонија и дека е јасно укажано дека од самите земји кои што се наоѓаат на таа линија ќе зависи тоа дали ќе бидат поканети во 1999 година или не, да ги почнат преговорите за полноправно членство во Алијансата.

Владата на Република Македонија почна да работи на платформа за се она што е потребно да се направи во овој период до 1999 година пократок дури и од 20-тина месеци, за да може да ги доисполниме оние воено технички критериуми кои што сеуште Република Македонија и земјите кои што не беа поканети во првиот круг не ги исполнуваат. За таа платформа, исто така, ќе одржи седница Владата и таа платформа исто така ќе дојде пред Собранието и ќе расправаме по неа. Сакам да укажам на следното, немало никаков обид, ниту имало било каква потреба во оваа држава да се работи нешто скришно, нешто зад кулиси и дека нема да има потреба ни во иднина да се прават такви работи. Заради тоа што Република Македонија, посебно во последните години го зголеми својот меѓународен углед и ја зацврсти својата меѓународна позиција и на политички и на економски план. Јас сум убеден дека со заедничка соработка ќе направиме се што е потребно, за да тие стратешки цели зацртени уште со референдумот со донесувањето на Уставот на оваа држава ќе ги оствариме сите заедно што порано.

XV/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој уште бара збор?

Г-дин Наум Симјановски

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Можеби сум еден од побенефицираните пратеници како член на Комисијата за надворешна политика, која оваа проблематика ја имаше во неколку наврати на разгледување на своите седници пошто текот на самата спогодба и преговорите кои се водеа со Европската Унија беа во неколку наврати иницирани и презентирани пред Комисијата за надворешна политика. Така своите забелешки, критики размислувања, побарувања на комплетни информации од преговарачкиот тим се одвиваа во тоа работно тело. Од наша страна беше во неколку наврати сугерирано во кои правци треба оваа спогодба и како да изгледа физиономијата, но дури сега го прифаќам извинувањето на господинот Ханџиски за вака прекуредно се иницира за оваа вака битна и значајна спогодба да дојде на дневен ред на седница ан Собранието. Но, сепак, ценам дека треба да искажам покрај сите работи кои се опфатени во оваа спогодба за соработка помеѓу Република Македонија и Европската Унија во областа како на правната легислатива која треба да биде урамнотежена, компатибилна, потоа финансиите и степенот ан изградба на финансискиот систем, фискалната политика, урамнотежувањето на фискалната политика, царинските тарифи, заедничкиот интерес регионален, пан европски по однос на овие инфраструктурни објекти, како од сообраќајна така и од енергетска инфраструктура, спогодба која ги опфаќа нормално и оние политички импликации кои нашава Република треба да ги има во овој регион и пошироко и нормално не занемарувајќи ги и оние права на малцински права кои и те како се битни на ова наша Република. Ценам дека две работи по мене се и те како битно изоставени, можеби времетраењето на преговорите и водењето на

оваа политика доведоа од самиот почеток за овие две работи кои ќе ги иницирам не ни постоеја одредени опипливи перформанси во нашава Република но мислам дека во овој период сега и те како се созреани условите, посебно поради тоа што во неколку наврати е веќе иницирано, дискутирано од оваа говорница за овие теми. А тоа е, со жалење констатирам дека во целокупната оваа спогодбава не се спомнати странските директни инвестиции, кои и те како и се потребни на РМ во овој и во наредниот период, така што не се создадени никакви предуслови, не се иницирани, не се увидени дека е потребно Република Македонија, нормално и Европската унија да состаната одредени предуслови тие странски директни инвестиции од Европската унија и те како потребни на Република Македонија да се инкорпорираат навлезат, дојдат ова наше кревко македонско стопанство и оваа кревка македонска држава да добие и те како значаен економски најисплатлив потенцијал.

XVI/1.-CJ/МЛ

**НАУМ СИЈМАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И втората работа н одреден начин и те како врзана со првата проблематика., тоа е проблематиката на концесии ко^а повторно ќе констатирам, за жал, никаде во оваа спогодба не е ни спомната, за политиката на концесии која е можна како еден вид на соработка помеѓу нашава држава и Европската Унија.

Благодарам.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас во потполност се согласувам со сите тие што мислат дека воопшто не е спорно донесувањето на овој закон, можеби ќе бевме сите многу посреќни во Македонија доколку многу порано дојдеше до ратификација на таа спогодба. Меѓутоа, со должно внимание треба да се однесуваме кон ова прашање и ќе беше многу подобро доколку сето тоа имаше нормален тек и доколку пратениците се подготвени да дадеа свој соодветен придонес при разгледувањето на овој закон.

Ќе почнам од тоа дека во моментот не се спорни неколку факти. Прво, неспорен е фактот дека ако за нешто постои консензус во Република Македонија помеѓу највлијателните и најважните политички партии во Македонија, тоа е интенцијата на Македонија за влегување во НАТО пактот и другите колективни системи на безбедност во Европа и пошироко и за влегувањето во Европската Унија.

Исто така неспорни се и фактите да Република Македонија во изминатите неколку години помина низ еден исклучително тежок период, како што е и неспорен фактот дека се постигнати значајни резултати во тој период, пред се во меѓународната политика на РМ. Меѓутоа, се поставува едно многу важно прашање дали треба од сето тоа да бидеме задоволни, дали е сето тоа доволно што е направено, дали е направено

на доволно квалитетен начин и дали многу работи не можеа да бидат направени многу подобро и многу побрзо и многу подинамично за животот на сите граѓани во РМ да биде многу поподнослив отколку што е тоа денес. И, тоа е многу важно прашањето со кого ние минуваме да се споредуваме. Дали се споредуваме самите со себе каде сме биле некогаш каде сме сега, иако и по тој основ сме многу полоши отколку што бевме во минатиот систем. Дали се споредуваме со земјите кои се на понизок ниво на развој од нас и кои поминаа многу тешки моменти во изминатиот период затоа што на нивните територии се водеа војни, граѓански и други или имаа големи внатрешни нереди, како што тоа беше во Албанија. Или, треба да се споредуваме со земјите кои беа на ист или сличен развој со РМ за да видиме каде тие стасаа, а каде ние останавме овде во слепото црево на Балканскиот полуостров.

Ако ги направиме тие споредби вистината ќе не разочара сите затоа што според тие споредби и ако се споредуваме со земјите со сличен развој, Македонија многу заостана зад многу држави кои беа на сличен и понизок развој со поранешна СФРЈ, дури и со оние држави кои во минатиот систем имаа економски систем со многу понепазарни карактеристики како што беше економскиот систем во СФРЈ кој имаше некои пазарни елементи.

Од тој аспект треба да бидеме страшно разочарани каде останавме ние, посебно од овој аспект кои земји добија покана за влегување, за приклучување кон НАТО пактот, а посебно во Европската Унија. Поради тоа не се согласувам со изречените констатации, дел од изречените констатации на почитуваниот министер за надворешни работи, господинот Ханциски затоа што по некогаш сакајќи да ги разубавиме нештата и да ја претставиме политиката многу подобро

отколку што тоа во стварност е, се обидуваме да наоѓаме разно разни оправданија. Во случајов ние слушнавме аргументација дека во Република Македонија се доцнело три-четри години со економските реформи затоа што наводно не сме биле примеии во некои европски интеграции,ММФ, Светска банка итн. Мислам дека тоа апсолутно не одговара на вистината, тоа е точно, можеби реформите ќе беа позабрзани ако тоа асоцирање се случеше многу порано, тоа секако на штетило на спроведувањето на економските и политичките реформи во Македонија. Меѓутоа, тоа да се извлекува како клучен аргумент дека ние сме почнале три до четири години задоцнување со спроведувањето на економските реформи, апсолутно не е точно, затоа што во РМ реформите се водат уште од 1991 година, а друго е прашањето дали тие се одвиваат со саканиот интензитет и предвидената динамика.

Во тоа е проблемот што кај нас економските реформи не се одвиваа ниту со саканиот интензитет ниту со предвидената динамика затоа што по некогаш немаше доволно знаење и умеење како треба да се трасираат тие реформи, а уште полошо е тоа што не се ни знаеше да се управува со тие реформи.

Поради тоа се поставува и прашањето на често употребуваните изјави за штетноста на ембаргото, посебно кон северната граница затоа што други анализи покажаа дека многу фирми во РМ некои на ваков или таков начин беа блиски со царината, владеачката партија и полицијата дури и профитираа од ембаргото со СРЈ, а не дека биле оштетени. Оштетени биле други фирми кои ја немале таа привилегија да бидат во блиски релации со власта на еден или друг начин

Поради тоа мислам дека од сето ова што се случува во последно време со и околу РМ посебно на планот на интегрирањето во НАТО пактот и Европската Унија, треба да извлечеме многу корисни поуки и

треба еднаш за секогаш да сфатиме дека вистината по некогаш треба да се прифати, без разлика колку таа по некогаш знае да биде болна и сурова. Во случајов за нас е многу болна и многу сурова дека ние сме далеку во овој случај од тие европски интеграции и од НАТО пактот, без разлика што за тоа велат многубројните дипломати кои доаѓаат во РМ, кои повеќе заради своето добро воспитување се однесуваат на таков начин и наоѓаат секогаш многу убави зборови како тоа да ни го соопштат, а ние ако сме умни треба многу добро да ги сфатиме тие пораки, затоа што еднаш за секогаш треба да расчистиме дека во моментов такви какви што сме и на економски план со оваа тешка економска криза со која се судираме и на политички план со застојот во спроведувањето и на економските и на политичките реформи не сме ниту за во Европската Унија ниту за во НАТО пактот. Тоа нема да бидеме, претпоставувам ни за следната деценија и заради тоа мислам дека сите политички партии кои нешто значат во РМ треба да сфатат дека од една страна како политика треба да се форсира и тоа не е воопшто спорно асоцирањето и во НАТО пактот и во Европската Унија, меѓутоа дека главниот акцент треба да се стави на спроведувањето на економските и политичките реформи во Република Македонија, дека таа е полето каде што треба да ги за- сукаме ракавите, да има многу поголем просперитет отколку досега во Република Македонија и за неа како држава и за сите граѓани во неа, а сите овие други работи доколку тоа го направиме, ќе дојдат сами по себе како логичен резултат и логичен след на настаните.

Во случајов такви какви што сме не верувам дека по ниеден основ можеме да ги исполниме стандардите ако сакате и за во НАТО пактот, дури и ако не викнат треба да го поставиме многу логичното прашање дали Македонија има средства и ако ги има, дали треба да ги насочи кон вооружување на армијата и прилагодување на сите тие неопходни

стандарди за влегување во НАТО пактот или тие пари е попаметно да го вложи во економската сфера за да може да дојде до побрзо заздравување на стопанството и до динамизирање на вкупните реформи во Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, господине министре, дами и господа пратеници, јас пак сакам да потсетам оти имаме сигурно за оваа година најважна точка, оваа сега што е. Толку сме свесни за тоа, тоа е колку вредиме, толку и сме свесни, се разбира. Меѓутоа, доведени сме во една ситуација така да одиме сега и никако не треба да се колебаме околу тоа дали да се донесат сега овие два закона. Сигурно е дека законите треба да се донесат. Ја сакам само да ви кажам дека граѓаните на Македонија и македонската држава не заслужува ваква позиција каква им е наменета сега во оваа меѓународна констатација која се случи. Сакам да го истакнам сознанието дека странскиот фактор не е присутен, ние сме една од земјите која што имаше можеби најмногу развиени за нас, ако се земе се што од видот помош и поволни кредити за реструктуирање, поволни, по глава на жител добила Република Македонија, или сме во оние кои што најмногу добила или земја која што најмногу добила, или сме при врвот.

Според тоа, јас не наоѓам некои суштински проблеми во односот на Светската заедница према нас. Јас зборувам за тоа како ние сами на себе можеме да си бидеме виновни за нашата ситуација, за она што ни се случува и како ако е можно понатаму да не правиме така, да не бидеме виновни и да не ни се случуваат такви работи. Заради тоа јас овде сега сакам да го укажам.

XVI/6.-

Ова што го зборуваше господинот министер Ханџиски, јас го сфаќам, и оваа моја забелешка и критички тон не се однесува на него, тој скоро до]де таму во овој месец дена тој не може чудо да направи , меѓутоа, она што го викам јас останува како факт кога ние укажуваме, видете, ние да почнеме околу тоа, 1990 година или 19 89 година никој не почнал реформи и господинот министер веројатно е свесен дека никој не почнал■реформи. Реформите почнаа нешто подоцна. Ние кога ги почнавме реформите некои имаа спогодби, тогаш правеа спогодби за асоцијација, им ги дадоа, ама ако они не успеале, зошто нас да не ни дадат. Не може за нивниот неуспех да им остане асоцијацијата, а нам не ни даваат. Нас ќе не казнат за тоа.

Ние реформите ги почнавме кога ги почна Словенија, заедно со неа, на ист ден, на исти состанок на Бордот на ММФ исти момент станавме член на Фондот. Заедно динамички ги правевме сите потези што мислевме дека сме убедени внатре и надвор. Имавме ние една околност непосредна од блокади, па тие имаа и војна. Во секој случај нас до почетокот на 1996 година не не делеа од Словенија и секаде во сите соопштенија на Европската Унија ќе ги видите врските, ќе видите оти односот беше начелно ист. Може со егзактна точност да се забележи кога е пресвртот направен и можеше тогаш да се направи нешто. Јас кога викам зад грбот се работат некои работи, се разбира, јас зборувам за тоа да по вакви клучни прашања во Македонија не постои никаква врска меѓу владеачката партија, Владата и опозицијата. И единствено под име на Владата и на владеачката партија ни по чија друга вина, дававме иницијативи по клучните прашања да се седне да се разговара, кога ќе кажеме, кога ќе покренеме иницијатива се излегува со оценка дека вие сте државотворна партија, се излегува со оценка дека го држите клучот на решенијата во меѓунационалните односи, никој друг нема ништо. Со таков став ја онеспособувате РМ да може да ги искористи сите

сили со кои располага, па кога ќе кажам дека навистина е најлоша спогодбата што ни ја наместија, што дојде до неа, а тоа е заради внатрешната состојба во Македонија, не заради тоа што тие се лоши кон нас. Потпретседател на Влада , во Собрание и надвор, на телевизиските екрани тврдеше дека е најдобра, заправо најдобра спогодба, што заклучила Европската заедница со земјите во транзиција.

Јас велам, сега сите знаеме дека не е најдобра. Членот 45 овде го видов, иако спогодбата е на повеќе од 200 страници. Тој вели, кога ќе се поправите, ќе разговараме за асоцијација. Асоцијацијата веќе ја имаат другите и си одат напред, ништо друго не значи. Точно е тоа кажување на г-динот Ханџиски дека нема прескокнување на фази во Европската заедница. А тоа , кога нас денес би не повикале, да влеземе во Европската заедница, сигурно би имало големи проблеми. Значи ќе ја направат АГЕНДАТА и ќе ти дадат рок на приспособување, ќе предвидат со што треба да ти помогнат и ќе ја изведат постапката како што ја извлекоа Португалија, која беше скоро на ова ниво, како што ја извлекоа Шпанија која беше нешто поразвиена итн., па и Грција.

Според тоа, многу е лош односот што денес се манифестира. Се е направено одлично и се е одлично и се ќе биде одлично. Јас морам да ви кажам, го спомнав поразот, а пораз е ова, поразот има едно корисно дејство само во случај ако не отрезни. Ако не отрезни, па да го измениме стилот, ја измениме политиката, го измениме односот Се покажа дека на тој начин анализите на кои се потпираат тие оценки што се даваа за најдобра спогодба, за тоа дека малку е налудничава оценката дека нашата спогодба е најлоша итн., зад такви оценки не стоеле некои анализи и добри политички промислувања, туку кафеански анализи, од

тој карактер, па затоа упаѓаме во ова во кое упаѓаме. И покрај сите прекршувања на постапката овде, процедурата, да го уважиме ова, оваа молба да ја уважиме на министерот да се донесат денес овие закони, но мораме да си ја промислиме ние иднината. Остануваме како една од земјите за чија иднина уште нема извесност и тоа е факт. Ако тоа го занемарувате, лошо ќе направиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа и министри и пратеници, нема да се јавев за дискусија, меѓутоа, ме поттикна веќе една дилема која ја слушнав од страна на координаторот на Либерално-демократската партија, кој што лично сега би сакал да го запрашам, дали тоа беше негово лично мислење или став на Либерално-демократската партија.

Имено, ако дозволите да ве парафразирам, вие рековте дека во актуелните економски услови подобро е да се инвестира во стопанството, отколку во наоружувањето, односно евентуалното приближување кон Северно-атланската алијанса. Дали со тоа мислите, дали вашата пратеничка група влезе во некоја дилема во однос на приближувањето на Македонија кон НАТО или тоа е ваше лично мислење.

XVII/1.-JM/OM

**НАНО РУЖИН:** (Продолжение)

Бидејќи од досегашните веројатно вашите сознанија за проширувањето на НАТО и за зачленувањето на земјите во НАТО не треба да се сведат само на военото наоружување, туку проширувањето на НАТО во земјите на источна и југоисточна Европа се претпоставува еден прогрес и на економски план и на демократски план и т.н. Да се биде членка на НАТО значи утрешните инвеститори ќе имаат многу поголема доверба во таа земја членка на НАТО. И затоа ме зачуди Вашата констатација.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Јас да кажам дека не се јавувам за збор за да влезам во полемиките кои мене симпатично ми делуваат, затоа што во парламентот се изгуби малку тонот на различни размислувања во последно време.

Јас сакам накратко да кажам едно свое видување во врска со ситуацијата која ја имаме денес на дневен ред. Јас , еве нека звучи и охрабрувачки се согласувам со тоа што г-динот Андов го кажа иако во нашата соработка во овие 6, 7 години често не сме се сложувале, дека ова е една од многу значајните , ако не и најзначајна точка на дневниот ред во последниве неколку месеци, или година како што кажа тој од повеќе причини. Тоа е една активност која прво е круна било како сфатено на повеќегодишни политички усилби на сите политички субјекти и државни органи во Република Македонија, па дури ако сакаме и од историски аспект да погледнеме, ова е момент се разбира со конечната промена на ратификационите документи од двете страни кога ние ќе ја вратиме нашата соработка со Европската унија на едно ниво кое е објективно пред дваесетина години и припаѓаше на Македонија, петнаесетина година, дваесет, имајќи предвид дека поранешната држава

XVII/2.-

во која живеевме чиј активен чинител бевме и ние имаше одамна потпишано спогодба за соработка со Европската унија, па дури мислам дека и прва, не сум убеден, меѓутоа мислам дека беше и прва во тоа време социјалистичка држава која имаше спогодба со Европската унија за да при крајот на постоењето завршиме со асоцијативна спогодба со Европската унија во времето кога сегашните пост-комунистички држави почнаа да го одат патот кон прилагодување на економијата, потпишување на спогодби со еволутивни клаузули, па некои од нив во овој момент завршуваат веќе не само со асоцијативно членство, туку и со почеток на разговори за приклучување кон Унијата. Без разлика тоа е многу охрабрувачка вест не само за нив, туку за целиот блок на поранешни социјалистички држави дека нивниот пат кон Унијата се отвара и тој потег на ЕУ треба да биде поздравен од нас без разлика што ние не сме поканети во првата група на земји кои го отпочнаа разговорот. Меѓу треба да не охрабри фактот дека ЕУ покажа волја да ги отвори своите врати за поранешните држави од социјалистичките системи, се разбира со еден процес кој објективно ние не можеме да бараме да биде краток, туку обратно, тој самиот по себе инсистира да биде долг, за некои земји макотрпен и болен. Зошто нашата така да кажам не само овој парламент, туку и пошироко во државата едногласно е изразена желба за приклучување на Унијата како некаква далечна стратегиска определба е битна. Затоа што едноставно веќе е сосема јасно дека на Европскиот континент просперитетот на државите, особено на државите како нашата ќе биде загрозен доколку не се приклучува, денеска зборуваме за Унијата, меѓутоа на колективните системи на соработка овој пат на Унијата зборуваме која нели знаеме веќе не е само економска форма на соработка, туку едно здружување на државите кои ги надминува сферите на економската соработка.

Најбитно е подржувајќи ја денеска оваа спогодба ние да ја изразиме волјата. Зошто го зборувам ова? Затоа што јас сум убеден дека

и досега во нашата држава и во овој парламент многу малку даваме внимание на тоа како се прилагодуваме кон стандардите на ЕУ. Нека не ми замерат нашите колеги од Владата, или од парламентот, меѓутоа ние имаме секојдневно, па дури и на денешната седница многу закони за кои од Владата ниту формално не добиваме образложение дека се закони со кои ние го прилагодуваме нашиот систем на системот кој владее во ЕУ. А за разлика на тоа ние упорно сме бомбардирани со аргументација дека ММФ и Светската банка се оние чии системи, односно чии мисловни конструкции и идеи ги прифаќаме во нашето законодавство. И сега нормално би се поставило прашањето дали тука има некаква разлика. Видете јас преметувам разлика дури и во излагањата тука. Ако ги забележавте од денешната седница овие неколку пратеници и министерот што се изјаснија и тие употребуваат различна терминологија. Каде ние со оваа спогодба тендираме. На пример г-динот Андов употреби една конструкција евроат- ланска организација или тендирање кон интеграција во евроатланските структури. Други употребија европски структури. Некој употребуваат евроатлански. Тоа може да се подбива под исти именител меѓутоа не нужно. Знаете има разлика што е европска структура, што е евроатланска структура, што е северно атлантска структура . Ние тие дефиниции и тие наши размислувања за ваквиот вид на интеграции, јас мислам дека не треба паушално да ги гледаме. За мене има големо значење дека еден пратеник, или еден министер кажува европска, еден кажува евроатланска друг кажува евроатланска. Секој од тоа има нијанси. Дури и во ЕУ во нејзината евроатланска ориентација, зборувам унијата, како унија има своја евроатланска ориентација, меѓутоа има и своја цврста европска ориентација во некои сфери. И ние и тоа прашање кое треба да се дискутира и на кое ние не мора формално да застанеме на една позиција. Тука ние мораме да размислуваме во таа насока, не само од аспект на прилагодувањето во безбедносните системи. Европската Унија вгради и безбедносни системи

кои се во рамките на евроатланските, кои се рамки на северноатланските, меѓутоа кои се и европски структури.

Сега да се вратам на она што сакав да го кажам. Оваа спогодба за нас треба да претставува убеден сум и еден камен меѓник каде што ние се почесто ќе слушаме од страна на владините министри образложенија по закони дека соодветниот закон кој го носиме има такви и такви ориентации или такви и такви за нас во овој момент неприфатливи системски решенија само заради тоа што со него се прилагодуваме на законодавството на унијата, без разлика дали е тоа законодавството на унијата како Унија, или на поединечните законодавства на петнаесетте во моментот држави членки на Унијата. Јас искрено кажувам дека мене многу повеќе таквата ориентација би ме радувала кога ќе ја слушнеме од министрите дека на пример денешниот закон за вработување не е таков заради тоа што ММФ не уценува со некаков кредит од безначајни 30,40 милиони долар за да го донесеме, туку дека таквиот закон базира на политиката на вработување, на социјалната политика од Мастрих, од Европската унија, од земјите членки, па и таа политика не е еднаш за секогаш дадена и таа еволуира. Меѓутоа нашиот процес постапен на прилагодување треба да отпочне. Јас се сложувам тука и со г-динот Андов и со г-динот Ханџиски дека таканаречените , може грдо да звучи, така наречените домашни работи пред, за време и после оваа спогодба се многу поголемиот дел од нашите задачи онолку задачите на директната соработка со ЕУ, крстете ја таа финансиска , трговска, сообраќајна . Таа секогаш ќе остане во доменот на два партнери кои соработуваат трговски. Знаете трговската соработка е најстарата, меѓутоа и најпримитивната форма на економска соработка во светот историски, временски, територијално. Тоа е едноставно трговска соработка на размена на пари и стоки. Меѓутоа нашата тенденција треба да биде таа соработка да се проширува на друг план. Ние со унијата

се разбира дека оваа спогодба ќе ја  потпишеме, меѓутоа ништо не решава спогодбата. Јас сум убеден во спогодбата да има и појака еволутивна клаузула од спогодбите дури и со овие асоцијативни членки кои се поканети затоа што прашањето е на еволутивната клаузула не дали ќе влезе во спогодбата, туку во кој домен ќе се реализира еволутивната клаузула. Еволутивна клаузула 1997 година ние можеме да ратификуваме, меѓутоа ќе биде проблем ако ние во 2017 година констатираме дека за нас сеуште евулутивната клаузула не се активира, а зошто не се активира? Заради тоа што не ги исполнуваме критериумите на европската унија. ЕУ веќе се бави со критериумите не само за сопствените членови и тие не се еднаш аз секогаш дадени. ние и тоа мора да го сфатиме. ЕУ има 15 членови, меѓутоа во монетарната унија 1999, за година, две ќе влезат многу малку, нема можеби ни половината да влезат. И тоа ќе ја раслојува унијата внатре.'Значи напорот на постојните членки што вика министерот полноправно членство не е еднаш за секогаш дадено. Тоа е моментална ситуација. Кој нема да успее да има критериум процент на буџетски дефицит од ЏНП помал од 3% нема да влезе во монетарната унија, кој не може технолошки да се развива во насока на нивните програми Еурека и т.н. не може во технолошките системи на Унијата да учествува, во комуникациските, во информационите системи нема да учествува. И на крај членството само по себе може да остане фигуративно доколку тој не може да учествува на пазарот ако не ги развива своите финансиски инструмент ако не ја зголемува својата трговија, ако не е рамноправен само за екс номскиот дел, ако не може да влијае на заедничката надворешна политика на Унијата, ако не може финансиски да ја следи, ако не може аграрната политика да ја среди, ако почнува да ствара бариери , ако не може миграционата политика, ако не може пасошката, визната политика, да не набројуваме до каде се протега ЕУ.,

сообраќаната политика на ЕУ. Политиката кон трети земји, односите со трети земји. Сакам да кажам дека и државите членки на ЕУ се членки во моментот , а нивното суштинско членство з виси од нив, меѓутоа уште повеќе зависи приклучувањето од другите земји како нас. Ние не можеме да го следиме патот на неколку држави од источна Европа, јас сум убеден. Нашите стапки на невработеност се радикална различни од нивните, нашите стапки на економски пораст се негативни за разлика од некои стапки кои ги претполага Унијата дека мора да бидат во позитивна сфера, нашите стапки на инфлација се ниски, меѓутоа и ние се плашиме дека можат да се активираат на еден многу посупериорен начин на сегашните. Нели имавме сега еден потрес за кој дури и гувернерот и министерот тука не уверуваа дека ова е сега и веќе ќе ја држиме цврсто структурата на денарот итн., нема да дозволиме меѓутоа знаете тоа уверување лебди во воздух. Сакам да укажам дека ние со ратификацијата на спогодбата пред се треба да изразиме една политичка волја, меѓутоа не само вербално. Јас очекувам од страна на Владата да го видиме тоа дека министерот за здравство кого сега случајно го гледам идниот закон за здравство нема да ни го образлага заради тоа што чекаме кредит до Светската банка за реструктуирање на здравството и дека ако не го направиме овој закон нема да дојде тој кредит. Туку ќе го добијам законот за кој образложението ќе биде ова, значи приближување кон стандардите на здравствената политика на ЕУ таква каква што е, толку колку што е заедничка, или министерот за земјоделие ќе ни ги приближува законите за вода, за шумарство кои се на оваа седница кон структурата на законите соодветни таму. Ние не можеме да размислуваме за ЕУ кога Владата законот аз денационализација не ни го пушта уште во процедура. Знаете како, јас Ве уверувам дека оправдување за сите чекор можеме да најдеме секогаш, знаете, како што и сега министерот Ханџиски најде

оправдување зошто баш сега го добивме материјалот во 12, 00 и мора да го гледаме сега. Јас го разбирам оправдувањето, меѓутоа затоа енам извинување. Таа спогодба можевме да ја добиеме ние каком атеријал во мај, а само кога ќе влезе на дневен ред да биде и да не не начека неспремни објективно кажано. Така што оваа спогодба би требало да ја гледаме и од овој аспект и тоа ќе биде долгорочен процес. Ние ќе треба технолошки и за се ова што зборував да се прилагодуваме, уште и да сфатиме дека еднаш за секогаш државата и покрај сега јасно изразената волја на сите политички субјекти не е секогаш сигурна. Да појдеме сам< од нашето соседство, три од нашите четири соседи во последните 4 годи- ни имаат политика на приближување кон ЕУ која има неконстантно движење едниот сосед се приближи, па се оддалечи на изборите, па пак се приближува, другиот сосед заради други внатрешни причини се подалеку е, третиот сосед уште не изразил ни политичка волја за посериозна соработка ниту со институции кои се чекална во ЕУ, Советот на Европа и да не зборуваме за други. Јас Ве уверувам дека ние на пример има спогодби од Советот на Европа како што е социјалната повелба , ако ние неа не ја проучиме доволно па да ја потпишеме, па да влеземе во фаза на ратификација, тоа прилагодување ан социјалното законодавство што под- разбира работни односи и се друго, па понатаму следува ЕУ. Така што овој процес сакам да укажам на следново дека има и објективни има и субјективни елементи кои треба да се исполнат. За објективните нели условно кажано се дадени до Господ и на нив тешко ќе влијаеме, а тоа е положбата што ја имаме , историските услови низ кои поминала Македонија, цивилизациските, културните и другите разлики со сегашните држави од ЕУ кои би требало во еден догледен период поинаку да се прилагодуваат. Меѓутоа имаме субјективни фактори кои не можат да неоправдат ние да бараме сега еволутивна клаузула од Унијата, не сакам да се ставам во улога на некаков апологет на било кои изнесени видувања од оваа говорница , меѓутоа, ние не можеме да

бараме од Унијата сега брзо, брзо еволутивна спогодба и брзо, брзо асоцијативен статус , ние немаме развиено пазар на капитал, ние финансиски инструменти немаме развиено во нашата држава. Веќе ќе знам читавте во "Нова Македонија" имаше еден прекрасен напис во неделниот избор за еден британски новинар кој добил од својата редакција 2 илјади фунти, или долари, бил пратен во Македонија да купи акции за 2 илјади долари таму каде што ќе реши на нашата берза. Низ што се поминал тој кога дошол на нашата берза, дека таа работи 2 дена во неделата , дека нема кој да му помогне што да каже, дека влегол во салон за автомобили пред да влезе до берзата, замислете берза,а во подножјето салон за автомобили. Тоа е објективната слика за нас. Ние немаме берза на капитал, финансиска берза немаме. Во Унијата има берза 30 0 години. Сега ние нема истиот пат да го поминуваме, ќе го поминуваме многу успорен и различен и ќе го убрзуваем, меѓутоа тој факт веќе не е објективен од наш аспект, тој е субјективен . Со такво старт беа и некои други држави кои берзи функционираат. Законодавствата работни на некои држави се идентични со ЕУ. Ние можевме сами тоа да го направиме. Не носат тие државни закони кои се прилагодуваат на барањата на монетарниот фонд со цел респект кон оваа меѓународна институција зошто тие се само со дневна политика, за курсот на денарот за отплата на девизните долгови на РМ и стабилноста на платниот биланс. Тие не навлегуваат во системот, во структурата за прилагодување долго- рочно како што Унијата го прави, па прилагодување не само на системот на политиката на државата кон макроекономската политика на Унијата кој произлегува од нивниот систем. Сакам само да укажам на следново, ние очигледно нема да имаме ист пат како државите членки на Унијата, ниту пак ќе имаме ист пат како државите кои не изгубија 5,6 години од причини што г-динот Ханџиски ги зборуваше овде. Ние влеговме во една и заради објективни

меѓутоа и заради субјективни причини и тоа треба да го кажеме од оваа говорница и заради субјективни причини и тоа не само во последнава година, две. Субјективни причини од 1990 година до денес во сите влади на Македонија и во сите состави на парламентот субјективни причини кои не не доближуваат со темпото кое од нас се очекуваше во државата , или со темпото кое го продуцираа останатите источно европски држави. Ние не можеме да бараме да одиме со темпото на Норвешка, Финска и Австрија, па тие едни се вклучија, едни не се вклучија меѓутоа темпото на поранешните источни држави можевме да го одржуваме Јас лично мислам дкеа не го одржувавме. Ние едноставно имавме празен од во прилагодувањето на системот, во прилагодувањето на политиката, во прилагодувањето на начинот на размислување. Да не навлегуваме во сферите за кои имаше и објективни, отежнителни, или олеснителни околности. Така што би сакал оваа седница и оваа ратификација покрај другото да даде и еден импулс на нашата Влада и на нашето Собрание де од сега натаму навлегувајќи формално во овој пат, а не само политички

Неформално ние треба на многу поинаков начин да го прилагодуваме нашето законодавство и нашата политика. И тоа ќе биде веројатно болно од аспект на отплаќањето на странските кредити и од аспект на барањето ММФ и Светска банка, меѓутоа ние можеме да подготвиме една стратегија за прилагодување по Унијата краткорочни, среднорочни основи за таа стратегија, да ја понудиме и на ММФ да ги кажеме нашите приоритети и да кажеме дека сите нивни предлози ќе ги гледаме низ призмата на таа стратегија, што на долг рок да прифаќаме, што на среден рок, што не можеме од причини зацртани.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ: (**продолжение)

Да се види една програма за која што се има разбирање. Инаку ние ќе лутаме цело време помеѓу барањето на овие институции да прилагодуваме закони и мерки на економска политика кои ќе обезбедат враќање на кредитите од една страна и од друга страна прилагодување на законодавството на некои други критериуми на Европската Унија кои не нужно не доведуваат во позиција да ги враќаме кредитите, меѓутоа не доведуваат во една поинаква политичка ситуација.

Се разбира, тука завршувам, логично произлезено од ова давајќи поддршка на спогодбата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Коцевски бара реплика.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Би .сакал да бидам широкоград и интервенцијата на г-динот Нано Ружин да ја сфатам добронамерно, а не како провокација, затоа што верувам дека или не слушал, и ако слушал не ме разбрал доволно, затоа што и сето тоа што го кажа во ниеден момент не ставив никаков знак на прашање околу интенцијата не само моја лична на мојата пратеничка група на ЛДП, туку и на сите политички партии во Македонија без разлика дали се во позиција и опозиција околу стремежите за влегување и во Европската Унија и во НАТО пактот.

Едноставно сакав да кажам дека треба на реалноста, без разлика колку е сурова, да гледаме со отворени очи како на една болна вистина, а фактите кои скоро се случија зборуваат дека во НАТО пактот се поканети во 199 9 година со полно правно членство да се приклучат три држави од поранешниот Социјалистички блок (Полска, Унгарија и Чешка) а во чекалната до 2005 година останаа да чекаат Словенија и Романија. Што значи дека од влегувањето на Македонија, барем до 2005 година, освен ако нешто ептен не напреднеме нема никаква надеж. Во таа смисла го поставив во смисла на прашална форма прашањето дали во

овој момент Македонија доколку има такви услови би инвестирала повеќе во заживување на економијата, затоа што поаѓаме од фактот дека за влегување во НАТО пактот, а такви какви што сме сега со тој степен на вооруженост и опременост и достигнатите стандарди во армијата на РМ , вкупниот безбедносен систем неопходни се огромни финансиски средства за достигнување на тие стандарди. Затоа апелирав кон тоа топката да ја вратиме на домашен план, затоа што нашето влегување во НАТО пактот и во Европската Унија не зависи од нас, од нашата силна желба и добра волја и од тоа колку ние многу сакаме да се приклучиме таму, туку пред се зависи од вкупните економски и политички состојби во Македонија, затоа што силината на дипломатијата и воопшто меѓународната позиција на РМ на вкупен план, па и на воен план не зависи само од географската и геополитичката положба на РМ, достигнатите стандарди, туку зависи пред се од состојбите на економски план на државата, од нејзината економска моќ, достигнатите човекови права и воопшто политичката состојба во државата. Во таа смисла го поставив прашањето дека би требало повеќе да се свртиме на внатрешен план , да направиме се што можеме без разлика дали сме во позиција или во опозиција, Македонија што поскоро да излезе од оваа тешка економска криза, а по многу параметри се наоѓаме во дното не само во Европа, туку и во светот. Земете ги параметрите и по ризикот за инвестирање во Македонија и по стапката на невработеност, која е најголема можеби и во светот, а не само во Европа.

Во таа смисла, доколку тие проблеми успееме побрзо да ги разрешиме, до колку Македонија излезе од оваа економска криза, доколку многу напредува со политичките реформи самото влегување во НАТО пактот и во Европската Унија, без разлика на нашата силна желба ќе биде многу побрзо и многу пореално отколку тоа што денес го мислиме.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Основната причина што се јавува по оваа точка е излагањето на колегата Никола Поповски околу расчистување на некои дилеми, посебно констатацијата што ја кажа по втората или третата реченица од неговото излагање.

Имено, потпишувањето на спогодбата со Европската Унија, РМ и самиот чин на потпишување рече дека е круна на повеќегодишните напори и усилби на сите политички субјекти во РМ. Сметам дека одредени настани, случување години наназад, одредени активности не одат токму во правец на оној консензус што политичките партии го имаат кон асоцирање на РМ према асоцирањето во европските интеграции и членство во европските интеграции па да ја расчистиме таа дилема.

Мислам дека треба колегата Поповски да го потврди или да го негира она што мислам дека го кажа дословно "потпишувањето на спогодба е по усилби на сите политички субјекти во РМ", што сметам и лично не се согласувам со тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ :**

Молам дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес по законот и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на член 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Молам кој бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака? ( 65 пратеници)

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на спогодбата меѓу РМ и Европската заедница.

Бидејќи дами и господа пратеници се согласивме дека е ова еден од најзначајните проекти што го усвои ова Собрание во поновата наша историја предлагам да го поздравиме со аплауз. (аплауз)

Минуваме на точката девет - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу РМ и Европската заедница во областа на сообраќајот со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу РМ и Европската заедница во областа на сообраќајот.

Кој е за молам да крене рака?(67 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Симјановски

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Навистина морам да искажам критика кон овие колеги пратенци кои со исвиркување ме испратија по моето излегување од моето место каде што седам. Точно дека работиме цел ден, заморот е тука, но и значењето на овие два законски проекта, каде претходниот го поздравивме со ракоплескање треба на адекватен начин и третман да имаме и кон овој законски проект, бидејќи навистина ако првиот законски проект, онаа глобална рамка, стратешка рамка во спогодувањата помеѓу РМ и Европската Унија, ова е еден така суштински знатно помал законски проект и одредени проектни задачи кои во него се зацртани, а кои и тоа како значајни во однос на отворањето на слободната комуникација помеѓу РМ и Европската унија. Токму поради тие причини барам и адекватен пристап од вас колеги пратеници.

Мислам дека овој законски проект е онаа прва задача која Европска унија ни ја зацрта, ни ја даде во однос на тоа како треба да се однесуваме ако сакаме да учествуваме, да не речам, ако сакаме да влеземе во Европа.

Во оваа Спогодба се регулирани повеќе норми и проекции и визи како треба да изгледа инфраструктурата сообраќајна во РМ, пандан на онаа евроазиска, евроатланска сообраќајна инфраструктура. Мислам дека овој законски проект оваа спогодба која е потпишана претставува права лекција од Европската Унија кон РМ како за почеток треба да се однесуваме ко таа Европска унија. Зборува за два аспекти.

XVIII/6

Првата е по однос на инфраструктурата сообраќајна каде децидно е кажано во кои правци Европската унија мисли да финансира на територијата на РМ. По мои длабоки убедувања тоа е оној прав пат по кој, за жал требаше Европската Унија да дојде и да ни каже кои се сето тоа правци кои треба РМ како сообраќајна инфраструктура да бидат изградени. Со тоа комплетно се негира досега водената политика во оваа област. Можеби критиките од оваа говорница, искажани од мене по однос на политиката сообраќајна, на СИЗ-от за патишта, па во поново време Фондот за патишта требаше Европската унија да ги потврди. Можеби нивото на размислувања, визии, проекции кои од тука беа искажани не беа достапни за нашата извршна власт, па требаше она што јас лично како претставник прво на ЛП, па сега ЛД ги истакнувам, ги зацртувам требаше Европската унија тоа да го потврди.

Вториот аспект се нормите кои ги зацртува и ги има Европа во овој момент, кои владеат на нејзината територија за да можат ваквите превозни средства да се движат по истата.

Гледано од безбедносен аспект, гледано од еколошки аспект, гледано од безбедносен аспект по однос на заштита и осигурување на продуктите кои се транспортираат. Мислам дека РМ и овој испит досега не го положи водејќи една страшно погрешна политика како по однос на фискалните давачки зацртани по однос на предвидени за увозот на превозни средства во РМ , по однос на години на старост и по однос на перформанси кои требаше досега да ги задоволуваат. Мислам дека последните неколку месеци тие критериуми, после потпишувањето на оваа Спогодба веќе се применуваат, но она што е изгубено во последните 5-6 години во бројка изнесува. Од распаѓањето т.е. од формирање на РМ како држава, благодарение на санкциите кон СР Југославија возниот парк порасна за од прилика 3000-3500 возни единици кои интервентно беа увезени во РМ. Тоа изнесува во бројка, изнесува околу 300 милиони ДЕМ.

Тие пари се извлечени од нашите граѓани. Следејќи ги овие норми кои сега се зацртани, кон кои РМ се приклучува се укажува на тоа да од овие возни 7500 единици кои задоволуваат овие норми во овој Македонија има отприлика од 150 до 200 возни единици. А тоа претставува неполни 5%. Се она останато после 1.1.1998 година не ќе може да оди во Европската Унија. Ќе треба РМ повторно во наредните преговори, кои се зацртани и со оваа спогодба дека ќе треба да се водат повторно на индиректен начин да ги побара овие средства, но сега во однос на кредитен однос кој ќе треба Европската Унија да ги додели на Македонија да го возобнови својот возен парк. Навистина уште една катастрофална грешка која РМ скапо ќе ја чини. Но и влезот во Европа не треба да заборавиме дека си има своја цена која допрва ќе ја осеќаме. За воздушниот сообраќај има само неколку членови. За него допрва ќе се разговара. Проблемите кои тука стојат мислам дека е преурането сега да се дискутира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор?

Збор г-дин Ханџиски, министер за надворешни работи.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, само една минута, ова не е полемика воопшто да ги предизвикам, меѓутоа, со оглед на тоа што се спомнуваат факти, споредби итн., сакам да укажам само на една работа.

Ова не е текст на Спогодба кој што е креиран од Европската текст на спогодба до кој што се дојде за време на предлози на РМ и токму делот кој што го третира прашањето за приоритетите на сообраќајната инфраструктура е предлог за кој што РМ се избори да влезе во текстот на Спогодбата. Тоа зборува спротивно од она што беше кажано на оваа

говорница дека некој друг ни покажал кои се приоритетите во изградбата на сообраќајна инфраструктура во земјата. Според тоа сакам да укажам на процедурата низ која што е дојдено до ваков текст на Спогодбата, не оценувајќи ја ни дали е исклучително добра, ниту дали е исклучително лоша. Спогодбата е резултат на максималните напори да се обезбедат националните интерес на оваа држава на полето на економијата , во овој случај на полето на транспортот и да се подигне нивото на односите на државата со Европска Унија и на ова поле.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем, поднесе амандман на член 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Господин Андов има збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, да не направиме пак некоја збрка Мислам дека оној амандман на првиот закон и овде треба да биде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е тука, каде е?

**ТИТО ПЕТКОВСКН:**

Тој амандман е.

**СТОЈАН АНДОБ:**

Тој е на Комисијата за надворешна политика. Добро, да влезе во стенографските белешки кој е амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, по истиот амандман,

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на член 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Шеесет и еден (61) пратеник гласаше за.

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската Заедница во областа на сообраќајот.

Дами и господа пратеници, работиме веќе осум и пол часа

Предлагам овде да застанеме и да продолжиме утре во 11,00 часот по десеттата точка.

(седницата прекина во 20,45 часот).